СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

Од продолжението на Осумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 април 1998 година

Скопје, април 1998 година

**I ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 88-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 9 АПРИЛ 1998 ГОДИНА**

Дневен ред: с1 – продолжен
- Интерпелација на министерството за
стопанство, Борис Рикаловски -

Дискутанти:

1. АНДОВ СТОЈАН - 90, 94, 118, 119, 121
2. БОГДАНОВСКИ СЛОБОДАН - 31
3. ДИМОВ ЛАЗАР - 52
4. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 61, 67, 69, 124
5. КРСТЕВСКИ ЗОРАН - 22, 27, 111, 129, 152
6. ЛАЗАРОВ ЈОВАН - 46
7. МЕШКОВ ЉУПЧО - 1, 138
8. МИНОВ ПАНЧО - 38, 42, 139
9. МУРАТИ ЏЕЛАДИН – 52 (води седница)

10 НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 113

11. НАУМОВСКИ ВАНЕ - 57
12. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1 (води седн.)
13. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР - 133, 135
14. ПОПОВСКИ Г. НИКОЛА - 401, 113, 120
15. ПЕЦОВ МИРКО - 110, 111
16. РИКАЛОВСКИ БОРИС - 84, 85
17. РАМАДАНИ ХИСЕН - 70
18. РУЖИН НАНО - 122
19. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 125, 128, 131
20. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 1, 12, 70, 116
21. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ – 78
22. ТРАЈАНОЕСКА НИКОЛИНА – 44
23. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 17, 20, 65, 68, 70
24. ЧИФЛИГАНЕЦ ВАНЧО - 32, 35
25. ФИТИ ТАКИ – 71
26. ШАПУРИЌ ЗОРАН - 47, 51

- продолжува-

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од продолжението на Осумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 април 1998 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г-динот Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 88-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ѓорѓи Атанасов, Димче Настоски, Владимир Соколовски и Исмет Рамадани ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Има збор г-динот Мешков.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани колеги.

На почетокот би сакал да се идентификувам дека јас сум еден од потписниците на интерпелацијата, ова со цел што забелешката на г-динот министер во уводното излагање беше дека смета оти зад потписите се криjат некои други луѓе и јас искрено да кажам лично бев навреден од таквата забелешка и затоа би сакал да кажам дека јас сум еден од потписниците и не се крие никој друг зад потписот во интерпелацијата.

Многумина рекоа дека како што реков од нас се криеле други интереси. Зарем тие луѓе мислат дека е некој толку наивен и ќе поверува дека зад нивните некои оди на радости што беа искажани овде од оваа говорница нема нивни или некои други партиски интереси. Јас мислам дека се што во овој Парламент правиме е некаков интерес само разликата е во тоа дали се работи за личен интерес, дали се работи за интереси на одредена група на луѓе или се работи за интерес на граѓаните на Република Македонија.

Оваа интерпелација јас ја сваќам чисто како еден демократски чин, како едно демократско право што го имаме ние пратениците во овој Парламент и врз база на која интерпелација треба со аргументи што ќе ги изнесеме ние и другата страна да се оцени и да се види дали се во право подносителите на интерпелацијата или не се во право, и во таа насока тука треба секој чин на интерпелацијата да го сфаќаме во таа насока.

Јас ќе се обидам со моето излагање во врска со правниот аспект на прашањето што е предмет на расправата да го убедам г-динот министер и овој Парламент дека постапката водена за изменување на договорот за слободна трговија помеѓу Република Македонија и Република Хрватска не е водена во согласност со постапката предвидена во тој договор и со законот за склучување ратификација и извршување на меѓународните договори. Во последно време се повеќе ја слушавме тезата дека имаме премногу интерпелации на овој Парламент но за жал или за среќа ниту еден министер не си отиде, не беше заменет со друг од што произлегува дека бар во овој мандатен период сме имале добри министри, со видни резултати во областа со која раководат и се разбира добра Влада, а сепак работите во државата не ни одат баш како што треба. Оттука барем мене лично ми се поставува прашањето кои се критериумите за да се каже дека имаме добра или лоша Влада, успешни или неуспешни

министри. Зар во овие четири години немаше барем еден министер кој ќе имаше доблест да признае грешки во работењето иако во некои случаи е очигледно дека има безброј проблеми во областа во која министеруваат. Се извинувам г-дине министре што во оваа прилика ќе кажам дека докажувањето безгрешност во работењето не е ништо друго освен покривање на свои или нечии интереси кои произлегуваат од привилегиите што ги носи вршењето на функцијата. За мојата дискусија за ова по мене извонредно значајно прашање нема негативен набој, не сум мотивиран од никаков профит ниту ме интересираат некакви џентламенски договори мегу некоја привилегирана фирма од Република Македонија и друга од Република Хрватска за што зборуваше министерот во своето уводно обраќање не сум за уништување на Рафинеријата ОКТА како што некои дискутанти сакаат мене и на другите потписници на интерпелацијата да не импутираат, не сум ниту за уништување на МАКПЕТР0Л зашто тие на крајот на краиштата меѓусебно си требаат. Јас сум правник и најмногу од се ме интересира Република Македонија да биде правна држава која ќе ги почитува донесените закони и ќе биде сериозен партнер во меѓународното договарање. Од договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Хрватска што со законот го ратификува овој Парламент а кој е заклучен на 9 мај 1997 година за двете договорни страни произлегуваат обврски кои се задолжителни за нив и од кои најважна е дека двете држави формираат зона на слободна трговија на индустриски и земјоделски прехранбени производи. Оттука нелогична е констатацијата на еден од претходните дискутанти дека слободната трговија е погубна за домашното производство, Ако е тоа така зошто Владата на Република Македонија раководена од насоките што и ги давало Министерството за стопанство заклучило ваков

штетен договор за домашното производство. Зарем требаше рафинеријата ОКТА, како што истакна г-динот Рикаловски да и укажува на Владата дека примената на овој договор може да има

I/4

негативни последици врз домашното производство на нафтени деривати бидејќи Република Хрватска стана единствена земја во која нафтените деривати можеа да се увезуваат без никакви колочински увезувања и ослобедени од сите царински давачки.

Ако го прифатиме ваквото гледање на еден од претходните дискутанти, а тоа го потврди и Владата и Министерството со промената односно воведувањето на режимот ЛБ-7 со измена на договорот за слободна трговија излегува дека Владата и минситерот за стопанство искажуваат несериозност во она што пред само неколку месеци го изградиле како економски интерес на Република Македонија и, се разбира придонеле потписниците на интерпелацијата да се посомневаат дека министерот брани нечиј интерес.

Според моето познавање на оваа материја ваквите договори треба да имаат сериозен третман, а не договорите за избегнување на двојното оданочување кои толку бомбасто се најавуваат во медиумите а со кои сака да се каже дека, ете Владата на РМ има извонредно активна меѓународна активност и соработка. Општо е познато дека со донесувањето на законот за ратификација на овој договор а таков е случајот со сите други договори тие стануваат документи од државен интерес во кој договорна страна не е Владата на РМ туку е Република Македонија.

Согласно со законот за склучување, ратификација и извршување на меѓународните договори Владата на Република Македонија може да склучи вакви договори но во име и на сметка на РМ од што и можат да се разграничат ингеренциите на Владата и на Парламентот во постапката за донесување на овие меѓународни договори. Според членот 18 од истиот закон постапката за изменување се спроведува согласно одредбите кои важат за склучување на начин предвид со тој меѓународен договор. Тоа значи дека Владата на РМ може да прави измени на договорот по своја или

I/5

по иницијатива на Министерството, но истото мора да го ратификува со закон овој Парламент. Во спротивно доаѓаме во ситуација Владата на РМ со свои заклучоци да менува закон што го донел Парламентот на РМ.

Незнам колку на Владата ка РМ и на Министерството за стопанство му биле познати овие правни норми кога на седницата на Владата одржана на 26 јануари 1998 година, имајќи ги предвид нејзините заклучоци од 25-тата седница заклучила:

1. Увозот на нафтени деривати од Република Хрватска да се регулира врз основа на издадени согласности на Министерството за стопанство врз основа на пропишаниот режим ЛБ-7.

2. Копретседателот на македонскиот дел од мешовитата комисија за стопанска соработка меѓу РМ и Република Хрватска да ја извести хрватската страна дека увозот на нафтени деривати од РХ ќе се регулира со издавање на соодветни согласности од Министерството за стопанство и

3. Да се извести царинската управа за овие заклучоци.

На овој начин Владата на Република Македонија врз основа на Предлогот на заклучоците на Министерството за стопанство постапила спротивно на одредбите на договорот кои се однесуваат на постапката за изменување и истото наместо во пропишаната норма го прави со свои заклучоци, а пропишаната форма е дека во случаите кога може да настане сериозна штета или сериозно нарушување засегнатата страна може да воведе соодветни мерки под услови и согласно постапката од член 30, а со овој член решението секогаш се бара во взаемната согласност на двете договорни страни и во рамките на Мешовитата комисија. Притоа, се разбира Парламентот како многу пати досега и овој пат настрана од сите овие збиднувања и наместо да расправа по закон за ратификација за

I/6

измена на договорот расправа само за последиците од ваквите постапки. Ова најповеќе заради тоа што измената е направена еднострано без согласност на другата договорна страна. Ова е јасно констатирано и во информацијата во врска со примената на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Хрватска во делот на увозот на течни горива што Министерството за стопанство ја доставило до Владата во ноември минатата година со која предложило и мерки што Владата целосно ги прифатила.

Во таа информација Министерството за стопанство и укажува на Владата за следното:

Притоа заради избегнување на негативните последици од увозот на нафтени деривати од овој правец од наша страна беше

предложено увозот да се врши со издавање согласности за увоз ЛБ-7 како што е регулиран увозот на нафтените деривати и со другите земји со кои е потпишан договор за слободна трговија. Претставниците на РХ не се сложија со овој предлог и регулирањето на ова прашање предложија да го вршат самите стопански субјекти, а тоа е ИНА-Загреб, ОКТА-Скопје и МАКПЕТРОЛ-Скопје со договор меѓу нив кој би требало да се договори на заеднички состанок во присуство на претставници на надлежните министерства на двете држави.

Имајќи во предвид дека ваков договор тешко може да се постигне дека и натаму продолжува усложнувањето на состојбите односно не доаѓа до стабилизирање на пазарот, а со цел да се овозможат услови за обезбедување на нафтени деривати преку преработка на сурова нафта во рафинеријата ОКТА-Скопје цениме дека треба да се преземат соодветни мерки кои за вакви состојби се предвидуваат во меѓународни спогодби за слободна трговија меѓу двете земји.

I/7

Ова се предложените заклучоци во информацијата од Министе-рството за стопанство што Владата во целост ги прифатила.

Впрочем, за ова и вие г-дине министре во вашето уводно обраќање индиректно го потврдувате тоа преку констатацијата дека во периодот септември 1997 - јануари 1998 година ова прашање седум пати било покренувано пред високи функционери на РХ што значи дека не дошло до взаемна согласност за поведување на овој режим. Се поставува сега прашањето кои можат да бидат

последиците од ваквото еднострано менување на договорот без примена на постапката на законот за склучува ратификација и извршување на меѓународните договори. Секако најважни се рушењето на меѓународниот углед на РМ и девалвирање на РМ како сериозен партнер во меѓународното договарање. Но, во целата оваа постапка имало некој кој размислувал и укажувал дека постапката не се води согласно заклучениот договор. Тоа е царинската управа која со писмо од 14 ноември 1997 година по повод донесените заклучоци на Владата во врска со едностраното воведување на режимот ЛБ-7 ја известува Владата за следното:

Во однос на заклучокот преку увозот на нафтените деривати царинската управа на РМ да го регулира врз основа на издадени соглас- ности на Министерството за стопанство согласно пропишаниот режим ЛБ-7 царинската управа врз основа на договорот за слободна трговија меѓу РМ и РХ укажува на следното:

Согласно членот 7 од Договорот договорните страни во меѓусебната трговија нема да воведуваат никакви нови увозни ограничувања на количини или мерки со ист ефект.

Второ, сите количински ограничувања и мерки со ист ефект при увозот на стоки со потекло од државите договорни странки тие ќе ги укинат на денот на стапувањето во сила на договорот.

I/8

Според овој член а и според толкувањето на Министерството за надворешни работи број 3701 од 7 мај 1997 година увозните режими К и ЛБ-7 нема да се применуваат при увозот на стоки со потекло од Република Хрватска. На тој начин Република Македонија се има обврзано дека сите количински ограничувања

ЛБ-7 при увозот на стоки со потекло од Хрватска нема да се применуваат.

Второ, согласно членот 26 од Спогодбата кога некој производ се увезува во зголемени количини и под такви услови што тоа предизвикува или може да предизвика сериозна штета на домашните производители на слични и непосредно конкуренти производи на територијата на договорната страна на увозот засегнатата договорна страна може да воведе соодветни мерки под услови и согласно постапката на членот 30 на овој договор.

Според овој член кога увозот на некој производ сериозно кее го поремети домашниот пазар договорните страни можат таквата состојба единствено да ја регулираат со меѓусебни консултации на мешовитата комисија.

Членот 30 предвидува дека договорната страна ако има намера да преземе заштитни мерки веднаш за тоа писмено ќе ја извести договорната страна и ќе ги достави сите информации во врска со истото. Договорните страни меѓусебно веднаш ќе се консултираат за да најдат решение во мешовитата комисија. Целокупната постапка за воведување на посебните заштитни мерки е регулирана со членот 30 од Спогодбата при што е предвидено дека сите нови воведени заштитни мерки мораат да бидат одобрени и усогласени во рамките на Мешовитата комисија.

Значи, со ова писмо царинската управа фактички ја предупредува Владата дека нејзините заклучоци фактички се косат со одредбите на договорот.

I/9

Во сето ова на крајот се поставува прашањето дали е повредена постапката и доколку е кој е крив за тоа. Можеби некој

ќе рече јас како потписник на интерпелацијата за што како што можеби и мисли ги бранам интересите на хрватската страна. Во секој случај Парламентот воопшто не е одговорен затоа што тој за ова суштинско прашање воопшто и не расправал.

Исто така, претходните дискутанти укажаа на начинот на кој се избегнува плаќањето на акцизите на нафтените деривати и со тоа се прибавува противправна и имотна корист. Со ваквите постапки најпрво се оштетува Буџетот на Република Македонија од кој се алиментираат голем број на државните органи и на граѓаните на РМ но не треба да ги заборавиме и негативните последици врз Буџетот на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и се разбира со тоа и последиците кои што можат да настанат врз корисниците на пензии.

Имено, како што е познато со законот за акцизите воведена е акциза од преку 11% на нафтените деривати кои што средства се префрлаат на сметка на фондот заради обезбедување навремена исплата на пензиските примања.

Ако се погледаат последните завршни сметки за финансиското работење на фондот ќе се види дека во овој период по основ на акцизи на нафтени деривати од година во година бележат опаѓање, што во услови на ненамалена потрошувачка на бензинот укажува дека се избегнува плаќањето на акцизите. Ако на нас пратениците ни е јасно, а тоа го аргументиравме и со докази кој и на каков начин го прави тоа уште повеќе треба да биде јасно во Министерството за стопанство задолжено за овие работи, се разбира и на пазарните инспекции преку кои се штитат интересите на Буџетот а во случајот индиректно и на Буџетот на фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

Очигледно е дека ова министерство и пазарните инспекции немаат направено многу за разрешувањето на овој проблем. Тие последици се разбира не се баш мали гледано од материјален аспект. Овие интереси бидерќи неплаќањето акцизи во секој случај значи некој интерес некоја против правна и имотна корист, и овие интереси често пати се ставаат и над интересите на државата преку оштетувањето на Буџетот на РМ и се разбира над можеби, интересите на армијата корисници на пензии кои што акцизите на нафтените деривати очекуваат подобрување на ма- теријалната состојба на фондот и се разбира навремена исплата на пензиските примања.

На крајот, мислам дека е крајно време некој во оваа држава мора да почне да одговара за своите постапка или за лошите состојби во областа во која раководи, затоа што на крајот на краиштата секоја функција, па нека е таа и министерска, покрај привилегиите од нејзиното вршење мора да го содржи и ризикот на одговорност пред граѓаните на РМ и пред овој Парламент.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почлитувани колеги, почитувани мини-стри,

Јас накратко во некој сегменти ќе се повторам со господата од Либералната партија, меѓутоа, ќе кажам и некои нови работи. Денес на дневен ред е интеропелација на министерот за стопанство, г-динот Борис Рикаловски, меѓутоа јас мислам дека нема да погрешам ако го изнесам своето мислење дека интерпелацијата можеше и да се прошири и да се однесува и на Владата на РМ, а имајќи ги во предвид сите релеванти факти околу кршењето на законите и штетите кои се нанесени со тоа.

Фактите говорат дека во државата поединци не ги почитуваат или ги кршат законите. Но исто така е факт, а и многу опасно е кога Владата покрај

I/11

другото што е должна да ја штити зако- нитоста самата не ги почитува законите и не ги крши.

Господа пратеници, станува збор за следното. Како што е познато Владата на РМ со својата одлука за воведување царина за увоз на нафтени деривати од Хрватска практично го прекшри договорот за слободна трговија со Хрватска според кое увозот од оваа земја на деривати е слободен. Оваа владина одлука дојде отприлика пред еден месец по одлуката за привремена забрана за увоз на деривати што од хрватската страна беше оквалификувана како едноставно кршење на договорот за слободна трговија меѓу двете земји. Оваа спогодба како што сите знаете е ратификувана во овој висок дом во Парламентот на Македонија со кој чин доби значење на меѓудржавен договор. Меѓудржавните договори можат да се менуваат само во случаи кога мешовитите комисии на двете земји се договорат но промените се исклу- чиво во компетенција на на Парламентот и тој треба да ги ратификува а не Владата. Значи, Владата делува надвор од процедурите, ги крши законите, а водено го одбегнува Парламентот.

II/1 ДВ/ВБ

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:** (продолжение)

Владата, со својата одлука донесена врз основа на енергетските биланси за кои пак е одговорен министерот за стопанство со своите соработници, ги крши основните прокламирани заложби за слободна трговија и уставните одредби на еднаквост на стопанските субјекти.

Определбата за пазарно стопанство, слободна конкуренција и иницијатива, разочарувачки звучат по донесувањето на оваа владина одлука со која еден стопански субјект се штити, а со тоа се рушат сите фундаментални принципи на пазарното стопанство , а не така одамна во текот на месец септември преку медиумите беше презентирана некаква програма, да ја наречеме економска, на партијата која е на власт, која некои новинари ја нарекоа мистериозна, а во која еден сегмент дословно го цитирам, гласи: "СДСМ се заложува за иницирање на активноста за склучување на нови спогодби за слободна трговска размена со земјите во регионот, како инсистирање на нивната доследна примена". Замислете, ако овој цитат добро го проанализирате, ќе видите дека оваа прокламација се крши веднаш откако е донесена. Она е донесена од прилика во април месец во 1997 година, а веднаш потоа се крши.

Господа пратеници на 64-та седница во април 1997 година поставив следно прашање: кои фирми увозници на стоки кои

подлежат на обврски за плаќање на акцизи за нафта, не платиле акцизи за период 1996 и 1997 година. Притоа барам и поединечен список за секоја фирма со посебен износ за која не е платено акцизата.

Исто така тогаш јас наведов и две констатации: првата констатација е дека, или во Министерството за финансии постои општ хаос и дека немаат никаква документација за оние кои треба да ја платат оваа давачка спрема Буџетот односно спрема државата. Втората констатација беше и единствена можна дека Владата ги има тие податоци а не сака да ги

II/2.-

објави, бидејќи сака да заштити одредени фирми или поединци. Значи ова беше речено уште во месец април и месец септември.

На моите поставени прашања во април 1997 година и во септември 1997 година, за истата тема не добив одговор. Значи постоела некаква причина зошто не се одговарало цела година, зошто Владата ги нема тие податоци. Сега, како што е нромално, на пратенички прашања ние не добиваме одговори од министрите и од Владата. Ние добивме сите одговор па и граѓаните на Македонија од владиниот потпарол кој говори дека Владата донесе заклучок при крајот на 1997 година во кој заклучок, со протокол, заклучок на Влада, а пак со протоколот управа за приходи, ОКТА се ослободува од плаќање акцизи во висина од 8 милиони германски марки. Оваа изјава дојде после една година на мое инсистирање и на инсистирање на ЛДП, да се одговори на тоа прашање. Конечно значи со одговорот на потпаролот дојдовме до вистината дека Владата со својот заклучок, го крши законот, прво за акцизните давачки.

Сакам господа пратеници да ве потсетам дека во сите земји во светот со пазарна економија, прикривањето и неплаќањето на данок на државата е кривично дело од прв ранг и е најстрого санкционирано. Вие се сеќавате дека и некои големи ганстери во Америка во 30-тите години беа осудувани на тешки робии за многу мали суми неплатени даноци, или тоа беше причина да бидат затворени а потоа осудени.

Во случајот на ОКТА се работи за огромни суми на пари, акцизи кои требало да се слеат во Буџетот на РМ. Некои податоци пак кажвуаат дека заклучно со 31-12-1996 година околу 14 милиони марки се неплатени акцизи кои Владата со својата одлука односно заклучок го одлагања плаќањето на 24 рати, а за тоа без да се плати денар камата. Значи се дава кредит на 24 години, на рати, на одложено плаќање и тоа без камати.

II/3.-

Ако знаеме дека каматата за вакви побарувања изнесува 0,3%, а тоа многу граѓани го плаќаат, оние обичните луѓе кои се занимаваат со производство на трговија, 0,3% дневно ќе дојдеме до една фрапантна сума колку државата, со неплаќањето на овие давачки, губи. Заправо не губи државата, губиме сите ние граѓаните.

Во март 1998 година е платено од прилика околу една четвр- тина до вооj долг, додека долгот од околу 10,4 милиони марки остана неплатен. Згора на тоа ОКТА веќе има и многу обврски во однос на акцизи кои изнесуваат повеќе милиони германски марки. И да не се во- влеќуваме во бројките кои се огромни, мораме да кажеме дека станува збор за пари кои според

законот, сите ние тоа го знаеме, треба и граѓаните да го знаат дека тие пари според Законот се приход на бу- џетот кој понатаму гиалиментира јавните потреби. Тоа значи тие пари одат во Буџетот кој Буџет треба пак да ги обавува и да ги исплаќа односно од тие пари се алиментира војската, полицијата, пензионерите и сите други. Значи, парите што од граѓаните се земаат преку цената на бензинот и дериватите, ОКТА изигрувајќи не ги уплаќа во Буџетот и со тоа да обезбеди нормално функционирање на здравство, полиција, војска, пензии и друго. Значи се изигрува државата и со парите се работи онака како што се работи. Значи се прикриваат огромна сума на пари кои припаѓаат на Буџетот, а се под плаштот, како што ќе кажат дека се работи за стратешки интерес, за објектот ОКТА, за Република Македонија.

Господа пратеници, во Република Македонија постојат јавни претпријатија кои се од државен интерес и јавни претпријатија кои се од локален интерес. Не постојат стратешки претпријатија како законска одредба.

Изјавата дека ОКТА е стратешки капацитет за Македонија, а е стратешка, по мене, измислица на актуелната власт за да ги покрие

II/4.-

огромните долгови на ОКТА настанати од нерентабилното работење, работење со загуби и дека во овој век не е ништо инвестирано се до ден денес во модернизацијата на технологијата. Така денеска дериватите на ОКТА не се во рамките на европските стандарди туку се многу далеку од нив, со што се придонесува за се поголемо загадување на околината што штетно влијае и на

моторите на автомобилите или на другите средства. За пример, бензин по европски норми кој содржи 0,15 олово, додек во ОКТА се произведува бензин со 0,25%. Значи скоро 3,5 пати повеќе олово во бензините на ОКТА. Дизел горивото по европските стаднарди содржи 0,2% сулфур, додеак дизел горивото на ОКТА е од 07 до 1%.

Морам да кажам дека секој стопански субјект во РМ си ги плаќа законските обврски а не е насочен, како што сакаше да се искриви, против работниците во ОКТА и против самата ОКТА, туку секој во ова пазарно стопанство си ги сноси своите обврски, без разлика за каков стопански субјект се работи. Само во тој случај ќе функционираа сите потсистеми на државата.

Ние во ЛДП се залагаме и имаме решенија за се, а размислуваме и имаме решенија и во однос на Рафинеријата. Нашите решенија се однесуваат во инвестирањето во овој капацитет и неговата техничка технолошка реконструкција и иновација. Сметаме дека Рафинерија треба да работи, не мора да работи рентабилно со производен програм да ги задоволува европските стаднарди. Во таков случај ОКТА нема да биде како што ќе кажат некои стратешки губитник, туку ќе се развие во капацитет кој ќе обезбедува сигурност на вработените и веројатно ќе придонесе за развој на РМ.

На крајот јас морам да го потврдам тоа, веројатно сте прочитале дека и јас сум еден од потписниците, меѓу првите, тоа не значи дека сум

II/5.-

прв меѓу еднаквите што потпишале. Сакам да прокоментирам некои изјави на г-динот министер.

Во неговото излагање беше кажано за џентламенски договор и за слободен увоз без ограничување и дека сето тоа придонело до донесување на оваа фамозна одлука. Јас мислам дека за пазарно сто- панство, за каква оваа држава е прокламирана, ние треба да имаме слободен увоз онаму каде што треба и мислам со одлуката беше дозволено и се увезе количина на деривати, но тоа не беше причина за тоа да не се продадат домашните деривати. На слободниот пазар производите се продаваат и купувачите ги купуваат веројатно по два главни критериуми. Тоа е цената и квалитетот.

За џенталемнскиот договор господа пратеници постојат застапнички права, постојат договори, генерални застапништва. Јас мислам дека секој договор меѓу два партнери, меѓу две држави е нормален и мислам дека тоа ништо не се нарушува.

Сакам исто така да кажам дека во еден дел од излагањето на г-динот министер се рече дека ова е направено со намера да и се помогне на ОКТА да ги реши проблемите со ликвидноста. Јас мислам дека ние како држава и како Влада мораме да имаме еднаков пристап кон сите стопански субјекти кон оваа држава, кон сите поединци. Ние ако ја алиментираме ОКТА, ние тоа требаше да го направиме во ФАС "11 Октомври", можеби требаше да го направиме како што беше спомнато во ЧИК. Можеби требаше да го направиме во илјадници стопански субјекти кои само заради неликвидности, заради немање обртни средства и заради немање на финансиска поддршак се доведоа во таква ситуација во каква се. Ако така се однесувавме, тогаш веројатно немаше да има толку стечајни работници и во Македонија. Многу стопански

субјекти немаше да дојдат до стечај. Зошто ОКТА се става во посебна рамка и под посебни услови се

II/6.-

алиментира. Тоа по мене и по законите на економиката не е исправно. Оваа држава прокламира пазарна економија и односот кон сите субјекти и третирањето на сите субјекти треба да биде еднакво.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани партеници, барањата на ЛДП односно како што народот ја вика Либерално-демократска макпетролска партија за оставка на министерот за сотпанство м-р Борис Рикаловски, затоа што го забранил увозот на нафтени деривати до Хрватска, што инаку го вршеше Скопски Макпетрол, односно компанијата во која газдуваат челниците на ЛДП, нивните деца, сопруги зетови и кој не, не го прифаќам и ќе гласам против ваквото барање.

Како пратеник од селото и аграрот што цел мандат го минав со барање за заштита на домашното производство на храна, со рака на срце, откако се растури бракот меѓу СДСМ и ЛП е добро заштитено, не ми дава совеста да гласам за оставка на министер што во рамките на неговите овластувања го брани домашното производство од увоз, што на увозникот од една страна му ги полни џебовите а домашните произ- водители ги турка во проблеми и стечај, впрочем како што и вчера некој од пратениците на ЛДП дискутираше на оваа тема.

Господо, ваквите увози кога министерските ресори во 1995 и 1996 година ги водеа министрите од ЛП, знаеме какви штети му

донесоа на македонското сиромашно стопанство. Ќе ве потсетам на срамните увози што го ништеа домашното земјоделско производство.

Во 1995 година во Македонија ни се случија, сигурно знаете две жетвари. Нашите земјоделци жнееја и не знаеја каде да го носат житото, а скопските трговци со амин на министрите од ЛП увезуваа пченица. Таа пченица господо што беше сигурно поевтина од домашната, се

II/7.-

амбаруваше во домашните силоси, а домашната пченица стоеше во дворите на земјоделците и немаше кој да ја купи. Наместо по 10 денари, се купуваше по 7 или 8 денари. Така беше во таа тешка 1995 година. Никој не ја бараше, зошто министерот од ЛДП ни донесе во екот на жетвта евтин увоз на пченица до Србија. Иста судбина, со истите министри го снајдоа и домашното живинарство кога дозволија увоз на јајца од Турција и Бугарија. Од тогаш господо не кренаа глава нашите живинарски фарми. Скоро сите фарми отидоа во ликвидација и под стечај, пак ќе речам, за кои вчера тука некои пратеници плачеа.

Ја заборавивте ли господа либерали трагедијата на градинарите до Струмица, Гевгелија, Валандово, Богданци и другите реони за раноградинарски производи. Заборавивте како со увозот на вакви про- изводи од Бугарија и Турција поминаа нашите градинари до нашите подрачја. Ќе ве потсетам. Им остана сето производство да скапува во полето. Бадијала вложуваа дел од своите сиромашни средства за про- изводство што скапа. Скапа заради тоа што некој со давање на дозвола за увоз на вакви производи си ги наполнија свотие џебови.

Ќе ве потсетам на увозот во 1995 година на компирите што во Македонија беше извршен со потсредство на бившиот премиер на југо- словенската влада г-динот Анте Марковиќ. Тогаш македонскито компир остана, скапа или го изедоа свињите.

Вие господа, изгледа сакате ваква судбина сега да ја снајде скопската рафинерија, да и се стави клучот за да може, би рекол, вашиот Макпетрол да монополува со нафтените деривати низ цела Македонија како што тоа го правеше досега. Меѓутоа, еве, министерот Рикаловски рече не. Го забрани увозот на нафтени деривати од Хрватска за да може и нашата рафинерија да работи.

II/8.-

Што господа на овој план згрешил министерот Рикаловски. Ништо, тоа морате да го признете дека нема никаква грешка, меѓутоа нема за што друго да дискутирате па морате да барате некој модус за интерпелација за да бидете декортници на оваа говорница. Господо, на овој министер тоа му било и должност. Ако не го забранел увозот на нафта односно нафтени деривати од Хрватска, а дериватите на скопската рафинерија стоеле непредадени требало сам да си оди, а не денес овде да седи и сите ние денес да го напаѓаме.

Господо, што ќе беше досега со фабриката за шеќер во Битола ако Рикаловски и Владата на РМ дозволеа да се увезува евтин шеќер од Европа или од блиските комшии.

III/1 СП/НД

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:** (Продолжение)

И таа ќе се затвореше. И на оваа единствена фабрика ќе и беше ставен клучот. Шеќерната репа ќе ја снемаше низ нашите полиња. Ние знаеме дека увозниот шеќер е поефтин од домашниот, меѓутоа, ако се знае колку земјоделски домаќинстава па и работници во нашите ком- бинати и задруги живеат од оваа култура, државата е должна да не дозволува увоз на шеќер и го штити домашното производство на шеќер. Инаку, сите знаеме дека поскапото производство на шеќер и шеќерна репа, се разбира, постоењето и работата на Фабриката за шеќер во Битола до сега ќе беше многу тешко. Инаку, сега користам прилика преку оваа парламентарна говорница да му се заблагодарам на министерот Рикаловски и на министерот за земјоделство, шумарство и

водостопанство Киро Докузовски за нивното ангажирање за купување на битолски шеќер за потребите на државните резерви со што на земјоделците им се исплати минатогодишното производство на шеќерна репа а фабриката за шеќер какс така се здоби со средства за да набави репроматеријали за да ја изврши претстојната сеидба на шеќернара репа.

Изгледа господа либерали овие работи вас не ве интересираат и не се толку важни. Значи, Рикаловски не згрешил кога побарал забрана на нафтените деривати од Хрвстска заради заштита на домашното произ- водство на овие деривати. Инаку чудно е како Макпетрол влегол во овој увоз без да побара од Хравтскиот извозник на нафтени деривати тие нафтени деривати да се плаќаат наместо со девизи што ние едвај ги оствaруваме да се плати со јагнешко месо, со јаболка, со ориз, со тутун и се што денеска кај нас заради затворените пазари стои непродадено или полесно беше да се направат такви договори со кои ќе се бара само дебел профит, а не да се гледаат маките на другите стопанственици или земјоделци од нашата држава.

III/2.-

Зошто господа јаболката од Преспа, Битола, Тетово, што со децении се продава во Хрватска не се понудија за замена на хрватските нафтени деривати. Зошто Макпетрол не им помогна на земјоделците кои се потрошувачи на неговите нафтени деривати со децении? И нешто друго барам министерот Рикаловски да каже дали во овој увоз имало договори за компензација, ако не за селско стопански производи со производи од другите стопански гранки во нашата држава и како тие договори на овој план се извршени.

Инаку вчера министерот Рикаловски меѓу другото во своето обраќање до овој Парлламент рече: "Овде би сакал почитувани пратени- ци да истакнам според мене, значаен факт кој претпоставувам дека не им е познат ни на дел од потписниците на Интерпелацијата, а тоа е дека меѓу единствениот хрватски извозник и најголемиот увозник од Македонија е постигнат џентлменски договор за ексклузивитет во набавките поради што други заинтересирани претпријатија од Република Македонија се одбиени и не им е дадена ниту понуда. Како може да се оквалификува таквата постапка со вакви цели и со какви цели е направена и какви последици може да предизвика оставам дами и господа вие сами да процените". Јас за ова бидејќи не можам да проценам би го прашал министерот Рикаловски дали зад овој џентлменски договор се кријат некои нечесни работи? Дали се вистинити гласовите дека овие нафтени деривати што ги зел Макпетрол од неговите собраќа од Хрватска се деривати што им припаѓале на македонските градежни претпријатија што работеа во Ирак и Ирак им остана должен 300 милиони долари. Дали таа нафта не е на тие градежни работници? Барем да се каже вистината на овој план, ако не е така нека не се шират вакви обвиненија на име на Макпетрол. Зошто Макпетрол отишол по нафтени деривати во Хрватска, а не во некоја друга држава зошто не побарал во Грција, Бугарија, во близината што не опкружува да добие поефтина нафта или други нафтени деривати

III/3.-

(реакција од место). Господа не ве прашувам вас за одговор, го прашувам министерот. И нешто друго. Во јавноста се шират гласини односно се шушка дека Хрватските џентлмени што работат со Макпетрол што сигурно и вие претпоставувате дека им се

добри пријатели на Либерално-демократската партија ги рушат преговорите на македонските извозници на јагниња, јаболка и градинарски производи.

Ќе повторам уште еднаш ќе гласам против бараната оставка министерот Рикаловски. Штета е што овој човек не дојде порано на чело на Министерството за стопанство. Зошто? Се знае. Затоа што по неговото доаѓање во ова Министерство македонското стопанство почна да се буди. По блокадите на државата, распаѓањето на стариот систем, изгубените пазари и украдените милијарди долари штедни влогови на македонците од страна на Владата на Анте Марковиќ, таткото на Либералната партија во Македонија, нашето стопанство почна да стои на здрави нозе односно на сопствени нозе.

Ќе завршам со мојата реакција на дискусијата на некои пратеници кои преку оваа говорница го оцрнуваат домашното производство а го фалат увозното. Господа, каде ќе не однесат ваквите работи? Што со Македонија? Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Крстевски.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги, секако дека интерпелацијата како инструмент за покренување одго- ворност на член на Влада претставува одговорност за отворање јавна дебата по прашањата кои се покренуваат и мислам дека на начин на кој

покренувачите на иницијативата овде се искажаа доволно дадоа аргументи за кои тие сметаат дека интерпелацијата е основана.

По основниот мотив што се однесува околу тоа дали Владата со донесните заклучоци со кои, дефакто, се суспендира Законот за спогодбата за слободна трговија со Република Хрватска ќе беше многу полезно ако до денеска се завршеше една друга инстанца односно се завршеше расправата пред Уставниот суд по истата тема. Меѓутоа, Вла- дата, колку сум информиран, нема доставено мислеше по барањето на Уставниот суд и фактички повторно се наоѓаме во еден политички волунтаризам од односот на силите и стекнатото мислење што ќе се добие во јавноста дополнително се врши притисок на Уставниот суд. Тоа е она што мислам да го кажам по основ на оваа спогодба.

Што се однесува до дискусијата што се разви овде проценувам дека во излагањето на министерот беа опфатени, како што рече самиот, глобални прашања сврзани со енергетското снабдување на Македонија и оттука ја прошири темата на интерпелацијата и одредени информации што ги даде даваат за право да се впуштиме малку во елаборација на истите одреден број да се оспорат, а за одреден дел да се искаже поинакво мислење.

По мене, ова е стратешко прашање за Република Македонија и навистина ќе се исцрпиме до крајни граници ако овде се делиме на некои кои се за одбрана на домашното производство или за слободен увоз, бидејќи во суштина се работи за цената на енергијата која како дел на течните горива која како компонента ние во целост ја увезуваме дали ќе ја преработиме преку нафтата или ќе увеземе деривати во основа таа увозна компонента ни влегува во целата на секој производ, така што е добро наместо

демагошки пароли да се сложиме во една основна појдовна економска премиса, а тоа е дека цената на сите произ води во Македонија

III/5.-

треба да биде пониска за да ја достигне економскат, логика да биде конкурентна во извозните цели односно политиката на државата. Ако е така, тогаш на прашањето и стратегијата на енергетскиот систем на Македонија треба да му се даде должно внимание. Дали е така и дали во основа прокламираните заложби во оваа свера да се регулираат многу прашања всушност значат некаква платформа, политика на постоечката влада.

Слободно можам да искажам дека во тоа нема стратегија, оваа Влада и претходната не изградија стратегија ниту ја потпреа на некакв индикации, студии итн. Ова од причина што уште во 1996 година имаме укажувања од Светската банка, јас ја имам пред себе, во која согласно Светската банка ни укажува на застој во развојот на енергетскиот ресурс во РМ не впуштајќи се во детали, меѓутоа, сугерирајќи начин и патишта како да се оспособиме како држава да се поврземе во енергетските системи на Европа во регионот и на некој начин да си го обезбедиме тој развој во РМ.

Она што оваа Влада не успеа и што сега како рефлекси на тоа се бавиме со прашањето околу важноста на спогодбата има позитивни страни или нема за што подоцна ќе кажам е тоа што оваа Влада до сега не успеа цените на дериватите да бидат во корелација со цените на пазарот. Вие добро знаете еве појдете во Грција, појдете во други земји Словенија, Хрватска ќе видите дека цените на дериватите од бензинска пумпа до бензинска пумпа

се разликуваат. Тие одат горе долу државата го определува максимумот, меѓутоа, во методологијата на формирањето на цените се оди во флуктуација на цените. Иако го донесовме Законот за енергетика уште во септември и законот предвиде во ррк од шест месеци да ја донесеме методологијата за формирањето на цените во секторот на енергијата тоа до ден денеска го немаме направено, а тоа е непосредна

III-6.-

обврска на Министерството за стопанство. Тоа е едната работа што до сега оваа Влада не успеа.

Втора работа што не успеа тоа е цената на енергијата да ги покрива торшоците на работењето со заработувачка која треба да покрие инвестиции. Ако се погледаат завршните сметки на Скопската рафинерија наназад ќе се види дека и при вакви односи на овластени царини, заштита и тн. тие покажуват перманентна загуба. Тоа значи нешто друго индикатор за други состојби за кои делумно ќе се осврнам коментирајќи ги изјавите на министерот за стопанство.

Трето, не помалку важно низ политиката на цените ние во делот на енергетиката не успеавме да го мотивираме принципот на заштеда на енергијата како еден важен сегмент во економијата на развиените земји и надоврзувањето на тоа еколошките и другите функции кои на одреден начин се многу битни особено се актуелни во услови во какви се развива нашето стопанство.

Спрема тоа, некој разработен концепт е оваа Влада стратешки определби за што се залагаме, нема. Денеска ние треба да се делиме на тие кои се да работи Рафинеријата, тие кои мислат дека треба да се затвори Рафинеријата, некои што

мислат нешто трето и тн. Значи експертизи од оној аспект кои во основа ја одредуваат судбината на еден стопански субјект ние денеска немаме.

Рафинеријата ОКТА многу добро знаеме во каква состојба е. Таа навистина е правена во едни други услови за еден пазар кој бил дефиниран со постоењето на друга држава, со техничко-технолошки пер- форманси кои тогаш сметале дека се добри. Изменетите околности дополнети со случувањата во регионот посебно во периодот на ембаргото доведоа до влошување на состојбта во Рафинеријата. Таа денеска не е конкурентна и таа по своите перформанси не може да се мери со рафи-

III/7.-

нериите во околните земји. ВО таа смисла мислам дека беа амбициозни изјавите овде дека и по квалитет, по радман, по структура на дери- вати што ги дава, по цена и тн. може да ја ставиме во конкуренција на пазарот во регионот. Тоа не е точно господа. Доказ за тоа се многу факти меѓу кои и обраќањето на ОКТА до Министерството за стопанство, каде што таа бара да се формира цена на преработка по тон сурова нафта од 23,22 долари по тон. Тоа споредбено со цените кои ги дава за преработка на околните рафинерии е битна разлика. Се движат во зависност од количини, во зависност од периоди во кои се врши прера- ботката, се движат меѓу 12 и 20 долари по тон.

Спрема тоа, економската логика не може до крај да се примени при рентабилното работење на рафинеријата.

IV/1 -1/ПЈ/ОМ

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:** (Продолжение)

Таа по структура дава тешки деривати така наречени, мазут, таа е повеќе мазутар и не може да извлече производи што можат модерните рафинерии да ги имаат во правец на масла, мазива и т.н., каде што може помеѓу констатацијата што ја даде министерот цените кои се повисоки на домашниот пазар и цените за извозни деривати да дојде до одредено пеглање и т.н.

Тој пристап дека рафинериите во светот работат само за домашното производство, а десет посто даваат само во трговската размена, заради диспаритетот што им се јавува на домашниот пазар, мислам дека не држи. Тоа поаѓа од самиот факт што постојат рафинерии кои работат само во извоз и многу е поголем пазарот од 10%, светскиот пазар во размената на дериватите. Меѓутоа, во светот постои една многу важна паралелна функција, која во делот на енергетиката се случува и што нас благодарение

на визиите од порано и нас ни се случува. А тоа е супституцијата на нафтените деривати на мазутот со гасот. Тоа се дополнителни тешкотии кои близу една третина во моментот кога ќе се исполнат условите за поголемо користење на гасот во Македонија, ќе го намалат производството на Скопската рафинерија. Таа во овој момент, согласно енергетскиот биланс може да преработи околу 900 илајди тони, капацитетот и е за дваипол милиони тони и таа во овој момент работи со капацитет близу 30%.

Овде беше изнесен и еден друг неточен податок врзан токму за податокот за увоз на деривати од Република Хрватска.

Прво, мислам де дека на министерот тоа му е најмногу познато дека увоз на 80 илјади тони од јули до декември , значи за шест месеци е многу мала количин која не може да се оквалификува како нагол увоз на деривати, кои го пореметил домашното производство и влијаел да се

IV/2.-

создадат залихи кај домашниот производител на деривати. Тоа е едната констатација.

Второ, треба да се земат котациите на цената на дериватите и на нафтата во моментот кога се вршени тие комерцијални зделки. Според тоа еднострана информација не е добра.

Понатаму, не може да се потпалува јавноста со тоа што на еден од субјектите ќе му се забележи дека според Спогодбата правел ваков или таков џентлменски или незнам каков друг може израз да се упо треби, договор. И пред меѓународната јавност

преку Уставот, преку сите позитивни прописи во оваа држава, ние сме за пазарни услови за стопани сување, за слободна иницијатива , сме за приватизација и навистина да речам ме зачудува овој пристап во кој се сака да се сатанизира или незнам што се сака да се направи со тоа потенцирање на некаков џен-тлменски договор.

Прво, за Ваша информација "Макпетрол" увозот што го направи на деривати од Република Хрватска преку 15% го покри со извоз на стоки од Република Македонија. Инаку, да Ви кажам, тоа добро го знаат тие кои се во стопанството, нафтата и нафтените деривати се берзански производ и тие не се така на располагање , за да можете да ја условувате својата потреба да ја условувате со бартер аранжмани. Тоа е многу тешко. Токму на примерот на Хрватска и на иницијативата на "Макпетрол", а тука би требало да речам еден од пратениците од Куманово тоа добро го знае, се води битка за извоз на цефки од Република Македонија за гасоводот во Република Хрватска. Таа зделка, ако се успее во првиот дел, цирка 5 милиони долари треба да биде заокружување на извозна зделка на Република Македонија од близу 40 милиони долари. Според тоа, мислам дека не е добро да се потегнуваат прашања и да се вршат етикети , јас би рекол да се клопотари како еден нов парламетарен израз, да се

IV/3.-

злоупотребува говорницата само за да се биде интересен пред гласачите или пред незнам кого таму.

Понатаму, прашањето околу црната на мазутот. Не е точно дека за цела година цената на мазутот била 20% повисока. Тоа

не е точно, нека се земе пондираната цена на зделките и ќе се види дека тоа не е точно.

Што се однесува до односите помеѓу "Макпетрол" и "Окта". јас сакам да Ве убедам, а би сакал и да ми верувате, сум дел од тимот кој упорно работеше на меѓусебното усогласување на коемрцијалните интереси, дека тие не се навистина оптоварени со никакви политички цели, ниту пак морам да Ви кажам се заслуга или иницијатива или незнам овде беше искажано на Владата во тој правец. Верувајте, релациите помеѓу тие две куќи се долгорочни , тие се едни на други упатени и имаат за цел секогаш некој профит, некој интерес, кој се потврдува или не се потврдува на пазарот.

За Ваша информација пандант на изјавата дека постоел џен-тлменски договор со хрватската страна, со "Ина", морам да Ви кажам и да Ве потсетам, а тоа го пишуваше и во печатот дека во 1997 година рафинеријата "Окта" имаше ексклузивен договор , незнам дали бил џен- тлменски, ќе се види таа работа, со грчкиот партнер "Менидакис Џорџ и врз база на тоа во 1997 година раководството на "Окта" одби преработка на сурова нафта од страна на "Макпетрол". "Макпетрол" во периоди кога светската цена одеше надолу понуди таков договор и ако сакате и сега нудеше договор целокупната количина нафта да ја увезе за сметка на билансот на Република Македонија и тоа да биде, да речам, еден чекор кон релаксација односно кон подобри или познати услови за стопанисување на рафинеријата "Окта". Така, сепак, факторот "Макпетрол", неговиот систем и неговата дистрибутивност значи многу пвоеќе и може многу повеќе д апомогне на "Окта" , како во овој процес ,така

и во процесот на транзицијата отоклу некакви административни, квази системи и т.н. Да Ве потстам, оваа Влада, јас незнам која Влада по ред се обидува во Република Македонија да воспоставува паралелни енергетски системи. Ако ја земете регистрацијата, погледнете ја на Јавното претрпијатие за гасификација, ќе видите дека таму најмалку гас се смета да се работи. Таа е регистрирана со сите атрибути за работи и промет за нафта и нафтени деривати.

Мислам дека на погрешна основа цело време се концентрира вниманието на Владата кога се однесува за тоа. Да Ви кажам она што мислам дека најмногу треба да се демантира, а тоа е прашањето околу тоа дали "Окта" треба да работи или не треба да работи. Светската банка со својата препорака до Владата вели: "треба да се направи детална студија за рафинеријата за да се утврди под кои услови таа ќе биде економски оправдана и колкави инвестиции се потребни за тоа. Студијата треба многу внимателно да го разгледа пазарот на рафинеријата, вклучувајќи го вниманието на замената на мазутот со природниот гас. Отакако ќе се комплитира студијата, Владата треба да се обиде да ја приватизира рафинеријата". Предлагааат така наречен боливиски модел, што подразбира, тој што сака да ја купи истовремено да понуди инвестиционен програм за заживување на рафинеријата и тој нужно и економски профитабилно го врзуваат и за развојот или на билатералната мрежа помеѓу РМ и Грција, заради изградба на нафтовод, или вклучување во транснационалните мрежи нафтоводи.

Според тоа, во тој правец, ако се прават пробиви, ако се бара концепција за опстанок на рафинеријата може и нешто да се направи. Се плашам , бидејки овој материјал е од 1996 година и оттогаш ништо не е мрднато по тоа прашање дека всушност лабудовата песна за рафинеријата одамна Владата почнува да ја пее, само беше прашаше кој солист ќе го избере за таа песна.

IV/5.-

Според тоа, комплексот на рпашањето на енергетиката ниту почнува ниту се решава со интерпелацијата на министерот за стопанство. Меѓутоа е исклучително важна опомена дека во овој сектор нужно треба да се скрене вниманието , дури по моја оценка длабоко да се даде прио- ритет. Ако тоа не се направи, мислам дека ќе ги испуштиме возовите, така да кажам, за подинамичен развој на Република Македонија во делот на стопанството.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика има г-дин Богдановски. Рековте еден пратеник од Куманово и за цефките кои што треба да се извесзуваат за Хрватска.

**СЛОБОДАН БОГДАНОВСКИ:**

Почитуван министре, почитувани колеги и пратеници, бидејки бев спомнат овде како директор на фабриката за цевки, сакам само да кажам дека на база на добар дел на соработка со "Макпетрол" и со "Ина" Загреб, фабрика за заварени цевки нема потпишан договор, односно има потпишано само писмо за намера

, уште еднаш повторувам, на база на печат два цевоводи кои се испорачани во Хрватска во претходниот период. Само сакам да ја кажам вистината. По потпишувањето на договорот се случија некои работи и се изврши ревизија на проектот гасификација на потезот Карловац-Загреб, кој требаше да биде направен од наши цевки и цефките требаше да бидат испорачани во периодот четврти квартал 1997 година и првиот квартал од 1998 година. Моментално е целиот проект во мирување, незнам од кои причини и се надевам дека не е и верувам дека не е на база на заклучокот донесен од Владата на РМ, поради регулирање на увоз на нафтени деривати од Република Хрватска на база на билансот .

IV/6.-

Мислев дека ако се случи договарање, тогаш потребно е да се дојде до разговор меѓу "Макпетрол2 односно "Ина" и "Фас 11 Октомври" и сметам дека има и други начини да се договори овој проект, така што сметам за потреба фабриката за заварени цефки Куманово да се користи за дневно-политички цели. Затоа што, сакам да кажам на база на спогодбата со Република Хрватска е зголемен извозо на производите од фабриката за заварени цевки од Република Хрватска и за наша среќа, а и за среќа на нашите партнери од Хрватска моментaлн тие се едни од најголемите партнери од бившите ЈУ простори. Така, со оваа спогодба нема штета , само има добит. Се надевам дека ако се води ваква политика од страна на Владата на РМ, посебно од Министерството за стопанство, да се потпишуваат вакви спогодби, уште повеќе ќе се раздвижи стопанството во РМ и на тој начин можеби ќе се заштити и верувам ќе се заштити базнотопроизводство на нафтени деривати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Чифлиганец има збор.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, пратеници се мислев два дена дали да се јавам или да не се јавам, затоа што психичката и физичката енергија која ја имаме ја трошиме, по мое мислење, е непотребно, бидејки два дена парламентот однсоно највисокиот законодавен дом да расправа за интерпелација во еден таков амбиент на стопанисување, а и пред се користејки ја парламентарната говорница за свои лични, парцијални, тесни интереси без разлика дали е тоа месна заедница, општина, фирмичка, компанија, како што се фирмите, за кои

IV/7.-

денес расправаме и со едн азабелешка дека е опасна работа парла- ментот да го трансформираме за оние цели шот претходно реков. Што да речат оние кои немаат можност да се појават на говорницата , а не значи ако ние сме народни избраници, да мораме да расправаме за сопствените проблеми кои ги знаеме и да мораме да расправаме односно во еден таков приод да држиме и предавање за формриање на цени и т.н. Замислете Зоран Крстевки, колегата кој го почитувам, да беше сеуште во Јавното претпријатие, сега ќе ни дршеше предвање аз авиотранспортот. Моментално, за среќа, ни држеше предвање за нафтата и нафтените деривати,с ега можеби јас ќе Ви држам за бакарот и златото единствен производител на Република

Македонија, но тоа нема да го дозволам,трет, четврт и замислете јавноста со какво лице спрема нас во Парламентот како пратеници ќе гледа.

Са јавувам, мотивирајки се од следната причина. Работам во стопанството 21 година, од кои половина од тоа на една одговорна по- зиција, прв човек на еднопретпријатие, фирма, можеби не во тој ранг за оние работи што расправаме, но за секој случај , одговорно.

Јас би сакал од оваа говорница да зборувам за стопанството, за стратешките цели на РМ, а стратешки цели на РМ , пред се, еден од колегите дискутанти што рече, кој произлегув аод стопанството, без економија нема стратегија. Без едно развиено стопанство, нема стра- тегија. Без едно развиено извозностопанство, немастратегија. Зошто го велам на крајот извозно. Замислете извозното стопанство како што знаеме вокаква фаза се наоѓало, во каква се наоѓа и вокаква може фаза да се најде, со што ќе ги обезбедуваме оние 60 или стотина милиони долари да увезуваме нафта и нафтени деривати. Тоа е основното прашање што јас би сакал да дадам придонес во овој законодавен дом, пред овој парламент да зборувам. Затоа што , имам осет, имам знаење, имам умешнсот и на

IV/8.-

некој начин, кој повеќе кој помалку, од Вас , го чувствувам дирекно на сопствената кожа.

Ние денеска зборуваме за интерпелација на еден министер, без разлика дали е тоа министер од оваа или од онаа партија, дали е од ова ресорно министерство или е од она ресорно минситерство, за мене лично како пратеник одговорно тврдам дека

ова е излишно ние во овој амбиент и пред овој парламент и , пред се, оние горливи проблеми кои ги тишти стопанството, а после стопанството и Република Македонија.

**V/1/1/JM7лј**

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:** (продолжение)

Зарем тоа е проблем само на министерството за стопанство? Ако веќе правиме интерпелација, не сме задоволни, да ги лоцираме пунктовите на дејствувањето. Мислам дека тоа е една

политика на Владата на Република Македонија. Кога зборуваме за цени, акцизи, замислете дека е тоа само во ресорното министерство за стопанство, тоа е и во монетарната политика, во Министерството за финансии, Министерството е за развој, тоа е една материја која како комплекс многу сложена. Јас сега не би сакал да се впуштам кој повеќе, кој помалку, во која мера директно е одговорен. А, кога знаеме стопанството на Република Македонија какви проблеми има кои се решливи што во најголем дел зависат и од овој дом, а пред се од Владата на Република Македонија, од сите нас како директни, или индиректни субјекти кои што сме присутни во целокупното стопанство. Јас не се согласувам на таков начин таков приод да имаме како парламент, па и како пратеници и како пратенички групи и како политички партии Зошто? Во овој момент мислам дека свесни сме, јас зборувам за глобалната макроекономска политика која ја зацртавме на овој парламент ко ја ја реализиравме досега и што индикациите ги имаме и во наредниот период дека амбиентот во овој позитивен тренд на стопанството кој за 11% е натфрлено индустриското производство, тоа се податоци мерливи. Јас сум од оние што критички настапувам спрема стопанството, спрема постигнувањето, но тоа се резултати кои во овој момент треба да ни дадат надеж, односно да ги респектираме и надеж дека можеме да постигнеме подобри производствени резултати. Што уште повеќе ме радува како стопанственик дека производствените резултати кои се постигнати се пратени со уште подобри финансиски резултати. Факт е дека две години имаме влезните трошоци во стопанството, во извозното стопанство, пред се енергентите се стабилни. Замислете вие кога имавме еден период три месеци, незнаеме третиот месец што не чека, шест

месеци. Сега како стопанство ние знаеме што не чека на крајот на првото тромесечие, второто, третото и четврто и во еден таков амбиент на економија, на стопанисување може било кој стопански субјект да си го планира сопственото производство, пласман, кредитирање итн. Тоа е факт што дали сакале, дали не сакале, дали на пратеникот, на пратеничката група, на партијата, на ресорното министерство, на поединци дали тоа ви се допаѓа, или не, тоа е многу голема работа што за балканските простори е ретка работа. Во едно такво осамостојување за овој краток временски период да го постигнеме. Ние и кога го донесувавме буџетот што рековме: Кога курсот се менуваше од 27 денари на 31 од 44 денари доларот на 54 и рековме ова го прифаќа) Министерот за финансии во своето експозе, премиерот на Владата на РМ, г-динот Бранко Црвенковски пред овој дом тврдеше дека тоа што го зацртуваме да се вратиме наназад за 10, 11 месеци, тоа беше во јуни месец за 9 месеци да погледаме дека она што беше зацртано полека, полека се реализира и се остварува. И затоа мислам дека во овој момент јас не би гласал за било каква интерпелација, а најмалку за министерот за стопанство г-динот Рикаловски.

Се прашувам што треба да заштитува Владата на РМ, без разлика која дали била пред 5, пред 3, две, оваа и наредната Влада која ке биде ако не го заштитува сопственото стопанство, а з наете г-до рафинерии не се раѓаат секоја година, инвестиции не се привлекуваат не само од домашен пазар и од странски пазар од 50, стотина милиони марки. Тоа е инвестиција капитален објект кој се раѓа секоја втора, трета, да ви кажам и

пола век. И затоа неслучајно и г-динот Иванов во вчерашната дискусија рече: во оваа либерализација, во оваа транзиција треба да ги штитиме тие капитални објекти. А првиот чекор е, да се заштити објектот, а после демагошките искажувања, ние имаме идеи како да ја извадиме Окта. Какви идеи, па што не ја извадите имаме капитал да ја осовремениме и имаме идеи. Каква

V/3.-

демагогија на насап пред јавноста, имаме идеи. Немојте идеи, знаеме какви идеи, дојдете таму во рудникот ниско процентната руда да ја експлоатирате па да видите идеи. лесно е од тука пошироките булевари, по рестораните и пред оваа говорница да ги кажуваме идеите. Затоа сметам дека и тоа не држи место за интерпелацијата затоа што тоа се капитални објекти кои треба со првиот чекор да се заштитат а вториот, третиот чекор да се даде можност со дополнителни инвестиции од надвор. Понатаму, тоа ше е прашање за поставуваше на Република Македонија и требаат над пола милион долари з а увоз на Репро материјали, лекови нафта, нафтени деривати итн. Дајте да создаваме таква клима, таков амбиент и таков натпреварувачки дух да имаме во јавноста што можеме и тоа беше во дискусијата кажано во компензација без разлика дали е берзански производ или не е берзански производ. Се компензира, се увезува и берзанскиот производ и бакарот и алуминиумот и цинкот со неберзански производ. Ако тие 60 милиони долари од кои можеме шест или пет, 10 да ги компензираме со земјотелски производи, со јагниња, трето, четврто, тоа е голема придобивка за Република Македонија, за економијата затоа што се повеке го исцрпуваме ние извозното стопанство.

На крајот би сакал да да се запрашам, кој треба да биде профилот на еден министер за стопанство? Јас не мислам многу да го фалам министерот за стопанство, но го знам по природа скоро 15 години. Ако еден профил на министер ги променил сите фази на стопанството и нешто повеќе од стопанството и ако е морално чист како солза пред овој парламент сопствената морална одговорност, сопствениот морал или лоби групи итн, не ги гледаме, мислам дека не држи место ние денес да бараме интерпелација, односно оставка на еден умерен, квалитетен министер во Владата на Република Македонија. И мислам дека, Јас реков не мислам многу во суперлатив да зборувам, но овој позитивен тренд што се постигнува последната година дена и што има сознанија дека тој тренд

V/4.-

ќе продолжи треба да ја поддржиме. Затоа јас не би си дозволил како пратеник, а пред се и како стопанственик затоа што ги знам приликите и неприликите во македонското стопаснтво да го поддржам предлогот, односно за интерпелација на министерот за стопаснтво г-динот Рикаловски, туку напротив би дал поддршка со сите овие позитив ни трендови што се постигнуваат на производствен извозна банка финан- сискџ ефекти олеснување на стопанството на целокупната влада на РМ, да пваа година со тој тренд и уште со поголем тренд заврши.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитуван претседателе, дами и г-до пратеници, интерпелацијата за работата на актуелниот министер за стопанство г-динот Рикаловски по моја оценка е издржана и аргументирана од следните причини.

Прво, за мене иако не сум потписник на интерпелацијата, но се приклучувам кон истата во нејзина поддршка. Сметам дека целосно се исполнети условите до карјот на мандатот на оваа Влада, а во тие рамки и на актуелниот министер за стопанство да се под интерпелација заради катастрофалните состојби и колапс во стопанството, заради таквите состојби големите негативни последици од статус вработени лица доаѓање во статус на невработени, а пак на невработените со никаква можност за повторно обработување, или за прво вработување. Заради тоа што оваа Влада веќе дефинитивно е јасно и во тој склоп министерот за стопанство немаат решение за водеље на економската политика освен

V/5.-

парцијално преземање на мерки како што е случајот со суспендирање на договрот за слободна трговија со Република Хрватска во делот на увозот на нафта и нафтени деривати што е всушност и основа за интрпелација. Од другите причини би ги навел дека по повод оваа интерпелација на дневен ред на парламентот дојде расправа за стопанството како за конкретниот случај така и пошироко што го оценувам дека е добро, а во врска со интерпелацијата фактички преку овој парламентарен институт се афирмира контролната функција на парламентот спрема Владата. Суштината е во тоа што во спроведувањето на од парламентот со закон ратификуваниот договор за слободна

трговија со Репубика Хрватска, Владата со заклучок или одлука го изменува законот во делот на слобод- ниот по количини и царински давачки увоз на нафта од Република Хрват- ска. Ова претставува мешање на Владата преку ресорниот минисер во со закон уредените извозно увозни трговски односи со Република Хрватска што е незаконито. Бидејќи е јасна процедурата за измена и дополнување на закон со меѓународен елемент што не е во конкретниот случај со ратификуваниот закон за слободна трговија со Република Хрватска нема пренесено надлежност од парламентот на Владата да врши измена на тој закон, туку единствено овластување за изменување и дополнување на меѓународни договори ратификувани со закон се врши од страна на парламенот, па дури и ако во одредбите од договорот има предвидено одредеена можност за изменување и дополнување како што е и образло- жението од министерот за конкретниот случај на поголеми количества на увоз на нафта и нафтени деривати и со тоа нарушување на состој- бата со истите на домашниот пазар. Сметам дека и таквата исполнетост на условите и можност за измена на договорот треба да оди на верифика- ција на парламент. Ова од причини што со тоа фактички и се гарантира сигурноста на стопанските субјекти, а од друга странаисе заштитува меѓународното реноме на РМ. Всушност се потврдува и во овој случај дека оваа Влада и ресорниот министер немаат спремност ниту определба да се

V/6.-

ослободат од непосредното мешање во извозно увозното работење на претпријатијата, туку тоа мора да биде единствено со нивно одобрение Дури и кога е донесен закон за слободна трговија во случајот со Хрватска, а наместо да создаваат услови и преземаат

мерки за продуктивно и рентабилно работење на претпријатијата во случајот рафинеријата за што очигледно се немоќни под изговор на наводна заштита на домашното производство фактички ја штитат својата лоша политика на неможност да изнајдат решенија за рентабилно работење на рафинеријата. Неодминлив е и еден коментар на одредени дискусии, сметам дека и на самиот министер му беше незгодно овде искажаното бранење, па дури и фаџење од група пратеници од СДС, а тоа е општо евидентно состојбите во стопанството за кои е ресорно задолжен министерот Рикаловски не можат ниту да се бранат, а најмалку да се фалат. Затоа и оваа распра- ва од страна на пратениците на СДС во тој дел на бранаштво и наводно фалење ја ценам за доста сиромашна. Исто така, во суштина најповеќе настапите се засноваа на напади на некогаш вклучените министри од либералната партија во тогашната влада на РМ. Мислам дека на сите ни е јасно и еве уште еднаш користам прилика да потврдам дека и кога либералната партија имаше министри конкретно за стопанство во Владата на РМ, дефинитивно и јасно е дека носител на власта беше СДС. И не се избегнува сопствената одговорност преку тоа ако се повикуваат други на одговорност. Доста беше експлоатирано тука и заштита на домашното производство. Покрај неспорноста на заштита на домашното производство. Јас сакам да потенцирам дека има и заштита на другите области на производство, однсоно стопанство од одредено домашно производство, а исто така сакам да потенцирам дека има и заштита на стандардот на граѓаните. Во таа смисла застапувајќи ги граѓаните од каде што сум биран потсетувам и укажувам на тоа зошто актуелната влада и ресорниот минис- тер и сите овие колеги од СДС кои одбранашкото го аргументираа со заштита на домашното производство, зошто тој ист

аршин и критериум не го спроведоа, а пак актуелниот министер во Владата не го застапува заштита на земјоделското производство. Тоа исто така е неопходно за да се заштитува како што и се декларираме земјоделска република каде што земјоделството е доминантна гранка. Зошто се укинаа стимулациите кои што во секоја друга држава ги има како една форма на заштита на домашното производство, конкретно во земјоделието. Зошто кога овој пратеник Панчо Минов заедно со другиот пратеник од Тиквешијата кога се донесуваше последниот закон за измени на законот за акцизи и кога предлагавме во функција на заштита на алкохолните пијалоци да биде стимулирана со намалена акциза домашното производство на природни алкохолни пијалоци вино и ракија, зошто тогаш исто и овој министер и вие како пратнеици од СДС не застапувавте заштита на домашно производство кое што исто ве уверувам е стратегиска земјоделска култура за тиквешијата. Зошто на други стопански субкјекти не им се дозволи одлагано исплаќање на акцизите, па и на даноците итн. Па тоа во најголем број случаи, е и основниот фактор причинител за стечаи на претпријатијата. со тоа во многу ке заштитеа голем број на претпријатија да не дојдат до стечај. Не сум против и за рафинерија, но зошто и тоа се аргументира и во самото излагање на министерот. Не се има подеднаков критериум и не се има под еднаков аршин во заштитата на домашното производство. Моето застапување е дека баШ во земјоделието нема никаква заштита на домашното производство. Некои од пратениците на СДС овде истакнаа дека ете овој министер треба не само да се одбрани и пофали со тоа дека во неговото актуелно вршење на власта има успеси во пораст на индустриското производство.

VI/1 ЛП/ЦТ

**ПАНЧО МИНОВ:** (продолжение)

Тоа резултирало со пораст на профитот, тоа дало можност за инвестирање и вработување. Значи, стопанството кај нас е со пораст, остварува добар профит, се инвестира и редовно има многу голем тренд на вработеност, само што граѓаните се виновни и граѓаните не можат да го почиствуваат тоа добро стопанство, тоа добро вработување, таа социјална благосостојба и т.н. Па ние во Кавадарци велиме "Ниту срам се има, ниту перде", без никаква одговорност. Сметам дека нешто да се брани што е евидентно дека е во надолен тренд на катастрофална состојба, што е со катастрофални последици по вработеноста и стандардот врз граѓаните, навистина без никаква основа и логика.

Еден од пратениците од Социјалистичката партија вели дека грешка било што се донел овој закон за слободна трговија, и тоа во овој дел. Јас се заинтересирав кај службите и видов дека пратениците на Социјалистичката партија гласале за оваа работа, кога се ратификуваше овој Договор и дека таа нивна јасна определба за тоа што значи пазарно стопанство со неголема

либерализација на увозот, тие јасно ја изразуваат, работниците треба да се вработуваат и т.н., но еве, тогаш направиле грешка и сега грешка е што тој закон е донесен. Сметам дека тоа е одговорно.

VI/2

Целосно се придружувам на поднесената интерпелација и сметам дека со оваа интерпелација и со нејзиниот епилог од расправата, потполно свесен за резултатот од гласањето што е евидентен, дека ќе се придонесе во правец на тоа дека не треба да се презема ингеренцијата на надлежност на парламентот во донесувањето на прописите, конкретно на законите, законските прописи, тоа е афирмативно и за нашето членување во овој највисок дом да се придонесе кон тоа Владата да не доминира над Парламентот со заклучоци и одлуки да ги изменува и дополнува законите, посебно од меѓународен карактер, за што и ние самите донесовме закон за склучување на меѓународни спогодби, за што зборуваше колегата Мешков и сметам дека со напаѓањето на успешни фирми и овој состав на Парламентот, посебно пратениците од СДСМ, преку таквиот метод на делување не се постигнува со напади на оние стопански субјекти кои евидентно со едно успешно и законско работење го постигнале

реномето на кое се во областа што е денес предмет на расправање - не се постигнуваат ефекти, така не се води политиката на подеднакво создавање на услови, што е основ на улога на секоја власт и на оваа актуелна Влада и овој пратенички состав на СДСМ, да се создадат услови за подеднакво работење на сите стопански субјекти. Преку тоа што успешните ќе се напаѓаат и критикуваат, под наводни изговори дека ете се заштитува домашното производство, со немање можност преку соодветни мерки да се создадат услови и тој стопански субјект и тие работници да

VI/3

изразат продуктивно и рентабилно работење, фактички таквото извршување на власта би рекол и таквиот метод на делување нема никакви резултати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ;**

Молам, кој друг бара збор?

Има збор г-ѓа Трајановска.

(пратеникот Јован Лазаров бара реплика, на што претседателот му вели "ќе ви дадам збор")

**НИКОЛИНА ТРАЈАНОСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници, на сите нас ни е познато залагањето на Република Македонија за интегрирање во европските текови т.е. европската ориентација. Тоа подразбира пазарна економија, приватна иницијатива, демократија, слобода, плурализам, човекови права и владеење на правото. Но, Владата нема пазарен резон, таа има уплав од пазарното стопанство, затоа што тоаа би значело нејзин крај. Дека оваа Влада нема стратегија на развој е очигледно. Пазарна економија - што беше тоа, се прашувам. Чепкањето и ревидирањето на меѓудржавните договори сериозно ја загрозува Македонија да се прогласи за несериозна земја. Секаде каде што во регулирањето на пазарните текови и законитостите се меша

VI/4

државата се појавуваат проблеми. Потребно е да се обезбеди функционирање на пазарот како трајна определба, која нема да биде по функција на дневната политика. Секаде каде што Владата ги замешува своите прсти се појавуваат проблеми. Така е со цената на електричната енергија, така е со телефонските сметки и т.н. И сега се доведува во прашање Спогодбата со Хрватска и се наметува потреба од нејзино ревидирање. Хрватската Влада со право реагираше поради заклучокот на Владата од 26 јануари -

привремена забрана на увоз на нафтени деривати од Хрватска. Министерството за стопанство се обидува да објасни дека оваа мерка е донесена поради заситеност на македонскиот пазар со нафтени деривати, кои е повеќе од пропишаниот Енергетски биланс за 1998 година.

И како по обичај, кога разговараме за конкретни прашања, нашите колеги од СДСМ разговараат за нешто од околу. Што кажаа за дилемите од околу?

Прво, додека Либералната партија била во Владата имала предлози и идеи, тие не се прифатиле тогаш, но во последниве години сега се прифаќаат. Тоа е она што беше наш став пред две години, кога Вие тврдевте дека Либералната партија нема предлози, нема алтернативна програма. Вам Ви требало две години да се соочите со реалноста. Вообичаено, Вашето доцнење за согледување на реалноста.

VI/5

Второ, сега Вие зборувате за морал, истите вие кои велевте дека во политиката нема морал. Зборува за морал партија која има целосна тоталитарна и апсолутна власт во Република Македонија, која има 60 пратеници во Собранието, кои за 3 години четири пати бираа Влада по предлог на премиерот и како

да изберат права. Пратеници кои пред очите на целата јавност бираат и анулираат судии со моќта на двата прста и партија која ќе остане запаметена во економската историја како единствена која во услови на тоталитарно апсолутна власт не успеала да обезбеди економски развој. Тоа кај нас, после три години апсолутна власт на СДСМ, не може да обезбеди развој и стопански пораст. Секогаш некој друг им е виновен, само тие немаат никаква вина. Тоа почнува да се прави сега пред избори, откако го смени директорот на Заводот за статистика и откако податоците за невработеноста ги прогласи за државна тајна. Има ли поголема морална одговорност од ова, и од фактот дека секогаш ви требаат од две до три години за да се судрите со реалноста?

Трето, денес овде разговараме за незаконско работење на Владата и трошење на пари надвор од утврдениот Буџет од страна на Собранието. Ние изнесуваме факти дека има злоупотреба на извршната власт и тоа 400 милиони денари за обртни средства за ОКТА и 7 милиони марки незаконско кредитирање на обврските за акцизи. Тоа се пари кои ОКТА ги има добиено директно од Буџетот. Се прашувам од кои причини тоа не можат да го имаат и другите претпријатија во Република Македонија, кои

имаат проблеми и можат да вработуваат луѓе. Само како пример: кренавте огромна врева како партија и преку вашите гласила за 10 милиони денари повеќе пари за вработените во Градското Собрание. Каде е вашето морално право да се буните како се трошат парите на граѓаните, кога никој повеќе од вас ги нема злоупотребувано овластувањата за трошењето на буџетски пари.

И на крајот, нашето прашање е зошто продолжувате со криминалното однесување во државата. Зошто не разговарате за фактите туку излегувате со бајати дискусии, кои немаат никаква врска со точката на дневен ред. Се плашите дека ако почне да се одмотува клопчето, крадците на октоподот ќе стигнат до сите вас и до највисоките раководители на Вашата партија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Јован Лазаров.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседател, излегов на говорница за да му кажам на колегата Минов, кој не е тука дека кажа една невистина дека проверил во службите и дека видел дека таму пишувало Социјалистите гласале "за". Прво, такво броење и такво гласање не постои овде, се констатира само колку вкупно биле за, против и воздржани и колку што знам не се води евиденција колку од која партија биле против или за. Меѓутоа, нашиот претседател овде вчера многу јасно кажа, ако се сеќавате на нашите настапи и на претседателот и на г-динот Мирко Пецов, па често пати мои, ние се залагаме за слободна трговска размена со држави кои се на еднаков степен на развиеност со нашата држава или уште послаби од нас за да можеме ние да продаваме таму. Се

сеќавам кога беше збор за соработката со Словенија и Хрватска, мислам дека ние бевме воздржани

VI/7

токму за таа соработка, а дури и земјите од Европската унија вршат заштита на одреден број производи.

Трета работа што сакам да ја кажам, не прифаќаме да бидеме вовлечени да се определуваме за еден комбинат или за друг комбинат. Ние цениме дека сите кандидати се на оваа држава на оваа Македонија, сите работници се нејзини, без оглед кој комбинат кој директор го води и на чија партија припаѓа тој комбинат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? Има збор г-дин Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници, излегов на говорница за да кажам неколку зборови. Очекувавме г-динот министер Рикаловски да одговори на некои дискусии односно прашања поставени во текот на расправата по неговиот одговор на интерпелацијата и по дискусијата од страна на пратеничката група на ЛДП. Ќе повторам само неколку клучни моменти кои се доминантни во оваа интерпелација.

Прво, дали може со закон ратифициран договор за слободна трговија, во конкретниов случај со Хрватска да биде изменет со заклучок на Влада, а не со закон, бидејќи очигледно тоа е спротивно, мислам на тој заклучок на Влада на принципот на

уставноста и законитоста и веројатно, доколку некој покрене иницијатива до Уставниот суд, овој заклучок на Владата ќе биде укинат односно можеби и поништен, во зависност од тоа како ќе отцени Уставниот суд какво правно дејство да има неговата одлука, што значи не е возможно тоа што го донесува Парламентот да го менува извршната власт, во конкретниов случај Владата. За тоа имаме укажување и од страна на царинските органи, кои со својот допис до Владата укажале

VI/8

дека не е возможно да се менува закон со заклучок на некој извршен орган, па макар тоа да биде и Владата. Од друга страна, се јавува прашањето за правната сигурност со другите држави, бидејќи како што е познато Република Македонија е потписник на договори за слободна трговија со некои други држави. На пример, трговската соработка со Сојузна Република Југославија. Колку што ми е познато на 01.01.1993 година има клаузула без било какви цараински ограничувања ќе се врши размена на стоки и услуги меѓу СР Југославија и Република Македонија. Се прашуваме дали пак оваа или друга Влада, ако се создаде лоша пракса, ќе може да ги суспендира одредбите од овој Договор и да рече не важи од 01.01. неможе да се применува сосема слободна и безцаринска спогодба со СР Југославија, како и со некои други држави. Секако, ваквата практика би можела да доведе до нарушување на кредибилитетот во надворешната политика на Република Македонија.

Втората поента беше, а веќе беше кажано и нема широко да елаборирам, само ќе потенцирам, дека со конкретната спогодба беше овозможено нафтените деривати можат да се увезуваат со помош на Бартер аранжмани и со тенденција тие да

се зголемат околу 30 - 35% со земјоделски производи, а и со некои други производи кои беа спомнати и кои нема да ги спомнувам.

Третата работа на која треба да одговори министерот се однесува на самата заштита. Доколку го прифатиме фактот дека рафинеријата ОКТА е стратешка од повеќе причини, стратешка од аспект на потребите на државата и второ, стратешка имајќи го предвид бројот на вработените кои се околу 1300, се поставува прашањето, доколку се работи за заштита, кој ја спречувал Владата да ја заштити рафинеријата ОКТА. Во која смисла? Во смисла на модернизација која би овозможила поголем квалитет на производи и автоматски негова конкуретност, односно можноста да се извезуваат овие деривати, да ја подобри лошата производна структура во

VI/9

односот меѓу бели и црни деривати, да ги подобри еколошките стандарди на дериватите во рафинеријата кои би биле според ИСО - стандарди, што значи да го намали процентот на олово и на сулфурот, па од една страна да биде конкурентна рафинеријата ОКТА да извезува, а од друга страна и ние овде како граѓани на Република Македонија да ги применуваме тие еколошки стандарди и да имаме прилика и ние да имаме поздрава човекова околина. Во тој случај, доколку се преземаат тие интервенции од страна на Владата, во овој изминат период, сигурно дека ќе се подобреше квалитетот на производството во рафинеријата ОКТА, бидејќи морам да напоменам дека некои земји во транзиција, како на пример Република Хрватска, во Риека, во рафинеријата даде значителни инвестиции со цел да се подобри производствената структура и да се модернизира

производството на тие рафинерии, па така, ете, имаме случај Хрватска да може да ги извезува своите деривати, а ние не.

**VII/1.-СС/ЉР**

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:** (продолжение)

Доколку тоа беше сторено сигурно дека овие 1.300 работници ке беа заштитени. Некои овде, некои пратеници, морам да признам не сите, но неколку пратеници од позицијата нагласуваат дека интерпелацијата на пратеничката група на ЈТДП, наводно, е вперена против порастот на пропизводството, против извозот евентуален на тоа и против вработените. Тоа сосема не е точно.

Од овие причини што ги наведов, доколку Владата инвестираше во рафинеријата ОКТА, немаше да се случи тоа. И

токму оваа Интерпелација има една од целите да ги интезивира тие процеси, да ја интензивира таа модернизација.

Од друга страна пак, Владата, честопати беше овде и од претставниците на Владата, пратениците, беа потенцирани, иако не е мотивот на интерпелацијата, двете фирми односно ОКТА и Макептрол. Доколку Владата семтала дека овие два објекти се стратешки за држа- вата, едниот како диструбитер, друтиот како производител или пак како дистрибутер, таа морала да ги насочи ној една поцелосна соработка. Во многу други е нормално најголемите производители, не само во производство на деривати и најголемите дистрибутери да бидат упатени на соработка. И, Владата требаше, морала да ја создава таа клима, а не да биде обратно.

Исто така, во поглед на заштитата беа наброени, доколку се сметаат стратешки објекти. Зошто тоа не е сторено со некопи други објекти, на преимер Железара, зошто тоа не е така сторено од страна на Владата за заштита на земјодлеското производство? Знаете дека со Буџетот се укинати стимулациите, а развојот на Македонското стопанство е пред се преку извоз, а во моментов најтолема шанса за девизен прилив е токму

VII/2.-

земјоделското проиуводство кое секаде се стимулира. Па дури и во земјите на Европската Унија.

Така што, зошто Влдата, ако сака да заштити едно производство, зошто не го заштии и земјодлеското производство и зошто ги укина тие стимулации што ке го стимулират извозот а со тоа и развојот на Македонското стопанство?

Еве, толку имав почитувани пратеници. Се надевам дека минситерот за стопанство ке даде одговор на некои прашања што јас само ги повторив, а беа изнесени во расправа од страна на пратеничката група на ЛДП.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Лазад Римов.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитувани минситри,

Ова ми дојде како згодна прилика оваа прилика, да кажам нешто во овој Парламент во врска со енергетскат.а политика на Владата.

Сигурно дека овој сегмент ов друштвото е битен сегмент за една држава и сигурно дека тој не може да биде на маргинтие на одлучвуањето и на посматрањето.

Спогодбата што нашата држава ја склучи за слободна трговија со Хрватска, дефакто го доведува во прашање нашиот проблем што дотогаш многу и не го гледавме бидејки не се соочувавме со размена со ниски царини со држави, бидејки Рафинерија има Хрватска и овој проблем произлезе по тој однос.

VII/3.-

Сиугурно дека Владата, па и Собранието е задолжена да размислуваат, мислат и ги штитат капиталните објекти. Исто така и вработените. Но, ова ми стојат како некако малку задоцнета

работа или дали како грижа на совеста па овие ке бидат презаштитенина крајот. Другите отида курбан, а ова ке го штитиме.

Бидејки во енергетијата се вртат многу пари, тоа не се мали пари, кога зборуваме за тутун, зборуваме за 20 или 30 долари кога зборуваме за вино зборуваме за 20-30 милиони долари, кога зборуваме за земјоделие 20-30 милиони долари и таму сите демагогии ги правиме зошто ваква, зошто таква, зошто никаква? Во теи сите гранки работат многу луѓе, многу луѓе живеат.

Е сега, ние ги штииме со тие царини. Сето тоа е убаво. А, ако направиме сметка со тие заштити што го штитиме земјодлеското производство кога ке му ја неметнеме нафата со царина 20%, ќе видиме која е таа заштита што ја има. Ако царината е 20%, ако пресметаме дека во Македопнија се трошат годишно 900 до 1.000.000 тони гориво од тоа 600 -700 овие горива, нафти, бензини итм.ако ставиме 20% царина, доага некаде околу 60 долари по тон. Кога се ке собереме по тој основ, сето тоа земјоделие го товариме барем 40 милиони долари. А, сите олеснувања не вредат 5.000.000 долари.

Според тоа, бидејки оваа работа, енергетиката дефакто ја прави економската расоредекба во друштвото кој каде ке се најде и како ке се најде, оваа тема е прилично чувствителна и овде Владата како ми се чини барем во овие 3,5 години не направи напори таа Еенгетика барем да ја согледа ос сите апсекти. Енергетијата не е само нафта, енергетиката не е само електична енергија. Енергетика се ситеа заедно и јагленот и нафтата и електичната енергија. И сигурно дека тие биланси што ги правевме и ги правиме, од кои биланси прво произлезе потпишвуањето на Спогодбата за размена со Хрватска 1% непромислено, исто и оваа сметам дека сега е непромислена. Зошто?

Прво, гледајки го асортиманот што на Македонскиот пазар се продава за горивото, нафти, бензини вакви и такви, без разлика што сигурно од Рафинеријата кукаат дека за нив е најдобро да се затоврат границите и да бидат тие единствени производители и продавачи на овој пазар, повеке од јасно, Владата тоа и минстиерот сигурно пдобро го занаат од мене, дека Рафинеријата бидејки асортиманот е различен не е во состојба под економски услови да го задоволува пазарот во Македонија и поракј тоа што тој пазар е многу мал.

Ако земеме дека Рафинеријата има 2.000.000 тони капацитети, ако ние овие горива на македонскиот пазар се движат некаде цирка 500 или 600 илјади тони, тогаш повеке од јасно е дека ние мораме да увезуваме по асортиман одреднеи производи бидејки е неисплатливо и Рафинеријта да ги произведува. Ке кажам зошто.

Сите знаеме дека од сировата нафта во нашата Рафинерија, бидејки е технологијата таква излегува 40% мазут. Ако занеме исто така со гасот што го донесовме создаваме конкуренција на тој мазут, како вишок на таа енергија, се појавува прашањето, да претпоставиме, јас сум и за таква

VII/5.-

анализа, да претпоставиме дека сите производни деривати во Македонија ке бидат произведени од Рафинеријата. За да можеме да ја вработиeм. Но, што ке правиме со мазутот? Дали после и на мазутот треба да му наоѓаме чаре. Значи, мора енергтскиот биланс да се гледа заокружено.

Овде, исто така не смее да се симне од умот и работата даека ние, со Спогодбата за слободна трговија со Хрватска дефајти создадовме и пазар на нашето стоапнство. Кое е тоа наше стопанство? Почнувајки од индустријата и земјоделието. На овој начин ние, дефакто тој пазар го подзатвараме. Сигурно дека Хратска ќе уведе контнгенти на конзервирани производи, контингенти на алкохолни пијалоци, некои други производи што моежеби мопжеме да ги пласираме во Хрватска и сигурно дека тоа ќе се одрази врз нашето земјоделие.

Многу упростеното гледање дека ние мислиме за нашиот базен објект, ние многу мислиме за тие вработени, мислам дека не е чесно и не е коректно, бидјеки со тоа многу мислење почнуваме да не мислиме на многу луге кои се борат на тој пазар,и ако создадеме услови, а веќе сме создале со таа Спогодба услови нашите луге да извезуваат, оваа работа треба многу, многу деликатно да ја правиме и многу елементи треба да познаваме.

Јас тука, ниту од министерот, ниту од оние кои напаѓаа или бранеа не слушнав аргументи на економска политика. Едноставно многу не

VII/6.-

напаѓаше, многу се бранеше но само според убавина или некои надворешни ефекти.

Сакам да го кажам следново, со оваа мерка ниту Рафинеријата ќе ја спасиме, со воведувањето на царина. Зошто? Ако Рафинријата е осудена на домашен пазар да продава 500-600 илјади тони производи наши, а Рафинериајта произвеудва 2,5 милиони тони производство, таа Рафинерија во подолгорочен период нема шански да опстане. Ние ќе го правиме еднаш, ќе го правиме втор пат, трет пат, но нема шанси таа работа да трае.

Заради тоа, јас сметам дека Владата не ги проучила сите овие проблеми и не нашла решение со кое решение ке создадеме простор Рафинериајта да работи со погоелм капацитет. Малку парадоксално звучи, со оваа Спгодба дефакто, на Рафиенријата

сме и боезбедиле пласман на нејзини производи во Хрватска. Таму сме создале пазар на кој на нејзинтие производи не треба да плака царина. На прв поглед излега парадоксално. Но, тоа е факт. Како другите ке продаваат без царина и нашите нека продаваат. Сигурно дека тоа не е ендоствно ниту просто. Но, сакам да парадокс да нагласам дека ова решение со Рафинеријата не е долгорочно решение со кое нашата Рафинерија ќе ја подигнеме,

Што ќе се случи сега? Разликата од 20% колку доаѓа во пари, ќе се претопи во тековното работење и плакање на сите нерентабилнсоти и т.н. на Рафинеријата. Многу пдобро би звучела таа работа ако Владата како мерка го направиле следното, Рафинерија да го снаб- дува Макептрол по тамошните цени, граѓанинот да ги плаќа тие 20% разлика, а тие 20% да се вложат во развој во Рафинеријата. Тоа е решение. Сето ова е префралање од шупливо во празно и, што е најлошо со 20% дефакто ги товариме пвоеќе оние кои со јадвитијади создаваат и кои на крајот на краиштата имаат некаква конкурентна извозна роба. Бидејќи тоа влегува

VII/7.-

во цената, покрај скапата држава уште ова го ставаме и дефакто немаме простор за пазар.

Спроед тоа, уште еднаш ке повторам дека при склучвуање на воаа Спгоодба Владата не нашла некоја релација со што ќе создаде услови овој наш капацитет , Рафинеријата, што сигурно како капита- лен објект вреди и ниту ќе можеме, ниту ќе направиме таков капителен објект, но тоа не значи дека на таа

Рафинерија треба да и наоѓаме решение да работи со 25% од капациетот и недогледно да ја штитиме. Во сите земји што претендираат дека економскио размислвуаат се прави на тој начин што се прави програма преку оваа мерка, но во смисла на заштитување на Рафинеријата.

Сметам дека ние имаме уште поголема грешка направено што Влдата со мерката, па и ние како Собрание сме овластиле двајца монополисти. Проблем во државава се монополистите на увоз. Тоа е Рафинеријата, тоа е Макпетрол. Веднаш со државни мерки само ги задол- жуваме граѓаните дали кај воаа фирма или кај таа фирма, додека не посреден допир потрошувачот со надворешниот пазар нема.

Сметам дека, доколку има можност ив реме, Владата треба да се происпита во врска со и воведувањето, веке Спогодбата е потпишана, туку да најде решение што ќе биде во функција на економската политика, а не во функција на политиката.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Ване Наумоски

VII/8.-

**ВАНЕ НАУМОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани минситри,

Неколу збора од моја страна во врска со Интерпелацијата. Ке почнам од едно мое сеќавње на еден мој професор по Економија, на времето кога се градеше Рафинеријата, тој рече "Ако Македонија во 80-тите години успеала да издејствува од тогашната власт во Белград и најумната работа е токму таа крупна инвестиција и ногупати овдека спомната , стратешка во Државата. Овој пат сме сведоци, кој како сака нека сфати, на директен атак, на рушење на еден стратешки капацитет што во овие 7-8 години навистина покажа што значи.

Не случајно ова ќе го поткрепам и со тоа што ние како книга го добивме на рака, Стратегија за развој на Република Македониј до 2020 година. Дали некој ја видел не знам, дали ја прочитал и тоа не знам. Но, внатре, јасно се кажани што е стратешки капацитет, што е стратешки производ и што Македонија во овој период до 2020 година каде треба да стреми. Јасно е тука, кажува во едно поглавје дека улогата на државата во овој изминат транзиционен период се случуваат две работи.

Ако капациетот го сметаме за стратешки, тогаш надворешниот фактор, кажано искрено влијае за тој да се руши од воен аспект. Стратегијата може да биде и деловна и внатрешна во РМ.

Внатрешниот фактор, политичкиот овој пат е јасно искажан преку профитот и целта што сака да ја оствари друга компанија не води кон негово рушење. Без разлика тоа го признал некој или не, тоа е јасно и намерата на самата интерпелација потпишана од колегите од ЛДП.

За тоа дали Влдата се залага за поддршка' на домашното производство или не, јасно е кажано и низ сите досегашни законски акти што овде ги донесовме. Во еден пример беше спомато и земјоделието. Ми се чини дека барем за оваа годинаипол во овој Парламент се донесоа толку заштитни мерки од обалста на данокот, акцизата и царините, се е во обласга на развој на земјоделието. Ако некој тоа не го прочитал, нека земе нека го прочита.

За цените на нафтата не сакам да зборувам. Логично еконкмско правило е ако капацитетот е искористен 30-40%, ако тој повеке се искористи, односно дистрибутерот Макпетрол користи, диетри- буира нафта од нашето производство, јасно е дека тој капацитет ќе биде поискористен. Цдната ке биде поефтина. Но наједноставно е увези, маржа, заработи. Тоа и баба ми го знае.

Во однос на тоа колку во овој период соработувала НБМ од податоците што ги добивме тука јасно се гледа дека во ниту еден момент не е ставен во подредена улога ни ОКТА ни Макпетрол. Во однос на оние долари што се требувани за увоз на нафтата, тоа јасно до кажуваат.

Договорот за нафтата беше потенцирано, спомнав од други колеги, нема да го чита, ке го искорсти членот 25 дека е јасен и за мене, и ја колегата Мешков како правник.

Сега на крајот, сакам да се осврнам на некои работи што беа кажани. Завршните сметки и загубите.

VII/10.-

Да се вратиме малку назад, па да видиме кои беа министри за стопанство кога завршните сметки беа и негативни и чија задача беше тогаш дел од тие работи да се подобрат. Но, политиката, сега веќе јасно се кажува дека политиката на тогашните влади не била во функција за да заживее или да проработи Рафинеријата ОКТА.

Беше спомнато од одредени колеги и моралот. Односно, Владата си ги замешала своите прсти. Владата ако ги замеша своите прсти, тогаш Владата паѓа или министер паѓа. Но, ако одреден директор на одредена фирма ги замеша своите прсти, а такви случаи имаме и од средината од каде доаѓам, тогаш се оди на суд и се одговара.

Моралот, јас не би зборувал, а беше спомнат и на мојата партија на која припаѓам. Е колеги, да бев либерало-демократ, а по некоја случајност и од Кичево, верувајте дека за моралот немаше да зборувам. Зошто? Заота што само мојата колешка и моите кичевчани тоа го знаат.

Четирипати се менува Влада. Влада ќе се менува секогаш додека Парламентот, односно мнозинството не одлучи. И сега, и

прет- ходните и понатаму. За да се менуваат бои и партии, тоа е нешто сосема друго.

Против сум Интерпелацијата затоа што сметам дека потезот и мерките што ги презема Владата односно Минситерството за стопанство е на место и мислам дека така треба да продолжи и натаму.

Благодарам.

Viii/1 СЈ/ПН

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господин потпретседателе, господа минтири, дами и господа пратеници, се јавувам по втор пат на говорницата, затоа што се договоривме дека денеска и вчера дека ќе зборуваме со аргугденти. Имаше многу коментари од колегите пратеници од СДСМ, имаше дури, примитивни работи, но мора да одговоримие по ред.

за некоја случајност или среќа, ете, ќерката на г-динот Рикаловски работи во "Макпетрол". Дали е таа виновна што работи, дали тоа е факт. Министерот бил генерален директор на "Окта" и тоа е факт. Она што г-динот Тантаров сака тука да ни

продава ветер и магла, како да му веруваме. Ги излажа пратениците, ја излажа јавнсота дека ќе формира земјоделска партија, излажа, ништо.

На говорница кажа дека ќе правеше закон за фраќање на имотот на црквата, ја осрами црквата како никој друг, таков шамар и удри, да неможе да му прости ни Господ.

Фати друга работи околу премиите, борец за земјоделието, борец за ова, само ги лаже и лаже земјоделците и ништо. Уште ги бркаат тие негови од 1995 година што им зема од премијата 1 денар со г-динот Котески од оваа задруга некаде утопија милион марки, уште неможе да им ги врати парите. Како сега на овој пратеник да му веруваме на очиглед почнува да кажува како работела Владата, чиста демагогија. Не фати уште од Адам и Ева, Либера демократите се криви за ова, ни наврза дека ние сме акционери, не погоди тоа, јас не сум акционер, а во "Макпетрол" немам

VIII/2

ништо ни јас ни мојата фамилија. Ставаше етикети, поврза времето, зошто не врнело дожд, Анте Марковиќ, компирите, милслам дека претера. Со ова ништо не постигнавте г-дине Тантаров, туку како секогаш се залагате, се залагате за земјоделците и кога ќе треба да гласате за земјо- делците, ќе ве снема, ќе ве дисциплинираат и ве нема. И, ќе гласаш против. Тоа е секогаш вашиот познат став.

Кога дојде ред за она што сакав да кажам, а го нема министерот, замина, она што вчера јас го кажав, ме прашаа некои новинари дали е тоа вистина за "Мит комерц". Јас им

реков вака: ова ќе го поткрепам со факти. Рековме, зборуваме само со факти. Еве го фактот за "Мит комерц" ќе дадеме да се множи дека е набавено 355 тони и 460 керозин или гориво за авионски мотори. Што е млазно гориво? Што е сега работата и зошто се приговара за "Мит комерц". Затоа што се јавува разлика во акцизи. Се продава горивото како дизел гориво Д-1, а цената му е 24 денари. Ако се земе и ако се направи пресметка, ако се пресмета, тогаш испаѓа дека со неплаќање на акцизи 11,59 е на керозинот и разликата која се плаќа за горивото керозин или гориво за авионите е 16 денари. Ја продава 24 се јавува разлика од 8 денари кои одат директно во џебот на "Мит комерц", а 3 денари одат не се знае во чиј џеб, во некој џеб на луѓето од "Окта". Тоа е што треба да го знаат вработените во "Окта", да разберат зошто ние ја насочивме оваа интерпелација, дали е вниновен министерот или не. Сигурно ќе стане со аргументи и ќе образложи, толку е писмен, ќе каже, ги знае сите биланси, а не да го браниме. Ова стана чита некои измиени четива како да е на погреб. Министерот е жив. Така кога ќе почне човек му читаат, добар беше. Овде бараат факти. Јавноста бара факти. Така не се брани министер. Минситерот ќе има доблест, ќе стане и се одбрани. За ова, вака направено, "а бре македонче", се знае. Се оди во затвор. Кој не ја завршил оваа работа, тука е Министерството за финансии, тука е Републичкиот инспектор, требаше кривична кривија за републичкиот

VIII/3

инспектор, зошто дозволил да се дистрибуира гориво керозин, треба да се прави специјална заптита, ми- нистереот е виновен затоа што неговиот инспектор во неговото Министерство е, тука нема одбрана, ова се факти. Нека излезе министерот и нека

одбрани. Со што? Таму е лоцирана нашата интерпелација за министерот.

Лоцирана е таму зашто сакаме да подобриме, тука имаше многу добри дискусии, беше дискусијата на г-динот Лазар Димов, на Мешков, тој кажа она што е правен аспект, кажа она што е и што треба да направи Владата. Не, тука се јавуваа некои колеги пратеници да кажуваат дали ќе требало да се продаваат јагниња, несаскам дсега да кажувам, се јавуваа пратеници колеги кои се директори на многу големи стопански комбинати. Сите кажуваат дека имаат големи потешкотии во стопанството, дека тешко се работи, дека многу тешко е и дека уште потешко е, г-дине Тантаров се е добро, нема проблем, министерот е добар.

Во вчерашното излагање на министерот кога кажа министерот како работеле сите рафинерии во многу поразвиени земји од нас, со загуби, работеле во многу земји како нас, тогаш би го прашал министерот дали знае како одговараат министрите во тие земји. Да се случи една ваква работа на министрот ние нема потреба да му даваме интерпелација, тој сам како морален чин ќе си поднесе оставка. Или ако ја дели одговорноста со Владата, Владата треба да поднесе оставка. Нема тука одбрана, нема што да се врати. Не е погрешката, еве сега се прави маркетинг, предизборен, либерал-демократите, нивна е фирмата "Макептрол" го бранат. Ни случајно, ова се прави да се заштитат тие таму 1.300 вработени, да спијат мирно. А, знаете во што е решението, не дека знаела Ј1ДП, решението е тие 2 гиганта, тие 2 компании, тие мора да работат заедно, тие се блиски. Единствено решение е 2-те да се спојат, да има контрола државата, да има тоа што треба да се плаќа, да се вратат тие пари кои се вложени од поранешна Југославија и ако е направено, само

така може да спијат мирно и тие таму 1.300 луѓе иако капацитетот од 2,5 милиона тона, работи со 15% капацитет, значи не работи рентабилно, да нема тука препукавање "Окта" - "Макпетрол", да се стави во ред ако сака државата има решение. Да ги интегрира, да ги спои, да ги приватизира.

За она што го бара и Светската банка, ние и за тоа бараме експертска анализа да докажеме, нека дојдат луѓе од Светската банка од ММФ да направат анализа, да се каже дали работи ова, рафинерија по ИСО и со стандардите. Ова не го кажа министерот верувам дека ќе го каже, затоа што е најповикан, затоа што бил генерален директор во производство. Сите моменти му се познати и верувам дека ќе стане и ќе има доблест министерот да одговори. Нема потреба никој да го брани. Ова го зборуваме за доборот на Македонија, затоа што сите прашања што ние ги покренавме испаѓаат со задоцнување од месец, 2 или 3, но тоа е вистината. И секогаш сме биле во право. Е, сега дали ќе имаат храброст новинарите тоа да го напишат. Сигурно дека ќе немаат. Јас ги жалам новинарите, немаат луѓето срце бидејќи се притиснати, но треба да почнат да пишуваат, затоа што се ова битни работи за РМ.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Реплика за г-динот Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, јас нема многу да реплицирам, со пратеникот ос Свети Николе, бидејќи од кога сме овде на оваа говорница во оваа средина, а тој постојано во своите дискусии меша и баби и жаби,

VIII/5

така да неможе да го разбере ама никој што сака да каже на оваа говорница, па ниту јас можам да го разберам што сакаше да зборува.

Јас забележав само 2-3 негови така, чачкалици, и по нив ќе одговорам.

Прво, г-динот од Свети Николе 1995 година кога вашиот преценет министер за стопанство Ристо Иванов дозволи во екот на жетвата на пченицата во Македонија да се увезуваат огромни количини на пченица и кгоа нашето производство на пченица немаше каде да оди, туку се складираше по дворовите на земјоделците, по амбарите, се складираше на отворено поле од комбинатите, тие земјоделци, тие комбинати беа должни да прифатат од нашата мелничка индустрија откупната цена на пченицата што беше утврдена на 10 денари да ја дадат за 8, или 7, или 9 денари.

Земјоделската задруга на кооперанти од Битола им понуди на земјоделците да им ја плати по 9 денари. Сите земјоделци имаат склучено посебни писмени изјави за тоа. Ние како земјоделско здружение во името на.земјоделците не се сложивме со една ваква принудна одлука на ЗПЗ кооперанти. Ние побаравме цената

да се плаќа по 10 денари, меѓутоа, ни рекоа ако сакате за 9 во ред, ако не кај сакате со неа требете се.

За ваше информирање г-дине и за информирање на целата јавност, во врска со овој украден денар, од земјоделците, велам украден, бидејќи гарантираната цена на пченицата изнесуваше 10 денари, а нас ни се платени по 9 денари, а во некои општини по 7 и по 8 денари, здружението на земјоделците има заведено на 4 април 1996 година судски спор во Основниот суд во Битола. На изминативе 3 рочишта по овој судски спор, не доаѓаат претставници од Владата. На последниот спор се појави правобрантиелот, меѓутоа, бидејќи оваа материја не му е доволно позната, побара да се одложи. Очекуваме во текот на овој месец расправата за овој

VIII/6

украден денар на земјоделците да продолжи. Толку во врска со вашето видение за тој денар.

Второ, вие се повикувате на тоа зошто јас како предлагач на Законот за враќање на имотот на МПЦ го повлеков од процедура овој закон. Г-дине од Свети Николе, јас, не ми дава совестас да ви одговорам зошто го направив тоа. Вие ќе одите и се консултирате за тоа во Македонската архиепископија. Ќе ви кажат луѓето што се задолжени за тоа што е направено.

Вие добро знаете дека во изминатиот период под притисок на Светската банка и ММФ беа укинати премиите за сончоглед, шеќерна репам пченица, млеко и месо. Јас бев единствениот пратеник овде меѓу вас, што побарав со закон да се вратат тие

премии. Меѓутоа законот не помина овде. за жал, многумина и од вас не гласаа тука, што денес ги спомнувате премиите.

Толку во врска со овие обвинувања од пратеникот од Свети Николе, меѓутоа сакам сега да предложам до Парламентот еден мој предлот ако тој го прифати добро, ако не, здравје.

Со оглед на тоа што во текот на овие 2 дена на оваа говорница децата и внучињата на господинот Анте Марковиќ истурија многу солзи за работата на Хрватска, затоа што министерот Рикаловски не дозволил понатаму да се увезува хрватски бензин, односно хрватски нафтени деривати во Македонија при постоење на такви деривати во нашата рафинерија, јас предлагам доколку е можно македонската телевизија сите дискусии на либералите каде што плачеа на оваа говорница да бидат пренесени на хрватската телевизија за да видат господата од Хрватска и дека во овој парламентарен дом на Македонија има пратеници што се борат за Хрватска. И тоа е логично, ќе се борат за Хрватска, затоа што

VIII/7

знаеме дека ние господо колку време во Хрватска беше најголемиот џелат на македонскиот народ.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Реплика за г-динот Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Очигледно дека мене Тантаров многу добро ме разбира. Перфектно. За онаа 1995 година потврдивте дека оној денар фали. За она што не се извршува во судот Владата рековте, тоа е ваша Влада, тоа е Влада од СДСМ. Имате механизам. Значи, денасрот фали. Значи, добро сте ме разбрале. По однос на ова, и ова ви сто икако хипотека.

За она другото околу црквата, јас прашам и Господ ми шепна дека си грешен и си згрешил.

А, за третото, вие г-дине Тантаров гласавте за овој закон, ние баравме поединечно, вашата пратеничка група не дозволи вие ги укинавте сите премии, така да се е совршено јасно. Туку вие сакате и да припаѓате на СДСМ и да не припаѓате. Вие сте во СДСМ, ваша е Владата, ваша е одговорноста. Нема тука што да се браните пред земјоделците. Тоа е вистината.

А за ова дали сме браќа или сестри, немојте. Многу сме далеку ние со Хрватска. Многу.

VIII/8

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Г-дин Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, тешко е на македонските верници кога еден бивш кмунист денес се бори за нивните права односно за враќање на имотот на МПЦ што со присилните закони од бивша

Југославија и беа одземени. Јас незнам дали овој пратеник знае каде се наоѓа црквата во Свети Николе, незнам и дали бил во неа и дали го знае нејзиното име. Меѓутоа, јас можам да кажам, не да се фалам г-дине пратениче од Свети Николе, јас сум претседател на одборот за обнова и изградба на манастирот Света Богородица во с.Новаци. По сите зулуми што беа направени, на овој единствен манастри во Пелагинија дојде време и тој да се обнови, а зулумите ги правеа и Србите и Бугарите и Турците. Тој манастир се обновува благодарение на луѓето што се наоѓаат околу мене чесни луѓе, чесни селани, чесни земјоделци. Досега во овој објект се вложени околу 300 илјади германски марки. Со Господ напред се надеваме дек годинава ова светилиште на македонците ќе биде готово и ставено во функција за нивните потреби.

Вие рековте г-дине пратениче од Свети Николе, дека јас ја признав грешката со тој денар што е закинат на земјоделците со пченицата и дека водиме спор и дека не доаѓа претставник на Владата. Вие, г-дине пратениче од Свети Николе, гласавте за донесување на законот за нашето судство и за избор на судии. Пратеникот Вељо Тантаров неможе да го натера ниту еден судија, ниту еден правобранител или член на Владата што треба да ја брани Владата во оваа постапка што вреди околу милион германски марки да дојде на рочиште и а се заврши ова рочиште.

VIII/9

Меѓутота, ние какјо здружение на земјоделци, а јас како негов претседател, нема да отстапиме ни на овој ни на оној век за оној грабнат денар од земјоделците.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господин или другар, од село Новаци тој живее во Битола. пак една демагогија. Ова комунист незнам како да го прифатам, како комплимент или како компликација, затоа ќе кажат моите сограѓани во Свети Николе.

За ова јас колку со црквата, можат да кажат луѓето од таму. За многуте работи што кажа ,не дека сте биле претседател на Одборот веднаш да ве сменат, затоа што направивте штета на црквата.

IX/1нн/мп

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги. Не мислам да влегувам во дискусија, за Интерпелацијата, туку нешто друго сакам да кажам.

Мислам дека би било добро пратениците пред оваа трибина кога меѓусебно комуницираат сеедно и да се караат, но да водат сметка за тоа какви евентуални впечатоци оставаат и надвор од салата. Мислам дека не е добро на оваа трибина да се каже анблок, без ниеден аргумент дека Хрватска била џелат на Македонија. Мислам дека тоа не стои и дека Собранието тоа не може да го прими. Може да бил поединец, може да бил систем и т.н., Хрватска - Хрватски народ, Македонија - Македонскиот народ не можат да се стават во тој контекст. Тоа може да биде и лапсус, но молам да се води сметка сепак, бидејќи се работи за пошироки релации, а не за еден проблем.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, мојот добар пријател, пратеникот Хисен Рамадани изгледа недоволно ме разбра кога реков дека во Хрватска живеел најголемиот џелат на Македонија, а не дека Хрватите се џелати на Македонија. Мислам дека така треба да се разбере.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Јас исто би ја искористил говорницата да укажам дека беше речено и мојата Либерално-Демократска партија беше наречена Либерално-Демократска Макпетрол партија. Мислам дека тоа не е во ред и мислам дека такви настапи, треба да се престане со такви настапи, а ако треба нешто да кажеме за Макпетрол јас само ја познавам како високо организирана фирма на која треба

фирми од цела Македонија да и позавидат. Фирма која работи на светски начин и фирма која најсовремено

IX/2.-

опремена со сите средства за модерно работење. Според тоа, за мене Макпетрол е синоним за успешна фирма, а молам мојата партија никој повеќе наругливо да се нарекува. Секој кој треба да каже нека каже Либерално - Демократска партија.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам кој бара збор?

Има збор господинот Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван господине потпретседателе, дами и господо почитувани пратеници.

Бидејќи на неколку пати овде беше кажано дека Владата на Република Македонија и во контекст посебно Министерството за финансии ја става Рафинерија во привилегирана состојба во однос на плаќањето на јавните давачки дека гледа кон ова претпријатие благонаклоно, дека фактички ја ослободува од плаќање на акцизата и т.н. би сакал веднаш да кажам дека во основа таквото тврдење е погрешно и се разбира сакам овде пред вас со сиот респект кон сите да го аргументирам тоа и со соодветни бројки.

Кога би сакале ние тоа да го правиме, во конкретниот случај спрема Рафинерија не би можеле да го правиме, бидејќи во Буџетот за тековната година акцизите учествуваат скоро со 30%, или во апсолутни бројки тоа се 12 милијарди денари. Од тие 12 милијарди денари некаде 80%, значи околу девет милијарди

долори паѓаат на акцизите од нафта и нафтени деривати. Според тоа кога ние би ја ослободиле ОКТА, како што некој сака овде да тврди и кога би се откажале од она што таа го должи тоа значи дек аби отвориле сериозна дупка во Буџетот, која што не можеме никогаш да ја

IX/3.-

покриеме. Така да навистина апсурдно е да се мисли дека ние така на тој начин постапуваме и дека нешто како Министерството за финансии ќе и опростиме на ОКТА. Од 1995 година, според бројките што ги имам овде заклучно со трите месеци од 1998 година вкупната сума на наплатени акцизи од ОКТА се 10,6 милијарди денари. 1995 година од ОКТА е наплатено 2,5 милијарди долари, нешто повеќе од 2,5 милијарди долари, таа година не работеше цела година Рафинеријата заради проблеми. 1996 година, јас бев министер тогаш од ОКТА се наплатени 4,4 милијарди денари акцизи. 1997 година наплатени се околу 3 милијарди и сто и првите три месеци од тековната година околу 6 милиони денари. Точно е дека има, според податоците што ги добив од Заводот за платен промет еден долг кој што е остарен и кој што ОКТА не го има сеуште платено. Овде стои 272 милиони. Тоа е факт и тоа е работа која што не може да се крие. Ајде сега да одиме и да ја анализираме работата што би можело во оваа ситуација да се направи. Јас не сакам да објаснувам бидејќи мислам дека министерот Рикаловски објасни зошто и како е дојдено до оваа ситуација, зошто е направен тој долг кој што спрема државата ОКТА сеуште не го има измирено. Беа објективни причини и тешкотии. Тогаш кога цената на нафтата на меѓународниот пазар достигна енормни износи, меѓу 25 и 27 $ по барел, се разбира дека ОКТА не можеше да работи

рентабилно. Тоа е факт и тоа е тожно. Тогаш ОКТА пресметуваше дека направила некоја загуба од 600 милиони па се обраќаше до Министерството за финансии, до Владата, тоа Владата да го отпише итн. Но, се разбира тоа Владата не го направи. Владата исто така во тој временски период не ја покачи цената на нафтата што може и да се коси, се разбира, со економските принципи на работење, меѓутоа, покачување на цената на нафтата може да има далекусежни и негативни импликаации врз макроекономската стабилност на земјата. Подоцна што се случи? Владата направи чекор напред да и овозможи на ОКТА да ја подобри својата финансиска состојба толку колку што е можно со тоа што државата се откажа од дел од акцизите. Тоа е

IX/4.-

направено, тоа е факт, Вие знаете дека е тоа направено заедно со пакетот, со Законот за финансиско работење. Кое е решението во ваква ситуација? Има две решенија почитувани пратеници, никој не го споменува овде, а сите го знаете. Затоа што ОКТА ни должи ние како држава можеме да ја блокираме 60 дена и да појде во стечај. Ве молам, сите велите дека е тоа стратешки објект. Да ја пуштиме ли ОКТА во стечај? Ако го имаме во обзир фактот дека тоа е по дефиниција, она што велиме во економијата природен монопол, не во негативна конотација на зборот, но третман на природен монопол имаат оние производствени капацитети во кој што е вложен огромен капитал заради природата на технолошкиот процес и каде што од општествен аспект не може да има дуплирање на капацитети. Значи, нема Македонија да има втора, трета, таква фирма. Не може пазар од 2 милиони

има две или три рафинерии. Што сега, за тие пари што ги должи да ги пуштиме во стечај? Тоа е едната работа.

Таа ќе појде во стечај иако стечајот не значи и физичка ликвидација на претпријатието. Тоа значи дека таа Рафинерија ја немаме со сите индуцирани ефекти што ги ствара за ова стопанство, што е апсурд, бидејќи верувам дека никој од вас не би се согласил со тоа и со таква политика.

Да одам чекор натаму. Ова не е правено спрема ОКТА. Кога ние најдоследно би оделе онаму каде што откриваме вазија, неплатени даноци еднократно да ги наплаќаме огромен број на фирми ќе појдат во стечај. И не е случајно насекаде во светот државата да управува со своите побарувања. Друг проблем е што нашите закони не се докрај изменети. Тоа не го дозволуваат во основа, или создаваат определени лимити. Меѓутоа, практично секогаш кога ќе откриете голема давачка, неплатена имате два избори. Или да појде претпријатието во стечај или да им кажете во еден временски период од толку и толку тоа морате да го платите, ние нема да се откажеме од тоа, а имаме механизам да не се откажеме. Сега засега бидејќи Заводот за платен промет, ќе блокираме како што доаѓаат

IX/5.-

приливите на жиро сметка доаѓаат кон државата односто се слеваат во Буџет. Тоа е тој механизам што го има државата да наплати и ние тоа го правиме.

Во случајот на ОКТА ајде да видиме дали јас како министер сум благонаклонет однос. Не е точно тоа, сакам со факти и аргументи да зборуваме.

Во текот на 1997 година 120 дена била блокирана ОКТА од страна на Управата за јавни приходи, се разбира не перманентно, бидејќи ако надмине 60 дена треба да оди во стечај. Еве ви ги овде сите податоци од Заводот за платен промет и точно може да се види. Сме имале блокади што траеле 15 дена на пример од 15 јули 1997 до 31 јули 1997 година. Зошто е таа блокада? Да се земат акцизите, да се наплати. Или имаме блокада од 20 дена од 11 декември до 31 декември 1997 година. Оваа година почитувани пратеници 1998 година 66 дена е блокирана ОКТА од страна на Министерството за финансии односно Управа за јавни приходи дека од 1.01.1998 година до 31.01.1998 година. 30 дена најдолгата блокада, па после имаме 18 дена. Ние тоа го чиниме. Јас сакам да кажам пред Парламентот дека долгот на ОКТА не може никој да го избрише, затоа што нема закон кај нас кој што вели дека може да се брише. Може да се направи тоа со Законот за финансиско работење, каде што имаше амнестија, но тоа не може да се прави перманентно, бидејќи го имате тогаш никој да неплаќа данок. Според тоа немаме никаква намера, ниту можеме ниту имаме дискреционо право, ниту законско право да и опростиме долг.

Факт е, исто така почитувани пратеници дека и према други фирми во основа така постапуваме. Јас кога дојдов министер, сега ќе ве потсетам, беше аферата во Тутунскиот комбинат Прилеп, каде што откривме 600 - 700 милиони долг. 500 милиони долг наплативме минатата година од

IX/6.-

Тутунскиот комбинат, акцизите си ги вративме. А што да направевме? Да ги ставевме под стечај, да умреа, кој ќе ни ги

дадеше после акцизите. Не е случајно што во земјите со развиена пазарна економија Владата има дискреционо право да управува со својот долг. Тогаш кога ќе откријат голема евазија едноставно и се дава на претпријатијата на рати. И ние тоа ќе го внесеме во Законот за управата за јавни приходи, бидејќи и него треба да го менуваме, наскоро ќе дојде и Царинскиот закон, па и таа работа ќе се регулира, меѓутоа не како чисто дискреционо право, туку како право врз база на критериуми. Како што агенцијата за санација на банките управува со побарувањата на државата кон претпријатијата, дава дисконти, репрограмира итн. И тоа не е ниту невообичаена, ниту незаконска, ниту непозната работа во светот. Меѓутоа, ние не можеме и нема да ги простиме долговите на ОКТА. Прашајте го менаџментот на ОКТА да видите што Ќе ви каже за мене, бидејќи јас имам проблеми перманентво со нив. Јас морам да ви кажам дека за мене е исто и ОКТА и Макпетрол. Немам проблеми со Макпетрол, меѓутоа и тогаш кога е неопходно добро се разбираме со Макпетрол и толерираме. Има еден апсурден пропис кој што вели ако Макпетрол донесе 50 илјади тони нафта веднаш треба акцизите да ги плати. Апсурд е. Како да ги週 земеме на луѓето 200 милиони наеднаш. Тоа ќе си отиде под царина и определен временски период, тогаш кога луѓето ќе имаат можност тоа ќе го платат. Се разбираме и немаме никаков проблем. Од низа претпријатија сме успеале да наплатиме долг токму на таков начин. Според тоа ве молам навистина не е коректно, не е фер да се каже дека Министерството за финансии дека има посебен однос према ОКТА, го привилегира. Ако го прашате, како што реков менаџментот нема така да ви кажат за мене. Често пати ми се лутат и велат ти си тој што сакаш да уништиш еден стратешки

објект итн. Меѓутоа, јас сум тука заедно со моите соработници тоа да го наплатиме и ние ќе одиме до крај и ќе го наплатиме.

IX/7.-

Исто така морам да ви кажам и морам да реагирам како министер, бидејќи овде беше кажано дека се прават буџетски злоупотреби толку и толку милиони марки и незнам што. Неможе така, без аргументи тие работи да се кажуваат заради проста и едноставна причина, што во еден период, тежок во кој што живееме и работиме сепак Министерството за финансии прави максимални напори толку колку што е можно да воведе ред во овој домен. Никој не вели дека Министерството за финансии го донесе Законот за државна ревизија, па сега државниот ревизор ќе се избере. Тој ќе го контролира републичкиот буџет и сите други буџети, буџетите на јавните претпријатија итн. Маки мачиме две години со трезорскиот систем. Од мај месец министерот за финансии, секој министер во Владата на Република Македонија ќе може секоја позиција да ја контролира и да види дапи одделни корисници на буџетот трошеле ненаменски. Сега немаме таков механизам, меѓутоа, ете толку време работиме и тоа го правиме. Евего и Законот за јавните набавки го правиме. Според тоа лесно е да се каже се прават злоупотреби, Министерството за финансии тоа не го контролира итн. Мислам дека во основа не е коректно. Или да се мешаат некои работи кои што не се во ред.

Околу заштитата и заштитната политика, сега треба да се потсетуваме на еден факт, заштитната политика се води во основа преку царинскиот тарифник. Тоа ни е прв закон што пред овој Парламент го бранев и почитувани пратеници сите ќе се сетите колку имавме проблеми како Парлемент сите да дојдеме до

некое решение кое никогаш не може да биде реално, затоа што царинскиот тарифник како прво е огромен закон, со преку 7000 позиции и тој има три функции. Најпрво, има заштитна функција, после има развојна и на крај фискална. Најбитна функција таму е заштитната и тоа е заштитната политика на Република Македонија. Таа не се однесува ниту на ОКТА, ниту на ова или она претпријатие, туку се

IX/8.-

однесува за одделни дејности, гранки и важи за сите претпријатија. Навистина апсурдно е понатаму да се тврди, нека не ми замерат пратениците што тоа го кажуваа дека ние немаме заштита на земјоделското производство. Г1а, вие се сеќавате дека степенот на заштита намали во Република Македонија. Од 25 на 15% просечно пондерирано со новиот царински тарифник. Единствена област е земјоделството каде што царинската заштита оди до 60%. Заедно со прелевманите, а ги имаме над 350 производи оди до 70%. Не може така да ги забораваме работите или да се правиме дека не ги знаеме. Или не знам сега со акцизите не ја штитиме домашната ракија, што е многу погрешно тврдење. Нема никаков аргумент, затоа што на стартот цената на нашата ракија е 3 до 3,5 пати помала од виски.Зошто забораваме дека вискито кога ќе дојде треба да се плати царина, која што е висока и врз база на увозната цена и царината натаму се плаќа данокот на промет. Ракијата си е заштитена без никаков проблем, а имаме стандардно европско решение бидејќи 10 пати од Европска унија ни напишаа писмо дека решението што го имаме не функционира. Европската унија се буни и во Брисел ќе одиме на суд. Како не е заштитена ракијата.

Има и други работи што овде се спомenaa, но не сакам сега да реплицирам, ниту пак сакам на некого да му се лутам, меѓутоа, само ве молам дајте да зборуваме со факти, бидејќи така кога ќе се кажат работите, а сепак оваа говорница и цела јавност ја гледа и има своја тежина и ве молам да бидеме коректни да се пожитуваме меѓу себе, да се напаѓаме, да се критикуваме., апсолутно, меѓутоа да зборуваме со факти и аргументи.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ**:

Пауза до 16,00 часот.

Пауза од 15,10 часот.

X/1 ДВ/НД

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,25 часот)

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**:

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Кажано е доста, дури се е кажано и доволно за една Интер- пелација за еден таков ресор како што е Министерството за стопанство. Сепак мислам дека, со исклучок на неколку дискусии, малку можеби поемотивни и поекстремни, се друго мораме да го прифатиме како дел од она што значи прилика, бидејќи немаме често ниту прилика да се проговори и нешто пошироко, што значи еден витален ресор, па и уште пошироко беше давано споредби со земјоделството,со финансиите и сосем

во право бидејќи сето тоа претставува една целина и тешко можат да се издвојат сите овие сегменти.

Прашањето на одговорност на еден министер сигурно дека секогаш е привлечна тема и предизвикува интерес и кај пратениците, очигледно и во јавноста. Но, од сето ова јас гледам една позитивна клима без резерва, што најотворено разговараме за сите прашања и проблеми и објективно овие два дена бевме и информирани за многу работи за кои, можеби честопати или периферно ги поминуваме, или пак, едноставно не им обрнуваме внимание.

Прашањето лоцирано на еден сегмент што значи дел од енерге- тика, со одредени коментари вчера дека тоа е најпривилигираниот дел, за разлика од електроенергетиката, барем така беше искажано можеби и треба да се свати и да се прими како вистина, бидејќи сите ние, овие години station наназад најчесто при давањето мислења и ставови што значи тоа да се овозможи профит, екстра профит, да се овозможи едно монополско

X/2.-

работење, да се овозможи едно, што вели народот снаоѓање, најчесто покрај другото споменувавме промет со нафта и нафтени деривати.

Сите ние добро се сеќаваме, зависно и од подрачјата од каде што доаѓаме дека во периодите на најголеми кризи, особено при ембаргото дојде до една експлозија до еден бум на приватните бензински пумпи. Имавме дури импровизирани бензински станици, по улици, по ледини, по паркови, едноставно

секаде каде што ќе можеше да се оствари еден профит и се, се разбира од капата на државата и се, се разбира со едно објаснување и толкување - подобро е да имаме па макар некој заработил многу, отколку да немаме нафта и нафтени деривати. Практично сето тоа останува и натаму да биде еден атрактивен сегмент од нашето секојдневие, при што е сосема нормално секој да се бори за позиции, секој да се бори и за одреден профит. Во сето тоа развојот на државата, сигурно дека има и своја одговорна задача и улога, овие сегменти да се урамнотежат, да се избалансираат и да не се дозволи практично претегнување на тегот на една друга трета или четврта страна.

Ние денес и вчера добивме низа информации. Ние овие информа- ции ги имаме. За повеќето од нас не е тајна дека при прометот со нафтени деривати и нафта, зборувам за малопродаја, преработени, дека профитот е толку мал и мислам ако се платат сите давачки, се движи околу 1 денар по литар. Значи една симболична бројка која, веројатно оние кои што сакаат да се занимаваат со тој бизнис, откако ќе се прис лушаат брзо и се откажуваат. Но, оние храбрите и оние што имаат одре- дена заштита, се разбира, имаат поткрепа, имаат веќе уходани канали на работење, се одлучуваат да работат и профитираат.

Прашањето на керозинот присутен е во сите општини и во најголемиот број на приватни бензиски пумпи. Меѓутоа во ниеден случај ние не смееме оваа проблематика што значи енергетика да ја поедноста-

X/3.-

виме, дури да ја вулгализираме во односи Рафинерија ОКТА и Макпетрол како дистрибутер од многу причини што Макпетрол веќе

доби одредена конкуренција, дали е тоа лојална или нелојална, дали е тоа голема или мала конкуренција, сепак приватни бензиски пумпи има се повеќе. Знаеме како се добиваат и атрактивните плацеви, односно локации за нови бен- зински пумпи и сето тоа е во ред. Сигурно дека инвентивноста, снаодливоста на сите кои се занимаваат со овој бизнис треба да биде поздравена, но веројатно и не треба да се затвараат очите пред нешто што значи брзо богатење или искористување на одредени состојби на пазарот.

Прашањето на нафта и нафтени деривати, со доаѓањето на гасот во државата, ќе бара една целосна опсервација, ќе бара едно покомплексно размислување за иднината на она што значи нафта, нафтени деривати, гас па и други видови енергија, но особено овие, во идниот развој на државата, затоа што гасот во најголем дел ќе ги замени тешките дерива- ти мазутот. На тој начин прашањето на рентабилноста на Рафинерија ОКТА понатаму ќе биде уште посложено и поекспонирано и верувам дека никој тука денеска нити ќе се согласи, ниту ќе изрече став да се стави клучот на овој стратешки објект. Рафинерија ОКТА останува стратегиски објект, меѓутоа неговото перспективно решавање мора да биде комплекснс и мора да биде поопстојно, без да се создаваат конфронтации. На оваа држава и треба и ОКТА и треба и Макпетрол и треба и Силекс и Бучин и Тетекс и тн.

Одговорноста на Владата и на нас како пратеници е како сега во сето тоа да биде усклаlен општиот интерес на сите во државата, да не се нарушат сите оние аспекти што значи продуктивно вработување, што значи производство кое што има пласман на домашниот, пред се и на странскиот пазар и она што значи политика на, ако треба, соодветна поддршка во ооодветен

временски период на конкретен стопански субјека Некој рече дека не треба ние овој конфликт да го издвојуваме, дури во

X/4.-

фетиш, во однос на Макпетрол и ОКТА. Мислам дека увидовме што значат и меѓународни договори.

Ние да се потсетиме, почитувани колеги пратеници дека најбрзо во овој Парламент ги понинуваме меѓународните спогодби и договори. Најбрзо освен ретко некогаш да поставиме некое прашање или да бараме некое појаснување овој дел, од она што значи билатерална соработка и она што значи вклучување во меѓународните токови, поминува најбрзо. Сега, откако ќе видиме дека има можности за изигрување на тие договори, откако ќе видиме дека еден и дваесет не е исто. Ние спомнувавме тука, меѓутоа не се обрна внимание, колку пати ние објаснуваме дека договорите и со другите земји се злоупотребуваат но не е тоа масовно и не така стратегиски значајно, како што е нафтата и нафтените деривати. Сите ние знаеме дека сега главниот коридор за увоз на јужно овошје е северниот сосед, Црна Гора-Србија-Македонија. Не е веќе тоа Солун). Според тоа, сигурно дека ние треба да ги почи- туваме спогодбите но ќе бидеме зрели и како Влада и како Парламент ако во иднина ние практично размислуваме кој е понатамошниот интерес на државата.

Не можам, сепак, да прифатам, министерот за финансии така бегло и така едноставно дури несистаметизирано, огромните бројки на она што значат акцизи, па и други давачки, така да речам едноставно ги коментира дека некој ќе биде толериран некој не, за потоа одеднаш да добиеме дисконт за некого од 70% и потоа се чудиме зошто приливот по однос на зафаќања, даноци,

акцизи, перманентно ни се намалува, а гледаме дека сепак некои состојби и живнуваат.

Она што значи политика на власт,на држава, мора да биде дами и господа легализирано во овој Парламнет.

Верувам дека помалку ќе имаше место за дискусии и помалку ќе имаше место и аргументи за оваа интерпелација ако прашањето на ОКТА

X/5.-

се постави, не повеќе, туку на пример на една комисија за стопанство и таму аргументирано во еден поширок и компетентен состав да се дискутира вистината за таа иднина. Почесно е покоректно е, да речеме дека таа рафинерија треба да се сведе на помал број вработени, дека структурата и нејзиното производство треба да претрпи измени, за ова општество да не биде перманетно оптоварено како да пра ви свесно грешки за привидно таму да имаме стратегиски објект со еден пристоен број на вработени, а нема подалечна перспектива од неколку месеци за кое време може да се изнајдат средства да се обезбедат основните импути во тоа производство. И што е сега од сето ова, да речеме заклучок од моја гледна точка.

Беа искажани многу аргументи. Со многу се согласувам со некои не морам да се согласам, не е ни битно, меѓутоа евидентно е едно, дека во прометот со нафта и нафтени деривати можни се огромни манипулации, можни се огромни профити, ако затаи она што значи власт и нејзините контролни механизми во сите свери, најмалку можеби на планот на увоз затоа што таа материја најлесно се контролира. Повеќе можеби внатре во домашниот промет.

Второ, она што јас во еден подолг период, а сега мислам дека настапува времето и отворено да се проговори е прашањето на професионалација на функцијата пратеник. Дали ние ќе имавме такви дискусии тука ако сите ние како пратеници бевме професионалци и се разбира со сите оние пратечки прописи кои ограничуваат бавење со профитна дејност за време на обавување на јавна функција во која спаѓа и функцијата министер и пратеничка функција, повеќе мислам на пратеничката функција како масовно застапена во овој Парламент. Сигурно дека ќе немавме вакви и несакајќи навлегување во едни антагонизми што не ни се потребни и не ни требаат. Не ни треба да се правиме кој е за што повеќе или помалку загрижен. Треба да бидеме

X/6.-

загрижени да овозможиме еднакви услови на стопанисување, да бидеме загрижени како да го зголемуваме производството во чии што дел спаѓа и Макпетрол и ОКТА и сигурно дека треба да охрабруваме процеси што значат стабилни стопански и други субјекти, едноставно трговски друштва кои успеале успешно да се трансформираат, кои успеале процесот на приватизација да го завршат и дури да се гледаат видливи плодови на таа приватизација во вид на дивиденди и друго. Мислам дека ќе биде најголема грешка ако од оваа седница ние пренесеме клима дека треба да бидеме еднакви во сиромаштвото. Не, натпреварот треба да продолжи.

Добро е и што ОКТА се пријавува со амбиции да се изнаоѓа решение за нејзината состојба. Верувам дека тие колеги таму од техничката насока ги знаат вистинските ресурси и вистинските можности на тој гигант. Сигурно дека треба да бидеме оптимисти дека мора и може да се изнајдат рационални и оптимални техничко-технолошки решенија кои во ОКТА во едни други услови со намален број на вработени со уфрлување на странски капитал кој што ќе диригира и производство наменето за извоз наменето за други пазари, ќе можеме практично

целиот овој проблем го сведеме на едно рационално ниво. Во таа насока и со оглед на мојата дискусија јас по однос на оваа интерпелација ќе бидам воздржан.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Рикаловски.

**БОРИС РИКАЛОВСКИ:**

Господа пратеници, навистина сум пријатно изненаден што една ваква точка предизвика толку голем интерес, што практично по моја

X/7.-

евиденција овде 24 пратеници говореа за темата што овде е на дневен ред. Тоа говори дека навистина сме допреле една многу важна точка, еден многу важен дел на нашето стопанство и тој заслужува да биде претресен на начин кој доликува на еден Парламент и да биде тоа што овој Парламент го заклучува, не само обврска за Владата туку и за министрите, а и обврска за секој субјект кој може да придонесе во насока на наш постабилен, поцврст и поорганизиран развој во сите свери особено во стопанството.

Јас сум пред тешкотија да се осврнам на се она што како забелешки беше кажано во текот на така обемната расправа, но во одреден степен дури чуствувам дури и нема потреба во детали да се задржувам на тоа, затоа што, од она што го слушнавме од подносителите на Интерпелацијата во текот на денешниот и вчерашниот ден после моето излагање јас не гледам ниеден нов аргумент, ниеден нов момент, поинаков од оние што беа изнесени во текстот на интерпелацијата. Според тоа, сметајќи дека низ текстот што вчера го прочитав низ моето излагање во вчерашниот ден одговорив на тие прашања што беа кажани во

Интерпелацијата. Нема потреба на ист начин да ги повторувам или со друга терминологија да ги повторувам тие тези. Јас не допуштам, јас допуштам поднесувачите на интерпелацијата да не се задоволни или не ги прифаќаат тие одговори што јас ги дадов. Но, тоа е работа на нивна оцена, на нивно право и тука нема зошто да се спори, како што и мое право е да кажам дека. И јас не ги прифаќам најголемиот дел, практично сите забелешки што беа упатени на мое име и на име на Владата, врзани за донесувањето на таа мерка за која говоревме овие два дена.

XI/1. ПЈ/ОМ

**БОРИС РИКАЛОВСКИ**: (Продолжение)

Од она што беше кажано од пратениците, јас сметам дека можеме да го сврстиме во две групи. Рдната, мислењата на подносителите на интерпелацијата кои останаа на своите тези, другата, на најголемиот дел на пратеници, ми се чини од сите пратенички групи со мали отстапувања, дискусија која не само што ги прифати аргументите што ги изнесовме, туку низ неколку инспиративни дискусии тие дури и беа дополнети, тие одговори. Затоа, јас им благодарм на тие што дадоа таков придонес во оваа расправа.

Што се однесува до основното прашање што е тоа, зошто е министерот за стопанство обвинет, јас тоа го разбрав така како што кажав вчера, а некои и од подносителите на интерпелацијата потврдија дека сум ја погодил темата. Ако сум ја погодил темата, тогаш за тоа прашање јас би рекол сосема кратко. Останувам на тврдењето дека се

што е направено во врска со заклучокот на Владата е апсолутно во согласност со одребите на Договорот за слободна трговија потпишан меѓу Република Македонија и Република Хрватска. Затоа, нема потреба да се впуштаме во квалифиакциите на правни разлики кои се јавуваат кај одредени стручњаци дали е тоа така, дали е поинаку. Ако постојат правни аргументи, постојат и правни лекови да се докаже или оспори тоа за што зборуваме.

Доказ дека таа постапка е таква каква што е односно каква што треба да биде и дека со тоа не се нарушени интересите ниту на македонското законодавство, ниту интересите на другата потписничка

XI/2.-

страна е тоа што и покрај тоа што овде беа искажувани сомненија по тие прашања до денеска од една и заентересираната страна, а тоа е хрватската страна, ние немаме ниеден никаков официјален приговор на нашата одлука. За мене тоа е аргумент кој е непобитен, за мене е тоа нешто што треба да биде оценка дали мерката го диригира тој пропис, да речам, односно таа спогодба или не. Според тоа, не би се задржувал на аргументите што беа изнесувани дека тука е направен пропуст од оваа едноставна причина.

Исто така, погрешно е се она што беше кажано во врска со очеквуаните евентуални последици од оваа наша мерка. Дури вчера беше речено дека хрватската страна не ги поделила контигентите за земјодлски производи и т.н. и дека тоа го чува веројатно, тоа се сакаше

да се каже акко адут да види, да се преиспита и евентуално низ некое нивно скратување да ни се реваншираат. Тоа, исто така, дами и господа пратеници не е точно. Незнам од каде на пратениците , кои говореа во таа смисла им се податоците, јас тука во торбата ги имам односно го имам списокот на хрватските претпријатија на кои во текот на почетокот на март им се поделени сите контигенти предвидени со Спогодбата. Според тоа, незнам од каде поинакви податоци.

Овој Договор погрешно се ентлираше и се сведе како на договор кој е направен за слободна трговија во нафтениот сектор. Тој договор, дами и господа кој е правен, никакви биланси од енергетскиот сектор не се правени, ниту се посебно апострофирани. Тој договор и неговиот дух е да ја развие стопанската соработка меѓу двете држави. И тој таа цел ја постигна. После неговото потпишување заживува прометот меѓу двете земји вон стопански свери во кои пред тоа не сме имале такви резултати

XI/3.-

и тоа е она што сакаат да го постигнат двете земји. Никакви биланси не се правени и пратениците од Либерално-демократската партија , кои се обидуваат да најдат грешка во некакви мои биланси за тоа дека Владата правела едни биланси пред заклу- чуваше на спогодбата односно на договорот, други биланси јас сум правел после моето именување за министер за стопанство, е неточна констатација и јас никаде и со никого не сум зборувал за такви биланси. Аномалијата не е во количините, аномалијата е во начинот на обезбедувашето на со билансот предвидените количини на нафтените деривати. Во енергетскиот биланс стои одредба оти билансите се количини и начини на обезбедување на тие количини. Во билансот стои, потребни износи и како ќе ги обезбедите. За нафтените дривати стои дека тие ќе се обезбедуваат од преработка на сурова нафта во рафинеријата во Скопје, а ќе се увезуваат само количини, кои не ќе достасуваат. Според тоа, не се правени никакви биланси поинакви, не е тоа основ за оценка дали е

нарушен или не аспектот што се имал при утврдувањето на текстот на спогодбата. Толку за тоа прашање.

За прашањата сврзани со Рафинеријата. Несакајќи ми се чини, дека навлеговме во една тема непотребно и инпровизирано, а темата е од суштинско значење за развој на енергетиката во целина и на тоа претпријатие за кое овде два дена говориме без нивно присуство. Јас, бидејки сум, немојте тоа да го разберете погрешно, не сакам да си придадам важност, бидејки сум специјалист токму по таа област, тоа е моја тесна професионална специјалност, нема да се впуштам, иако можам во детали за секој од прашањата за кои говоревте, затоа што би сакал да ми се пружи можност за тоа да зборувам пред компетентни или рамноправни, да речам соговорници. Затоа што, не ќе биде коректно сега јас изнесувам детали со кои овде ќе Ве оптоварувам , а се апсолутно поинкави заклучоците од оние кои овде се изнесуваат. Јас не се

XI/4.-

изненадувам од тоа, сите ние имаме познавања толку колку што имаме во одредени области, намерата ја примам како добронамерност, не како нешто со што сака да се нанесе штета на некого, но верувајте дека прашањата на капацитетот на објектот , неговата технолошка структура, импровизираните коментари околу квалитетот, импровизирани се заради тоа што, дами и господо, се споредуваат со светски нормативи, а тие земји на кои се повикувате до нормативите до кои дошле денеска им требало да дојдат со децении. Затоа што, за да се постигне една поголема строгост во некоја квалитативна компонента за некој производ потребни се многу подготвителни фази. Единствено со што би се сложил, дами и господо, со оние кои овие два дена мене ме обвинуваат е во тоа дека во рафинеријата не е долго време инвестирано. Но, дали за тоа треба да бараме вина во поединец. Дали за тоа треба да бараме вина во Владата. Зошто се ограничуваме на тоа прашање само како слаба страна кај рафинеријата. Па знаете ли, дами и господа, дека нашето

стопанство триесет години не го има обновено својот технолошки-технички состав во целина гледано. Знаете ли дека ние имаме машини во претпријатијата со помала продуктивност по 15 или 17 пати од современите машини во светот. Дали е тоа нечие несакање или е тоа ограничувачка наша материјална можност. И, не е добро тоа да се квалификува како слаба страна на овој состав на Владата или на некој друг состав. Јас претпоставувам дека токму Вие драги пратеници кои говоревте овде за тоа дека таму тоа треба да се направи, кога би дошле на моето место, јас Ве уверувам дека таму не ќе можете веднаш ниту еден клинец да заковате.Затоа што, за тоа треба да се подготват извори, да се најдат извори и многу други аспекти да се повразат за да може да се даде ефект односно да се обезбедат не мали средства.

Јас само сакав да кажам дека сите аспекти за кои говоревте не ни се нам непознати и не ни се нам туѓи како нетшо што треба да се

XI/5.-

преземе. И овие дискусии овде ние ги доживуваме само како еден потстрек дека во таа насока треба да бараме решенија поинтензивно, можеби и поорганизирано отколку што сме биле, материјално досега во можност тоа да го направиме. Затоа, тоа можеме да го констатираме како проблем на објектот, но не можеме , јас не прифаќам, за тоа се припишува како незнаење, слабост или несакање на некој што е на власт. Тоа секој може да го зборува, но не е така. Можеме да спориме, но факт е дека нашите материјални можности тоа не го дозволуваат. Или не го дозволуваат да се направи на начин кој би бил сеопфатен и кој би дал очекувани резултати. Затоа, мислам дека сите тие прашања сврзани со тој комплекс јас ќе се воздржам да ги коментирам. Стојам на располагање на секој од рпатениците кој покажаа интерес за тоа прашање. Во други средби лични или колективни, ако треба да расправаме за тие прашања во детали и ќе видите кои се аргументите од стручен аспект по сите тие прашања.

Затоа, погрешно е и да се извлекуваат заклучоци врзани со многу аспекти на тоа дали треба да работиме вака или онака, дали да извезуваме нафта, дали да извезуваме нафтени деривати, да увезуваме нафтени деривати и т.н. Мислам дека за тоа треба да се има поголеми стручни познавања во една исклучително сензибилна и специфична област. Инаку, тоа би не водело во една контузија без право решение и без присакуван позитивен ефект.

Ке завршам со една друга мисла. На некој начин расправата овде ја доживејав како да се настојува да се спротивстават две работни организации, две претпријатија во нашата земја, Окта и Макпетрол. Како да е мерката што Владата ја преземала насочена против интересите на

XI/6.-

Макпетрол или некое друго претпријатие. Тоа, господа, ако така го заклучувате е крајно упростена констатација и погрешна констатација. Јас им оддавам признание на работниците во Макпетрол што една можност коај им е пружена низ еден пропис, кој имал најдобра намера, но бидеј ки со праксата се покажале одредени продори, простори за продор, што Макпетроловите работници, раководители та аможност ја искористиле мак симално, потполно легално. Тука нема никаква забелешка. И јас да сум директор на тоа претпријатие истото би го направил. Нашава мерка апсолутно не треба да се разбере дека е нешто што е насочено против тоа претпријатие или било кое друго претпријатие. Нашата мерка, дами и господа, треба да ја прифатите како нетшо друго. Нашата мерка треба да се прифати како мерка која треба да му остави надомашното производ ствооза развој и за постигнување на подобри материјални ефекти на производство.

Заблуда е и лага слободната трговија или пазарната економија да се подразбира како хаотично движење на стоки помеѓу одредени земји. Најголемата заштита на домашното производство имате кај нај-развиените земји со софистицирани методи. Тоа вам на сите Ви е добро познато.

На крајот сакам да изјавам дека оваа Влада и јас лично овој концепт ќе го застапуваме додека сме на местата на кои сме. Јас ќе си поднесам оставка истиот момент кога не ќе бидам во состојба таквиот концепт да се применува.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор?

Г-динот Андов.

XI/7.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

г-дине претседателе, г-дине министре, дами и господа пратеници,

Овие дава дена на прв поглед сте со празен од за некое споредно прашање за една интерпелација се расправа овде толку долго, како што некој рече треба што побргу да завршиме и да си одиме од оваа тема. Меѓутоа, мислам дека сепак, оваа интерпелација и расправата по нејa отвори некои дилеми и некои прашања по кои оваа расправа даде на знаење оти таму каде што сме се согласувале изгледа не сме се согласувале, а таму каде што не сме се согласувале, можеби и сме се согласувале. Тука некои се искажаа, дојдоа до израз некои интересни,

чудни претстави за некои клучни категории од изградбата на нашиот систем и нашата политика, а истовремено се настојува да се одбранат некои методи кои не верувам дека ќе дадат добри резултати.

Мислам дека доминираше поделбата овде на оние кои се за заштита на домашнотопроизводство, кои застапуваа став дека, навистина, не смее да се изложи домашното производство на туѓа конкуренција па на тој начин ќе ги зачуваме нашите капацитети, на тој начин ќе ги зачуваме работните места , нашите клучни капацитети и т.н. Верувам дека во тоа да се зачуваат нашите капацитети производствени, да се зачуваат работните места и да си создадат услови за тоа да се зголемат нашите можности производи, нашата општа вработеност и на луѓе и на капацитети, тоа е верувам посакување на сите нас. Но, по малку сега доаѓаме до една значајна разлика како сето тоа може да се постигне. Овде една партија од владината коалиција декларира

XI/8

програма дека ние не треба да заклучуваме договори за слободна трговија, освен да ги заклучуваме со земјите кои се приближно како нашата развиени. Други збореа, исто така, со еден фронтален напад на пратеничката група на ЛДП дека е потребно поголема заштита на нашето производство, а како пратеничката група на ЛДП е против таа заштита на домашното производство.Всушност, се забора дека со слични проблеми и потреби на заштита на домашното производство се среќаваат и нашите соседи и другите земји. И тие, исто така, сакаат нивните капацитети да ги сочуваат, нивните работни места да ги сочуваат, општите можности на производството да се сочуваат, бранејќи се од другите со средствата со кои тие мислат дека можат да се бранат. Меѓутоа, токму тоа и токму таквиот приод, пазарот на секоја од тие земји што така резонираат е затворен одвоен од другите земји и земји со потрошачки капацитет Од 2 милиони луѓе, како што е нашата, тогаш дури наидуваат на една

ситуација да се боочат со ѕид, да неможат да го прошират својот пазар, своите капацитети неможат да ги одржат. Еве едн од тие е Окта сите наши најголеми капацитети се такви, планирани за многу поширок пазар, дури и за познат пазар. Сега, во Македонија, како што знаете ние сите политички партии потпишавме една заедничка изјава за таканаречената Евроатланска ориентација. Тоа има големо значење, а понекогаш не сме ни свесни каде се е измешано тоа. Ние имаме намера да влеземе во Европската унија и во НАТО, но Европската унија на некои земји од Централна Европа знатнона повисок технички и економски ниво од Македонија, едноставно и м наложи еден период да минат во таканаречената ЦЕВТА - Централно-евроспка трговска асоцијација. Зошто тоа го направи Европската унија. Ако сака да ги подготви тие земји да влезат во Европската унија, тогаш треба некој внатрешни структурни промени тие земји да доживејат, а друго и да се намали непосредниот челем судар на сите стоки , за кои бараат пазар тие земји индирекно со пазарите на Европската унија. Да развијат тие меѓусебен некојсистем

XI/9

наодноси, да устават некои односи, за да може тој деликако еден јасен сегмент после целиот да се припои. Тука е и економската логика за таканаречениот регионален пристап, кој нам ни се наметнува.

Прв чекот кој е измислен како да се излезе од таа автархија и затвореност и како да се разбие заблудата дека најголема заштата од домашното производство е ако се штити со крути мерки, а не ако му се дава можност за развој и ако јакне неговата конкуренција односно конкурентна сила.

Прв таков модел кој Европа го нуди е тој модел на договори за слободна трговска зона. *

XII/1/JM/лј

**СТОЈАН АНДОВ:** (продолжение)

Тие како што знаете отстапуваат од системот на светската трговија, но се регистрирани таму. Во Светската трговска организација како што знаете системот на заштита е изведен само и претежно преку царините и царинскиот систем и просечната царинска стапка зависно од степенот на развиеноста на земјата и се утврдува. Нашите процениле дека е тоа просечна стапка од 15%, можеби ке не принудат на нешто пониско. Принципот на недискриминација е главен принцип во светската трговска организација. Отстапување од системот на заштита општ на светската трговска организација е можен само преку преференцијални договори, царински договори и спогодби и за оние на слободна трговија и царинска унија. Но, преференцијалниот трговски договор ке мора да носи и некоја клаузула дека ке се унапредуваат односите, а тоа се односи кон

евентуална царинска унија. Оттука, зоната на слободна трговија и договорите што неа ја чинат мислам дека е правилно сватене и правилна ориентација на сите сили кои седеа во ова Собрание. И ние досега ратификувавме три такви договори со СР Југославија со Република Словенија и со Хрватска. Колку што знам еднострана одлука на двете влади постои и кај нашата Влада кон Босна и босанската влада за трговија кон нас, незнам дали се применуваат одредбите на договор за слободна трговија за Босна, но постојат колку што знам такви, а не се ратификувани спогодби и не се преговарани спогодби. Оттаму мислам дека ние философијата на заштита на домашно производство и како таа ке се остварува сме ја апсолвирале и е многу лошо ако се враќаме сега назад и околу тоа овде се делиме. И ако сега се излезе дека ЛДП овде со своите погледи и предлози застапува еден курс, а сите други се против тоа затоа што застапуваат повисок степен на заштита на домашно производство. Тоа мислам дека не е така, не е така таа работа, не е така ни колку што знам во програмите на партиите, незнам точно на

Xii/2.-

социјалистичката партија каква е програмата, мислам дека и таму не е така. Мислам дека сите стојат за она што овој парламент по овие три спогодби се произнесе и ги донесе. Јас мислам дека еден пратеник од социјалистичката партија се воздржа, а другите гласаа за. Така што, сите други гласаа за, и за Словенија и за СР Југославија и за Спогодбата со Хрватска. Јас морам да ви кажам чекав дали овој дел околу заштита што е за мене клучно прашање каква политика ние ке водиме и како ке ја градиме оваа земја како долгорочна државна поли- тика без оглед која влада кога ќе дојде и каква коалиција ке дојде овде, бидејќи ке ги пишманиме оние што ни веруваат дека оваа земја сериозно чекори и сака да застане на тој пат кон Европа итн., а друг пат нема , друг пат не излегува, не не води нигде. Затоа јас бев убеден дека кога ги ислушав сите дискутанти и што преовладува овде. И, што се наметнува како

сваќање дека ингерпелацијата е против домашните капацитети, а некој овде седи па ги брани домашните капацитети, интерпелацијата е против заштита на домашно производство а некој овде седи во поголем број па го брани домашното производство надвор од овој концепт итн., мислев дека тоа е вистински што треба да не загрижи, тој елемент, тој приод, треба да не загрижи дотаму да не зајгрижи да човек помисли дека тоа што сме го работеле што овде некој ито седи не се ни сетил што работиме. Инаку, да знае тој е против тоа. Тоа мислам дека не е добро и јас затоа бев во дилема дали да се јавам за збор, или да не се јавам за збор го чекав министерот оваа работа да ја расправи, или да укаже дека овој отклон кој во парламентот во диксусијата се направи можеби од маркетиншки причини, може би од една друга потреба да се додворат на работниците па да се укаже дека Ј1ДП е таа што ги загрозува итн., фактички тоа е отстапување од една генерална линија по која јас мислам политичките партии во Македонија постигнаа согласност и консензус, никој на тоа прашање не поставува досега прашање и тоа треба да се очисти. И мислев дека тоа ќе го објаснеше министерот. Интерпелацијата

XII/3.-

се однесува колку што јас можев да разберам на нарушувањето на договорот за слободна трговија со Хрватска. Јас ве молам, на министерот веднаш ке му поверуват и интерпелацијата ке ги советуват луѓето да ја повлечат ако овде донесеше записник, усогласен записник од мешовитата комисија која е единствен орган кој е овластен да ги усогласува ставовите на двете стра^и кога ке настане проблем. Ако тоа има и ако хрватската страна рекла, нас не не ин тересира дали е денес Макпетрол утре ке биде некој друг, некој трет, ако тоа има и ако мешовитата комисија заклучила и се договорила и двете страни потпишале дека заради тех нички грешки ни незнаење, знаење, или специфични ситуации се отстапува од договорот и се применува еднострана мерка од едната страна, ние тогаш овој упад на Владата

нема да го сметаме како нарушување на принципите на слободната трговија, тоа е нормално. Таков документ нема. Ако го има ќе го дадат. Ве молам, документ кој треба да се потпише. Само тоа е доказ. Зошто е тоа потребно. Тоа е потребно да се знае дека овој испад не е испад од системот на слободна трговија кој е уреден со договор и не е толеранција несакана од другата страна, туку е тоа меѓусебен договор. Сите односи по сите членови на договорот како што знаете се уредени обострано. Механизмите како се уредуваат и кои органи се должни да ги уредуваат исто така се утврдени во договорот. Тоа е законска материја. Ех сега, зошто е тоа важно да ви кажам. Кога се прават овие договори за слободна трговија меѓу земјите познато е дека тие претпоставуваат да кажам еден одреден стандард на организираност на државата. Тие претпоставуваат дека и едната и другата страна прецизн си ги знале интересите. Бидејќи се тие шеми, договорите се шеми тие знаат дека во индустрискиот сектор нема квантитативни ограничувања нема квоти, нема дозвли, нема согласност, нема контингенти. Но, кај земјоделските прехранбените производи стојат некои други ограничувања кои се можни, тоа се квоти и тоа е таканаречениот дел на организираниот пазар кој е

XII/4.-

веќе порано во ГАД регистрирано како можност и го има и постои. Тие две нивоа се сосема јасни и сосема е јасно каде и кои принципи се применуваат. Промената на режимот сега што е од ЛБ на ЛБ 7 е воведување всушност нова законска одредба со законска сила., еднострано е уредено со законска сила. Според тоа мислам дека целата расправа и од интерпелацијата и од фактите произлезе дека е доведено до компромитација на нашата доследност на почитувањето на договореите за слободна трговија. тоа се важни работи. Нарушувањето нивно мора да биде санкционирано точно така како што е во договорите. Ке се договорат двете страни, ке си потпишат договор дека е тоа, а овде бидејќи постои закон, а царинската служба не може да работи по изјави и

заклучоци на Влада, туку по закон, по ништо друго, тогаш со интервентен закон врз основа на тој записник ке си дојде до Собраниетс итно, може да се свика Собранието, ке си донесе закон. Ние имаме правна ситзуација кога може да се брани пред секого во светот и ке се знае дека во оваа земја навистина владее правото. Тоа е првата ситуација, состојба, која недостасува, а треба да биде сторена и учинета.

Втората работа која произлегува околу заштитата тоа е настрана овој генерален впечаток кој доста застрашува. Системот на заштита мора да биде јасно деклариран. Зошто тој е важен. Важен е за странската конкуренција, за сттранките вложувачи, тој мора да е со закон дефиниран и неговата непроменливост или одредена променливост маргините на променливоста мораaат да бидат трајно познати. Ако тоа не е така никој нема да сака да инвестира во таа земја. Ако тоа зависи од заклучоци на Владата никогаш нема да дојде некој со свои пари овде да инвестира, верувајте. Затоа, овде таму каде што се обучува Владата да заштитува и ако заштитува и ако е тоа веќе во склад со договорот кога би бил, а овде не е, кога би било во склад со договорот, тогаш Владата мора да има штом е во индустрискиот сектор некоја програма. Обично кај

XII/5.-

договорите за слободна трговија се огласува дека имаме таму нови индустрии. Тоа го правеше Полска со некои фабрики за вештачки губрива, нови индустрии, кои во неколку години ке мора да се зајакнат па да не бидат изложени на конкуренција и ќе бидат со квантитативни ограничувања заштитувани делумно. Нашата Влада во досерашните договори за слободна трговија нема декларирано колку јас што знам сектори и нема декларирано програми како ке ја спроведува таа специјална заштита во одреден рок за структурани приспособувања. А инаку, таков член за структурални приспособувања има по договорите, тоа е структурален член, така тој стои во договорите. Сега, Окта е еден од тие случаи каде што тоа требало да биде забележано и да биде

декларирана таква потреба и таква програма. Зошто велам така? Окта и овде сега тоа е втората дилема како да ЛДП пратеничка група иако се 7 потписници овде ја напаѓа Окта и сака Окта да се затвори, а пак овие другиве ја бранат. Не пишува така. Еве ке ви кажам што пишува, што предлага. Овде предлагаат: Врз основа на согледувањата на Меѓународна банка за обнова и развој за да се обезбеди изготвување е потребна техно економска документација од компетентен странски изготвувач со кое ке се согледаат вистинските решенија за рафинеријата Окта, притоа водејќи сметка за социјалната и економската сигурност на вработените во неа. Овде се предлага тоа истото што Светската банка го предлага. Видете што е. Всушност овие работи Владата требало да ги знае за Окта нејзе треба да и се познати. Прво, треба да ги знае дека се случуваат тие работи и Окта е во Македонија и во Скопје. А друго и студијата, тоа е преглед за енергетскиот сектор од Светската банка по порачка на Владата ја има и ја знае, Второ, најголемите загуби на Окта не се откога почна слободната трговија со Хрватска. Најголемите загуби окта ги направи во 1996 година тогаш направи 950 милиони денари загуба. Тоа се по з авршните сметки кои се презентирани во Заводот за платен промет. Минатата година, 1997 година, од кои само половина од

XII/6.-

годината се применува овој договор за слободна трговија има загуба 630 милиони денари. Помала загуба има. Според тоа, состојбите со Окта се подолгорочни и не се привремени како што вика г-динот министер. Земете го стенограмот ке видите дека: овие привремени тешкотии итн. Не се привремени, да се привремени убаво би било, но не се привремени, тие се подолгорочни. Тие се делумно заради пазарот, делумно заради технологијата, заради степеност на искористеност на суровината, тоа му е нему многу познато. според тоа, во услови кога економски е онеспособена Окта ако се нема претстава што треба да се преземе за неа во кои години, кога и во кои рокови и кои чекори ке бидат

покренљати, верувајте, колку сакате вие овде зборувајте не ја браните Окта, туку толерирате една ситуација во која Окта пропаѓа и тие работници ке мораат утре да си одат во Заводот за вработување бидејќи една политика била инертна, мрзлива, кратковида, неефикасна, неактивна, а тоа се случило тука. Тоа е состјбата заради која мислам дека очекував јас сега во говорот на г-динот министер да каже што точно ке се превземе кај Окта. Е сега видете. Тие што превземаа? Превземаат палиативни методи кои немаат студија која покажува дека тоа се работите што треба да се преземат, а парите се потрошени.

Прво, со толерирање, неплаќање на акцизи, второ, од банките се бара да ја поддржуваат окта во отворање на кредити, а после таа не може да ги врати парите, уште не ги вратила парите. Трето, кога банките веќе не можат да даваат тоа Владата со пари од Буџетот ке зема сега танкер ќе послужи како обртни средстбва, средства од буџетот ке даде за Окта да проработи, еден танкер, или незнам колку. Јас, не сум против тоа, меѓутоа, сето тоа е сосема палиативна работа. Не и се помага така на Окта. На Окта ке и се помогне точно како што ни препо- рачала таа светска финансиска институција. Не гледам како на друг начин тоа може. Ако ја оборивте таа студија, ако имате друго решение исто така треба да

XII/7.-

го произнесете. Меѓутоа, по овие две прашања по прашањето генерално дека ние мораме да го прошируваме пазарот со признати методи, со методи кои светот ги пробал и кои нам ни се сега достапни низ системот на раз вивање и создавање зона на слободна трговија.

Второ, ако нешто штитиме да знаеме колку време ке го штитиме како ке го штитиме и да докажеме стално кој се е во таа игра за заштита. И за тоа во нашите договори со нашите партнери да имаме декла- рирано став дека тоа ке го правиме. Овие работи недостасуваат за да може да се отфрли интерпелацијата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Никола Г. Попоповски.

XIII/1 ЛП/ЦТ

**НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги, сите ние си ги започнуваме нашите дискусии во Парламентот со тоа дека се почитуваме едни со други, меѓутоа, јас имам впечаток дека одредени пратеници нас не не почитуваат кога зборуваат и ќе кажам зошто. Има одредени пратеници, иако тоа е деловнички, меѓутоа, мислам дека не е добро однесување, кои сметаат дека по сите расправи министерот треба

да си ја изнесе платформата, ние пратениците да кажеме што мислиме сите поединечно, групи пратенички, министерот да го изнесе своето мислење по тоа видување, а претходно претседателот да констатира дали има уште некој за дискусија - нема. Врз основа на тоа, министерот како човек кој е под интерпелација нормално треба да го каже своето видување и после одредени пратеници стануваат и повторно сега држат предавање како треба да се однесуваме, ги кажуваат своите мислења и сега нормално министерот треба на тоа да одговори. Одредени пратеници се ставаат над ситуацијата во Парламентот, над министерот, над процедурата. Затоа, сметам дека тоа не е начин на однесување на пратеници кои се почитуваат едни со други.

Таквото однесување го изпровоцира на некој начин и моето денешно излегување на оваа говорница, едноставно мора да се внесе баланс во растапите и кога ќе се каже дека нема дискутанти, зборот на господинот министер, како човек кон кого е упатена една интерпелација, треба да биде збор кој нам ќе ни даде одредени согледувања и да

XIII/2

гласаме. Сега се изнесуваат нови аргументи, кои би сакал покрај другото и да ги прокоментирам.

Прво, последниот дискутант упорно разговараше, и тоа е мошне интересно, да се земат стенографските белешки да се видат, и за тоа нема потреба - цело време реплицираше со тезата за таканаречената заштита или за таканаречената отвореност на нашето производство и десет пати употреби дека нашето производство, нашето производство

дали треба да го штитиме или не треба да го штитиме. Мислам дека тоа е депласирана тема и е прилично анахрона за дискусија, особено на тој начин на кој се изнесе. Еве зошто.

Производството како концепт на кој се развива една држава и едно стопанство е застарен начин на размислување. Секоја држава се заснова на своето стопанство. Стопанството е малку повеќе проширен поим од производство. Јас ни еднаш не слушнав од пратениците кои инсистираат преку интерпелацијата да се зачува принцип на отворено производство, да се зачува и принцип на отворено стопанство. Што значи тоа. Тоа значи стопанството се состои, како што сите знаеме, но еве ќе повториме, покрај од производството што обично подразбираме земјоделство и индустрија, се содржи и од некои други стопански дејности, па тука се и туризмот, угостителството, сообраќајот, па и трговија. Меѓутоа, кога ние зборуваме цело време за отворено стопанство или за заштита на производството, ние разговараме за различни работи. Јас се согласувам Владата да создаде услови за заштита, соодветна на онаа што ја замислуваме ние како отворено стопанство, на стопанството. Тоа значи подеднакво да го заштитува производството, ама и трговијата. Меѓутоа, да се бара од министерот,

XIII/3

преку тоа и од Владата да го заштитува производството, односно да се обвинува што го заштитува производството, а едновремено да се бара да го либерализира начинот на конкурентност на нашето производство со светското, а ниеднаш да не се спомене дека и трговијата во Македонија не е под режимот на либерализација на одредена дејност. Или ако тоа го сведеме на одреден пример, би сакал да слушнам од пратениците кои ја предлагаат и поддржуваат интерпелацијата, седумте пратеници и пратеничката група на ЛДП, дека се за либерализација на македонското стопанство во висока мерка, односно на индустријата,

овојпат на нафтената индустрија, паралелно со либерализација не внатрешна, туку зборуваме во отворено стопанство, спрема светот се разбира и на трговијата со нафтените производи, па да слушнеме, да го "обвиниме" министерот зошто тој како министер не создал услови во Македонија странски трговски фирми со нафтени деривати да конкурираат, па некои монополи на домашни трговски фирми да ги разбива, туку тој се обвинува зошто го штити домашното производство, а не се обвинува зошто ја штити и домашната трговија, која е прилично монополизирана во Македонија. Јас сум сигурен дека во една ситуација кога министерот би го произведувал начинот на размислување, со кој и трговијата со нафтените деривати Македонија ќе ја отвори кон светот, па кога кај нас ќе дојдат таканаречените светски транснационални компании во трговијата со нафта, многу брзо потписниците на интерпелацијата ќе бараат заштита на домашното стопанство, а не на производство, за тоа што ШЕЛ, БП и да не набројувам кој уште брзо ќе го загрозат нашиот монополизиран трговец со нафта, брзо ќе бараат да се заштити, затоа што е потребно паралелно да се одвиваат двата процеси. Ако трговијата сеуште внатре е затворена, недоволно либерализирана, односно воопшто нелиберализирана, ние на домашниот пазар освен домашни немаме странски конкурентни трговци со нафтени деривати, ама бараме производители да имаме конкурентни, па ИНА како производител да

XIII/4

конкурира преку домашно - трговска фирма. Значи, не се работи за принцип за затворено или отворено производство, тоа се намерно или ненамерно произлегува, потсвесно или свесно, Вие всушност го штитите интересот на една компанија, барајќи да се демонополизира производството, меѓутоа, да не се демонополизира и трговијата. Малку иритира начинот на кој се доведува СДСМ во позиција да мора некој да го обвинува дека штити некого или не, да мораме да размислуваме и ние за компанија која 50 години сите не снабдува со нафтени деривати и

нафта од светот, на чии пумпи ние полниме нафта за различни наши потреби и со кои дефакто на долг рок соработуваме секој како граѓанин поединечно, со тоа што огромен буџет од нашите средства таму го предаваме, дали за кола, дали за нафта за греење, за тракторите на земјоделците, не доведувате во ситуација некој да помисли дека се конфронтираме, сакајќи да ги доведеме на исто скалило.

Апсолутно не се согласувам со пристапот дека проблемите на ОКТА се долгорочни и заради тоа Владата треба да ги крене рацете и да се предаде во оваа држава. Нема ништо што да се прави, долгорочни се проблемите и со Македонија, долгорочни се проблемите и со нејзиниот суверенитет, долгорочни се проблемите и со нејзината одбрана, со нејзината меѓународна позиција, со нејзината економија. Тоа не значи дека Владата и Парламентот ќе се откажат од таа борба на долг план. Исто и со ОКТА ако се долгорочни, Владата е должна, не се работи за нејзино сакање или несакање, таа е должна тој долгорочен проблем да го решава постапно. Начинот на кој пристапува Владата по една ненамерна грешка за која најмалку министерот кој тука сега ја врши функцијата министер за стопанство е виновен, и овој Парламент и Владата направија некаква грешка во која односите во трговската спогодба со Хрватска, во одреден дел, сите кои гласавме не воочивме што се случува или недоволно внимание се обрати. Нормално, тоа треба

XIII/5

да се исправи. Исправањето на грешката од страна на Владата треба да го земеме како доблест, нејзина задача е долгорочните проблеми во Македонија да најде начин да ги решава а не пред долгорочните проблеми да ги крене рацете и да рече дека нема понатаму со овој проблем да се занимаваме. Затоа, мислам дека сосема на место се повеќе се потврдува определбата дека нема место за интерпелација на министерот за стопанство.

Второ, одлуката на Владата е сосема законска за тоа што произлегува од Законот за ратификација на Спогодбата за слободна трговија со Хрватска со заштитните механизми. Сега, колку што сме информирани, тоа е дадено на Уставниот суд, тука ќе се пресече дали е согласно законот или не направена оваа мерка. Меѓутоа, по мое видување тоа произлегува од Законот за ратификација, дека Владата во рамките на законот е должна да ги презема, може да ги презема ама не мора - таа одлучила дека треба да ги презема и добро е што одлучила. Како можеме ние како Парламент или како јавност да очекуваме дека Владата ќе се грижи за одреден дел од стопанството, за одреден дел нема да се грижи. Таа е должна да балансира во односите, особено во високо монополизирани дејности во Република Македонија. Понекогаш нејзините одлуки се во корист на еден, понекогаш во корист на друг повеќе или помалку и така се билансира. Што се очекува, дека Владата сега во оваа новонастаната ситуација со односите со промет на нафта со Република Хрватска ќе стои со - јас незнам како некој замислува дека Владата треба да стои со врзани раце во овој проблем. Како тоа го замислуваме дека треба да стои со врзани раце. Навистина ми делува далеку од паметот едноставно таа е должна да балансира. Ако не се направи таа мерка, претпоставувам дека некој друг уставно задолжен ќе побараше од министерот за стопанство да се грижи за таа ситуација. Можеби со контраинтерпелација дека не води грижа за ресорот за кој е

XIII/6

задолжен. Меѓутоа, тој го ампиципира тоа како Влада, како министер и мислам дека е сосема вред.

Уште нешто сакам да кажам на крајот после сето ова. Според мене, министерот за стопанство даде одговор на интерпелацијата, што е согласно Деловникот, кој според мене потполно ги исцрпи аргументите за расправа по интерпелацијата. Мислев дека во тој момент ќе биде

соодветно на една голема партија како ЛДП да ја повлече, затоа што се исцрпија аргументите за кој е поднесена интерпелацијата. Доблест е во таква ситуација да се повлече соодветната интерпелација. Расправата во овие два дена потврди дека дефакто се нема нови аргументи, а на страна на контрааргументацијата се извадија дополнителни аргументи и од министерот за финансии и повторно од министерот за стопанство и некои други пратеници. Објективно гледано, во Парламентот не постојат услови ние како пратеници, без оглед на која политичка опција или партија припаѓаме, објективно не постојат причини да ја изгласаме интерпелацијата на министерот по вакво образложение и со вакви односи кои се изнесоа во интерпелацијата и на говорницата. Едноставно мислам и длабоко сум уверен дека после оваа расправа авторитетот на министерот во нашите очи треба да биде поголем, затоа што во една интересн расправа тој предочи аргументи кои го воделе кон таквата одлука. Мислам дека пред гласањето апсолутно би било доблесно седумте предлагачи на интерпелацијата да ја повлечат, затоа што со тоа

XIII/7

ќе покажат поголема доблест пред Парламентот, особено кога интерпелацијата е сведена на минимални или непостоечки факти.

Меѓутоа, што се случува? Наместо да се повлече интерпелацијата, после секој настап на министерот, настапите на пратениците од интерпелацијата на секој нов аргумент, наместо да станувааат се

посмирувачки, тие станувaат се по агресивни, веројатно предизвикани оде недостатокот на сериозни аргументи. Малку е тешко со таа аргиментација да не убедите дека министерот за стопанство треба да доживее интерпелација. Малку е тешко со такви факти, затоа што тоа е прво една сериозна институција, министер во Владата и не може така лесно да се доведе во ситуација со непостоечки аргументи да не убедувате дека треба да гласаме особено со неговата аргументација која ние општо позната или специјално кога тука ни соопшти некој факти. Едноставно тешко ќе не убедите да пристапиме кон овој уставен инструмент.

Меѓутоа, она што зачудува за мене е следното. Во Македонија е "фрлање прав во очи" пред самите себе ако кажеме дека сите партии во Македонија тука што се претставени и тие што несе претставени тука пред се големи или мали немаат поблиски или подалечни односи со некои фирми. Сите тие се приватизирани, имаат соодветни односи, некои се по склони кон една партија, некои кон друга, некои финансираат една, други финансираат друга партаија. Меѓутоа, зачудува безкруполозноста на една партија така отворено, јавно и дрско би рекол

XIII/8

без соодветна аргументација и документација да брани една своја фирма, па уште да не кажува дека не се тие мотиви. Партија чии финансии, чии телевизии, чиј весник, чии кадровски структури се прелеани меѓусебно со таа фирма не може да не убеди ни на крај памет дека е пренесена од некои објективизирани критериуми, а не од критериумите на заштита на оној кој се поддржува взаемно, дури,

станува нејасно кој кого поддржува, кој е јајцето а кој кокошката во целата оваа работа.

Друго, малку е непријатно СДСМ и министерот кој е на листата на СДСМ да трпи критика овде во Парламентот дека ги влошува односите за стопанисување на еден субјект во прометот со нафта и нафтени деривати, а од друга страна надвор од овој Парламент сите весници, целата јавност за време на шестгодишното владеење на СДСМ меѓу најзначајните примери на бенефици на некои претпријатија ни го припишуваат и тоа претпријатие. Знаете, за шестгодини владеење на СДСМ ова претпријатие не пропадна, напротив, многу добро профитира. За шестгодишниот досегашен мандат на СДСМ ова претпријатие успешно се приватизира. За шестгодишно владение на оваа партија во коалиција со уште две три партии ова претпријатие се шири, технолошки и кадровски се обновува. Сега цела јавност ни вели, видете, под ваше владеење оваа фирма се приватизираше на многу чуден начин со многу ситна проценка на нејзината вредност, толку големо претпријатие толку малку пари плати за да се приватизира, сето тоа Вие го дозволивте, а сега овде внатре да не се кажува дека тие што дозволивте сте виновни за тоа претпријатие. Малку е чудна целата работа, едноставно никој од ништо не е задоволен, и оние што бенифицираат и оние што не бенифицираат од целата работа. Затоа, мислам дека е кога нешто се брани треба да се најде малку посуптилен начин да се пласира пред Парламентот одредена сијамска врска меѓу институции во државата.

XIII/9

Инаку, знаете како пратеник како мене ќе се доведе во позиција да размислува - знаете ако јас прифатам аргументација која се изнесува во врска со интерпелацијата на господинот Рикаловски, едноставно ќе се ставам на страна на нешто што не е аргументирано. Сега во такви услови вие упорно притискате два дена и после настапот на г-динот министер - не, таа интерпелација треба, не убедувате дека треба да ја

усвоиме, а едноставно гледаме дека односите се не само аргументирани туку се излезени многу на површината, едноставно премногу се очигледни. Со тоа мислам дека на нетактичен начин самио субјект за кој најголем дел од интерпелацијата се однесува го доведовте на бришан простор без потреба.

На крајот ќе го изразам моето разочарување за партијата која застана зад интерпелацијата, особено на демократскиот дел од таа партија, кој неколку години бранеше една принципиелна позиција во државата против монополизирани структури, против непринципиелни поддршки на еден или друг која целосно застана всушност, и тој дел на партијата, зад оваа интерпелација и со тоа ги сруши своите основни критериуми за кои неколку години од постоење на политичката сцена се залагаше и наместо да влијае позитивно, всушност ги прими негативните екстерналии од влијанието на една партија со која се здружија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Пецов.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитувани пратеници, јас не мислев да дискутирам, меѓутоа, сепак дискусијата излезе надвор од темата интерпелација и допира пропаганден карактер, предизвикува некои провокации на некои партии,

XIII/10

а имаше и такви до нашата партија и нашата програма. Би сакал да кажам некои работи дека ние затоа не сме во иста партија, затоа јас не би отишол во ЛДП никогаш и стојам на нашите позиции и за тоа ќе ги бранам. Даречеме, не отидовме кога беше Анте Марковиќ, кога беа реформисти и кога трошевме девизи за банани и слично, туку останавме

на позиција дека треба да се има вработување, дека треба да се прави извоз. Нашата стратегија се знае дека ги заштитува посредните и посиромашните слоеви кој создаваат во земјоделството, во работни сали и слично и кои треба да извезуваат. Ние и нашето раководство извезува во сите земји во развиените и неразвиените, меѓутоа, нашата стратегија исто така е јасна и тоа што рече некој од пратениците на ЛДП за процесот на европеизација и слично и ние се согласуваме со тоа, меѓутоа, и таму знаеме постојано не враќаат - соработувајте со соседите, соработувајте со исто ниво на развиеност и слично и дека тоа е процес, така ќе одиме натаму кон повисок степен на развиеност и кога ќе стасаме, дали после 10 - 15 години ќе бидеме способни во делот да создаваме и извезуваме. Не во делот колку ние ќе се фатиме сега за некоја организација, јас не сакам да ја критикувам организацијата, беше провидно дека се брани, меѓутоа сепак тоа е трошење на девизи. Сепак тоа е полесниот дел во општеството.

XIV/1.-СС/ЉР

**МИРКО ПЕЦОВ:** (продолжение)

И ние, социјалистичакта партија не се фаќаме со тој дел што троши девизи, туку напротив се факаме за оние кои создаваат девизи, кои работат, упорно инситираат да се задржат работните места.

Знаете дека со нивни министер јас бев во една комисија, во една Анкетна комисија, каде се забрани, имаше проблем да речам со некој си дозволи и каде луѓтеономожеа да си ги продаваат земјоделските производи во некои соседни држави. Доста ке бидат и аргументите ако се вида какви ни се развојните и платнобилансните ситуации со Србија, Хрватска и Словенија. Ние го имавме порано едно РФНП, каде е, не бранеше од тој повисок степен на развиеност.

Ние сме сега самостојна држава и никој не треба да ни прави РФНП, туку ние треба да размислиме како да се одбраниме и како економијата да ја водиме понапред, да не отпушитиме вработени вработеноста да ја задржиме, производството да го задржиме и извозот да го унапредиме.

Затоа ги спомнувам тие основни елементарни параметри. Не навлегувам подлабоко и немаме време за таа работа бидејки многу се оддолжи. Меѓутоа, стоиме на тоа и затоа не сме исти и не мора, затоа сме во Парламент со повеке партии и опции, да гледаме и размислуваме на свој начин, да пласираме свои идеи. Затоа идат избори, па луѓето ќе се определат која опција ќе ја гледаат и кого ќе следат. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Крстевски има збор.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

XIV/2.-

Знаете некогаш животот така ги поклопува и личностите и настаните и веројатно, јас прв пат се јавувам во таква улога да барам една противуслуга од г-динот Никола Поповски. Ако се сеќавате побара од мене оставка од местото директор Аеродром. Ја доби во истиот

момент. Ниеднаш од тогаш не праша во каква состојба јавното претприајтие, со кои финансиски резултати е сега, каква е состојбата во авиосообраќајот, кој злоупотреби таму настанаа? Меѓутоа, почитувам едно мислење овде што Чифлиганец го рече да не се оптоварувам бидејки е тоа едно друго ниво ако Владата го потегне и за тоа ке расправаме или , како што вели министерот можеме во приватни разговори.

Г-дине Никола Поповски, Вие изнесовте многу клевети, така да кажам, за сметка на едно претпријатие што навистина легално постои и работи во оваа држава има 50-годишна традиција. Вие, со вашиот настап навредивте 1.700 вработени таму, а да ви кажам дека во системот на Макпетрол работат и живеат од него преку 5.000 вработени.

Макпетрол во однос на обврските спрема државата ги исполнува во целост и е еден од генераторита во развој во оваа држава. А, ако сакате да знаете и многу повеќе, Макпетрол со своите проекти и инвестиции и е перспектива во енергетскикот сектор и многу работи поврзани за темата за што денеска разговараме ќе биде.

Јас би ве замолил да се согласите да го ослободите вашиот имунитет за да излезете на суд и ги докажете овие обвинувања. Посебно од аспект од вашето тврдење дека приватизацијата е лоповлук во Макпетрол, да докажете дека пари дава Макпетрол за некави други работи итн. Сето ова што го кажавте. Ако сте во можност да ни го дозволите тоа едно граганско прао да го направиме, ние навистина ке го направиме. Да не се криете зад целата работа.

XIV/3.-

Инаку,што во суштина овде се кажа дали се штити трго- виајта итн, па токму обратна е ситуацијата. Која светска фирма ќе дојде ако го ограничите да купува деривати само од ОКТА? Нема такви. За да се воспостави една структура кава што има, ете и Макпетрол, а за ваша

информација покрај 110 пумпи на Макпетрол егзистираат преку 80 приватни пумпи, потребни се многу пари. Ако еконосмакта логика укажува на тоа дека тој пазар не може да се шири по полно основи, тогаш кој кому, да речам, забранува или не забранува да дојде во Македонија да инвестира?

Токму од тие причини разговараме цело време дека треба стопанството и во овој Сектор да го направиме транспарентно во смисла на атракција за финансиски инвестиции. И, ако, бидете сигурни, ако некој во таа обалст донесе стран парнер за ваше разочарување пак тоа ке биде Макпетрол.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-динот Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Одредени зборови што се интерпретирани на начинот на кој Крстевски ги сфатил, се негова работа. Од моја страна не се изречени тука и јас само изразувам жалење што г-динот Крстевски, откако се јави по втор пат за дискусија, веројатно по принципот "капа и мува" одредени појмови ги сфати на вулгаризиран начин и ми стави мене како мои, а тоа не се мои.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа,

XIV/4.-

Се извинвуам што по втор пат се јавувам по оваа проблематика, но навистина, како еден од потписниците на Интерпелацијата чувствувам дека г-динот Попвоски се обрати директно до нас 7-те потписници и бараше да ја повлечеме. Не знам како ке се однесуваат другите мои

колеги, но јас ви кажувам дека нема да се согласам на повлекување од едноставна причина.

Прво, ми одржавте лекција дека е невкусно да се јавуваме после минситерот. Можеби ќе се согласев со вас, само ако од неговото обраќање добиевме одговор на прашањата што ги поставивме во текот на вчерашната и денешната расправа. Наместо тоа, јас почувствував дека, намерно или ненамерно, дека се избегнуваше одговорот токму на суштинскtие прашања што се изнесуваа и во вчерашната и во денешнава расправа.

Извиенте, ама јас не слушнав ниту еден да каже контра-аргумент во тврдењата на некои од дискутантите за малверзациите со авионското гориво. Извинете, ама јас не слушнав ниту еден пратеник овде да стане и да чувствува како должноот, да ме поддржи како пратеник овде кој се запрашав како се трошат буџетските пари? Ниту еден пратеник овде не го загрижи тоа што Буџетот што го донесе ова Собрание сега се троши, барем спроед наше мислење, без објаснување на неправилен начин.

Вчеа овде поставив неколку прашања и не мора веќе да се одговори кога не се сака. Меѓутоа, само да повторам.

Вчера јас прашав зошто со буџетски пари се набавуваат 60-70 илјади тони сурова нафта? А денес, г-динот Поповски ме обвинува како потписник на Интерпелацијата дека сум штител не знам какви и чии ин тереси. Но, јас го прашувам него зошто тој нема доблест, бидејќи ние веќе немаме доблест да ја повлечеме, зошто нема доблесет и да каже дека е направена грешка што со прари од граѓаните некој од Буџетот

XIV/5.-

набавува сурова нафта. Дека е направена грешка, дека се дава на некоја фирма пари за обртни средства.

Е сега, јас прашувам, ако вие штитите овде во Скопје, тие што велеа дека штитат други региони, зошто на "Фринко" од Битола не се дадат 7.000.000 марки за обртни средства? Зопшто на земјоделските комбинати, бидејќи за стокови резерви се набавуваат пченица и други работи, кога ќе ја сеат пченицата не му даде некој 7.000.000 марки за обртни средства па кога ќе произведе овој пченица во јули, кога ќе ја ожнее, да му ги врати во пченица. Не е ниту еден аргумент кој што барем малку, сите нас како пратеници овде ќе не загрижи?

Вчера и со документ ви кажав дека има таков јавен повик. Никој не сака да реагира на тоа. Не е ли аргумент кога прашав во кој број Службен весник на РМ е објавена оваа Одлука на Владата на РМ? Никој на тоа не сака да одговори. Не е ли аргумент кога прашав од која позиција на Буџетот на РМ ќе се платат тие.

Разликата се состои во едно нешто друго. Разликата во нашите гледања е следна, да не ја повторувам, сите ја знаете Кинескатг поговорка околу фаќањето на рибата и готвењето на рибата. Разликата е во тоа што со вашето залагање на ОКТА давате риба што ќе ја изеде за еден ручек. Нашето гледање во тоа што сакаме да укажеме дека е подобро кога ќе се научат сами да ловат риба, кога ќе се научат сами да мислат, ќе се научат сами да работат понатаму и нема да има потреба од помош од Владата на низанински начин.

Благодарам

Од тие причини ја немам таа доблест, како што рековте вие, да ја повлечеме Интерпелацијата.

XIV/6.-

Се извинувам, само уште една работа, како еден од потписниците на Интерпелацијата бевме, барем така чувствивам, поврзани со

приватизација, со, не знам на кој начин сакаше тоа г-динот Поповски да го каже.

Јас му кажувам едно, јас во својот живот од оваа држава на незаконски начин не сум зел, ама баш ништо. Тоа можам да го докажам. Не е или погрешна и исправна ли е приватизацијата стан од 100.000 илјди марки да се земе за 15-20.000 марки. Јас тоа никогаш не сум го направил.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Се чувствувам повикан да кажам неколку зборови.

Прво, му се извинувам на г-динот Никола Поповски што нема да ја повлечам мојата интерпелација. Бараше даму се извинам.

Зборуваше за некакви факти на г-динот минситер за финансии. Минситерот за фианнсии зборуваше многу уметнички. Знаете што значи уметнички? Толкуваше некои работи шат-пат дека на овие им дадовме малку, од овие зедовме, па како вие што рековте балансираме итн. Држава не се води така. Не тоа претстава. Државата треба да ги почитува законите.

Е сега, ќе ви кажам некој факт. Факт е дека акцизите што не биле плаќани уште од 1996 година никој во овој Парламент, ниту во јавноста

XIV/7.-

не сеакаше да прозбори. Знаете зошто? Затоа што тоа беше надвор од Законот. Тоа е факт за мене.

Е сега, ќе ви кажам нешто друго. Полицијата, војската, лекарите, пензионерите, сите други кои очеквуаат од Буџетот чеката Буџетот да добие пари, па тие да добијат плати. Тоа чекаат. Па и парламентарците, вие исто, сите ние се буниме дека платите или дневниците ви ги исплаќаат многу доцна или ненавремено. Значи, се фаворизира некоја фирма надвор од Законот. Ние не велиме дека некој треба да се сотре. Туку, велиме дека треба да се почитува Законот и тој закон да биде еднаков за сите.

Еден во новините, како се вика, пиљар, продавач на овошје вака рече - И мојата пиљара е до стратешко значење. Веројатно има големо право кога го кажа тоа. И тоа беше изнесено во јавните средства. Тој, навистина, за себе претставува стратешки интерес. Па, зошто не го ослободат да му кажа да не плаќа даноци, како што рече минситерот 5-6 месеци, малку да живне и да може да увезува овошје од не знам каде. Тоа е една работа.

Друга работа што се зборуваше за монополската положба на Макпетрол. Ќе ви кажам нешто, во Макпетрол сум влегол еданаш во жвиотот Познавам можеби двајца луге.Немам ниту вработени, ниту имам стан од Макпретрол, ниту било каков друг контакт. Но, ќе ви кажам нешто. Државата Македонија и сите нејзини истурени министри и сите кои ја претставуваат Владата низ светот кажуваат дека оваа земја е отворена земја. Дека секој кој сака да инвестира може да инвестира. Па, јас мислам дека Макпетрол најмалку забранува Бритиш петрол или Шел или било која друга светска компанија да дојде тука и да инвестира. Меѓутоа, тоа не се случува. Тука треба да се запрашаме зошто е тоа така? Макпетрол не е тој кој носи закони или вели немојте да доаѓате да

XIV/8.-

ме конкурирате. Ние треба да се запрашаме зошто, тука јас еднаш реков дека во ФАС “11 Октомври” требаше да дојде Мерцедес-Бенс. Тоа го

реков пред 6 месеци. Зошто тој навистина не доаѓа? Тука лежи прашањето што треба ние да направиме тие да доаѓаат и да направат конкурентно стопанство?

Ќе ви кажам нешто, бензиски пумпи, сака Британ-Петрол да дојде, меѓутоа, сака да му се додели земјиште. Да има сигурност во пласманот, сигурност во инвестициите. Каква сигурност ќе има кога секој ден се менуваат некои услови, со заклучоци се менуваат работите.

И друго ќе ви кажам, како да дојде до локација кога јас, претседател на општина Карпош, сите знаеме дека претседател треба за својата територија да знае што се случува, кога зад грб од Министерството за урбанизам се доделуваат локации на луѓе без да знае никој. И на кого ги доделува, ги доделува на своите пријатели, а не на Британ-Петрол и на Шел. Значи, треба да се замислиме дека не е некој друг крив што не доаѓаат и не е Макпетрол што ги штити да не дојде конкуренцијата, па да го разбијат тој монопол. Него, државата треба да обезбеди патишта за да може капиталот да дојде тука.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој друг бара збор? Има збор г-дин Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, Овој Парламент, ова ми е осма година, се разбира, добар дел од тој период претседавав, бев претседател. За целиот тој период ниту јас како претседател, ниту сегашните претседател и потпретседатели, тогашните потпретседатели, ниту пратеник еден на друг се осудил да му ограничи кога треба да зборува. Таа форма на контрола ни најдрските што беа порано, најнасилните, најарогантните, имаше такви луѓе не пробаа да ја направат.

XV/1 СЈ/ПН

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

Прв пат сега ми се случи, мислам се случи, паѓање на еден млад човек што навистина го ценам кој сака да ми го одземе правото кога јас сакам да се јавам, туку треба да се јавам кога тој сака. Мислам дека тоа не е добро, но очекував заради добриот дух, заради добрите обичаи, на крајот на краиштата, заради Деловникот да бидам заштитен, јас, од претседавачот, претседателот на Парламентот не се случи тоа.

Мислам дека без оглед какво мнозинство ќе има некоја партија, многу опасно е да се обиде да става под контрола некое основно право на било кој пратеник. Туку да го оставиме тоа, тоа зборува за некое чувство околу тоа, кој смее, како и кога да каже.

Што се однесува за содржинскиот дел, сакам пак нешто да објаснам. Јас се разбирам зборував за заштита на производството бшдејќи тоа е најголем дел од заштита на стопанството и бидејќи тоа е проблематично во расправата и сакав тој проблем да го осветлаи и да ви го ставам на внимание на сите вас.

Што се однесува до тоа дека светот развивал сега и тоа прераснало во заштита на стопанството, сега се вика.производи и услуги, а не стопанство, нема категорија на заштита на стопанство, туку се штитат прозводите и услугите, мислам дека тоа на сите ви е јасно, а мислам дека го знаеше и г-динот Поповски. Всушност на анализата на овој материјал од Светската банка на кои се повикувам јас, а за кои мислам дека е основа на интерпелацијата зошто е даден интерпелацијата, таму е обработен и секторот на дистрибуција на енергија. Таму е зафатен и "Макпетрол". Според тоа ние ни на кој начин ниту јас ниту на крај на памет не ми е да зборувам како да се заштитува "Окта", дали да се заштитува или да не се заштитува некој во трговија, "Макпетрол" и тн. Според тоа, тоа се инсинуации. Освен другите етикети

што ги добивме овде дека сме никаква партија и треба да ја повлечат тие интер- пелацијата, за жал не чувме ни аргумент.

Навистина ова излегуваше ни е изнудено. Јас немислам дека такви работи кај нас ќе се повторат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-динот Поповски.

**НИКОЛА Г.ПОПОВСКИ:**

Претседателе, мене ми е навистина жал и ова е трето и последно излетување, а втора реплика, меѓутоа, после мојата дискусија г-динот Андов беше 5-ти дискутант од Либералната партија кој се јави за реплика на мојата дискусија и се надевам дека ќе имате разбирање, дека сум доведен во ситуација да ги дообјаснувам работите за кои криво сум толкуван.

Јас ќе повторам зашто тоа е нужно во овој случај ако не се памети, јас не го оспорив правото, меѓутоа, реков дека не е добар начин на однесување така да се прави. Инаку, кажав дека е согласно Делвникот.

Во овој Парламент околу 20-тина луѓе сме од стариот состав, па паметиме кога и јас лично сум лично на 2 наврати враќан од говорницата и за тоа си ги чувам стенограмите, се разбира за вакви состојби во кои г-динот претседател, тогашен, ми има кажано да си седнете на местото вие сте само обичен пратеник и ништо повеќе. Збор имате само јас само

ако јас ви дадам. Тоа исто во рамките на добрите манири на однесување на претседателите на Собранието.

И, уште кога сме кај заштитата на кого и што во државите, исто така и тезата за заштита на производството и услугите е апсолутно застарена, ако акаме точно да знаеме затоа што за светот за кои се повикувате повеќе од 50% се од општествениот производ и од ЦДП. Се формира од создавање пренос и чување на информации или ако сакате поинаку, попластично, знаењето го создава повеќе од 50%, во Европската Унија повеќе од 65%, во Америка и Јапонија 3/4 од општественот производ се создава со знаење, а само 1/3, 1/4 или 40% со сверата на материјалното производство и услугите.

Така да тезата за заштита на производството и услугите на производите е депласирана и повторно треба да застанеме на тезата за заштита на стопанството.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Андов, реплика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира она ќе се памти за кое зборував, тоа е случај овде, тоа е непознато во парламентарната практика, еден пратеник на друг да му кажува кога ќе зборува. Затоа не е еден само Никола на кого сум му рекол кога суб бил претседател, ниту е еден сега на кого г-дин Петковски му рекол да си седне, ако настапот не му е во склад со Деловникот или редоследот итн. Несакам ова да го сватам како Никола да ми памптел па

сега да ми врати нешто, ако не е претседател. Не сум за тоа со Никола да зборуваме што е застарено, што не е застарено. Јас се служам со тоа што е легално, што функционира. Вие убаво знаете дека преговорите за заштиат се за стоки и услуги. Ако услугите некој ги сфаќа само транспорт и туризам како некогаш, тоа е застарено, се разбира но од таму се сите финансиски услови, целото банкарство, сите финансиски услуги, целото осигурување, сите информатички услуги каде што се квалифкуваат како знаење, така да станува збор за лег&лна употореба на инструменти кои се однесуваат на тоа.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор Нано Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

Благодарам претседателе, дами и господа, почитуван министре, после овие бурни дебати на нашите економисти, јас, инаку, цело време размислував и поставував едно прашање дали постои еден социјален влог на оваа интерпелација и за едно чудо очекувајќи дека барем некој ќе го спомне името работник, за жал денеска никој не го спомна тоа име, иако во задницата и на оваа интерпелација е всушност една акција на министерот кој што овозможи на една фирма која се вика Окта да не биде затворена, да биде активна, стопански.

Се прашувам, дали низ целата денешна расправа ние не не пронаоѓаме две концепции, две идеолошки конфигурации, една концепција што се залага за така наречем вид либерализам која што

форсираше ЛДП, која што е мошне бесчуствителна со една малтизијанска опција која дури се обиде да ја истакне Европско-атланската идеја како еден вид изговор за да афирмира, за која што знаеме дека денеска не проаѓа ни во Западна Европа. Имено, како што знаете, партиите кои што беа со похумана опција, со еден похуман социјален и реален пристап всушност успеваат на из борите.

Токму без да навлегувам во поедини настапи, почувствував дека оние кои настојуваат да го одбранат министерот а и неговата кација влегува токму во рамките на оваа хумана опција која што го штити работникот, која што настојува можеби да наведе да одиме кон патот на социјално стопанство, сега не би сакал да елаборирам што тоа значи социјално стопанство, меѓутоа, стопанство пошто секогаш не го гледаш во преден план профитот, економскиот профит. Јас да ви кажам искрено да бев работник во Окта или да бев член на синдикатот на Окта ќе ги соберев работниците и ќе манифестирав пред седиштето на ЛДП.

Мислам дека интерпелацијата ви е мошне нетактични настап, се наоѓаме пред ибори и мислам дека кога тоа би се случило во Западна Европа едно такво ставање под знак на прашалник на една фирма и нејзиното натамошно постоење, значи една остра реакција на сите што се таму вработени. Рековте во Маскпетрол 5.000 семејства. овде колку што ми се моите познавања околу 1.300 семејства живеат од Окта. Ние тргнавме по патот на Европската идеја, на прогресот и тн., меѓутоа сепак треба да имаме некогаш и реалистични чувства за реализам. Неможеме да газиме преку лешеви, за да се постигне нешто што неможе да се постигне преку ноќ.

Целта ми е дека треба освен економските, малку да ги гледаме и социјалните аспекти и во овој случај велам дека оваа

интерпелација имаше еден социјален блок. Конечно, иако јас не би сакал да бидам советодавач на ЛДП, меѓутоа се ближат избори и ставете малку социјална политика во вашите натамошни стратегии. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Живееме во ова време на див либерализам како што кажа еден социјал реалист. Повикува од оваа говорница, вработени луѓе да штрајкуваат. Па, ако не гледаат, вработените луѓе, вие од СДСМ се уништивте. Кај вас треба да дојдат сите луѓе, сите стечајни работници, цела Македонија пред СДСМ, да ве блокираат. И, вие имате право да повикувате граѓани да штрајкуваат. Значи вие сте тие СДСМ ги палите луѓето и правите штрајкови. Како член на СДСМ, високо раководство, ги повикува луѓето да штрајкуваат. Ние во ниеден момент не рековме дека треба Окта да се затвори. Рековме 10 пати дека Окта треба да се модернизира за да може да живее, да спијат тие мирно вработени луѓе. Се најде најпаметниот пратеник, вели, јас да сум на ваше место излезете вработени луѓе, јас сум синдикалист, значи вие ги организирате штрајковите, ќе ги палите луѓето и потоа ќе ги исмејувате.

По вашата логика треба да станат сите вработени во Македонија и да штрајкуваат таму пред СДСМ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Поради карактерот на долгата расправа што се водеше по ова прашање и некои работи што треба да се назначат за кратко што мене ми се суштински во оваа расправа вчера и денес и од некои излагања на некои пратеници овде што изнесоа мислам дека околу суштинското прашање за тоа дали држи интерпелацијата или не држи за министерот за стопанство г-динот Рикаловски. Јасна е аргументацијата, таа е изнесена овде на оваа говорница, пред целата јавнсот во РМ и секој има право да си даде оценка за тоа, нормално, претходно ние пратениците овде во овој Парламент тоа ќе го насправиме.

Но, суштинското прашање овде се поставува интерпелација, знаете како едно од клучните прашања зошто Владата интервенирала во врска со настанатата фактичка состојба од примената ан спогодбата за слободна трговија помеѓу РМ и Република Хрватска во делот на нафтените деривати во РМ. И од резултатите односно така да кажам негативните ефекти што се на тој план согледани вкупно за економскиот и вкупно за животот во Републиката. И, дека тука е вклучниот момент оној што го викаме критичниот момент за кој се обвинува или се покренува прањшање за интерпелација за министер во Владата, нормално преку тоа и за Владата на РМ.

Јас, најискрено да ви кажам мислам дека така поставеното прашање побудува целосни асоцијации дека самата интерпелација е поставена на несериозни основи. Нема друга логика ако некој е повикан и должен како што рече г-динот Никола Поповски да реагира на таквата состојба, за тоа истовремено да биде обвинет. Обвинет поради принципот дека еднаш одлучила Владата, требало тогаш да внимава таа, и тогаш да внимава овој Парламент неводејќи сметка дека како што

нагласи г-динот Стојан Андов дека сите едногласно гласавме аз ратификација на таа Спогодба. И тоа треба вечно така да трае.

Јас само да го потсетам г-динот Стојан Андов со оглед дека на највисокиот акт на Уставот што го носевме во РМ вие како претседтелот на Уставната комисија и како претседател на Собранието овде се вративме една вечер, изгласавме еден член, па другиот ден се повративме па го прегласавме, истиот но со поинаква содржина. И тоа токму заради мнозинството на една политичка друга групација кое беше постигнато со изгласување на тој член со мнозинството на тогашните реформски сили на СФРЈ за Македонија и тн., како се викаше.

И уште еден момент, само после 2 месеци ние во истот Парламент изменивме член од Уставот на РМ и тоа внимавајте мотивите беа исто така дека на тој начин се загрозуваат државно правните интереси на РМ во тогашната временска проекција дека со тоа неможе да ја оствари својата државна самостојност, самосталност и т.н., дека немаш да се интаблира како самостојна држава во рамките на меѓународната заедница. Јаки мотиви, како и аргументи. И како што се јаки мотивите и аргументите, што беа изнесени овде во прилог, во врска со измената на режимот, од ЛБ на ЛБ-7 .

Јас се надевам дека тоа е основниот принцип од кои ќе тргнуваат и сите можни други одговорни субјекти во оваа Република и камо среќа да тргнуваат така, првенствено д аги заштитуваат високите државни интереси на Републиката и што поблаговремено да го прават тоа. Камо среќа да сме реагирале по безброј други ситуации коа не сме реагирале и ние како Парламент, а и други државни органи тогаш сме пропуштиле работите да течат онака како што требало да течат па нанселе последици поголеми или помали кои се одразиле на поширок и економски и општествен план во Република Македонија.

XV/9

Мислам дека тоа прашање треба да се расчисти и треба да биде сосема јасно.

Второто прашање беше овде спомнато од еден дискутант дека во врска со состојбите во јавното претпријатие за аеродромски услуги “Македонија” всушност од неговиот поранешен директор, а јас како тогашен член на управен одбор, морам да кажам, еве во оваа прилика, јас и денеска тврдам дека директорот тогаш не поднесе оставка поради повикот што беше овде даден, туку поднесе оставка токму поради состојбите што ги остави таму. А јас ќе изнесам само две конкретни состоби, но претходно барам да се ослободам од имунитетот за да евентуално, ако изнесам лага да се заштити човекот.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:** (продолжение)

Господинот замина од директор на јавното претпријатие, а нас на Управниот одбор ни поднесе лажна завршна сметка, каде што една авио компанија која користела услуги во претходната деловна година воопшто не беше евидентирана во сметководството дека направила трошоци према Јавното претпријатие некаде во износ од 600 - 650 илјади германски марки. После заминувањето на генералниот директор тоа е откриено и благовремено е наплатено. Тоа постои во завршната сметка за претходната година дека воопшто не е евидентиран тој приход и воопшто не се евидентирани тие услуги.

Втора работа, веднаш после неговото заминување фалирана е една авио компанија која и денеска долгува 6,5 милиони германски марки на јавното претпријатие, од долгови настанати во неговото работење кои не можеа на никаков начин да се наплатат. Тоа се два ноторни факти. Јас не би станал во оваа позиција, ниту тогаш кога се зборуваше од оваа говорница, кога се расправаа двајца пратеници околу тоа прашање, но, да се изнесуваат навистина невистини по тоа прашање, мислам дека треба да се каже вистината. И никогаш не би го споменал овде доколку не се товари тоа на туѓ грб, но на кој совеста треба да проработи, па човек треба да застане, јас не знам кого да идентификувам таму во одбрана на некои други субјекти но, треба да се каже вистината.

Јас мислам дека аргументацијата целосно е исцрпена околу ова прашање и непотребно сега веќе навлегуваме во други води, еве и со вакви расправи, меѓусебни расправи и потегнуваме странични прашња и ред е да завршиме околу оваа работа. Благодарам на вниманието.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Методата напад најдобра одбрана е позната метода и веројатно мисли да профитира господинот Наќе. Заради јавноста и заради дигнитетот свој морам да демантирам.

Прво, не постои таков случај во кој има утаја, како што рековте 600 или повеќе илјади марки. Вие тоа сакате да го прикажете така. Се обидовте и преку, она време и афера од тоа да правите. Верувам дека органите сте ги ангажирале за таа работа и тие направиле увид. За ваша информација, ако дозволи претседателот на Собранието јас ќе ги доставам сите контроли што се направени од службите за девизно, финансиско и друго работење. Тоа е тоа во врска со моето директорување таму.

Не знам зошто ме ставате во корелација со затварањето на една авио компанија, која од афпект на економијата е фактички еден злочин особено овде ако го следевте делот на излагањето на министерот за финансии кој укажуваше дека оние кои многу должат ако се примени логиката на затворање можат брзо да се затворат. Тоа беше една политичка одлука зад која веројатно некој стои и еден ден веројатно ќе се знае зошто. Затоа што ако добро се сеќавате, а се повикувате дека сте биле член на управниот одбор, знаете дека е истиот управен одбор кој донесе одлука за репрограмирање на долговите на авио компаниите и тој во нивниот дел се исполнува.

Проверете ги сега приходните страни на Јавното претпријатие и ќе видите дека само тој дел се исполнува. Тековните обврски авио компаниите не се во можност да ги наплатуваат.

За ваша информација да ве потсетам дека Јавното претпријатие во годините 1993, 1994, 1995, кога јас го водев беше едно од најуспешните. Колку што јас се сеќавам 1993 година беше најуспешно претпријатие во Македонија по некое рангирање што го прави Заводот за платен промет.

Ако ви ги дадам извештаите ќе видите дека тие работи не биле без основа ако споредите сега која состојба е затекната во претпријатието, па ќе можете да направите и компарација.

Јас укажав на тоа дека кога се побара од мене оставка, се побара од едни, така да кажам, позиции кои за еден влијателен пратеник во СДСМ претставува разлика во сфаќањето на кадровската политика. А тоа беше да ве потсетам, од позиција на директор на Јавно претпријатие и како пратеник, бидејќи тогаш не беше закон со кој се спречуваше тие две функции наеднаш и не сум имал доблест да се воздркам од критики на Владата. Бидејќи се најдов со ситуација дека има резон таквото размислување да ми се префрли јас направив така како што мислам. Дека вие не сте доследни покажува тоа што сегашниот директор на Аеродромот Скопје е пратеник од СДСМ. Тоа не се коси директно со законот за јавни претпријатија, меѓутоа по мое длабоко убедување се коси со тогаш, поводот или политичката иницијатива за неспоивоста што беше кажана.

Според тоа, многу се големи разликите господин Наќе. Мене ми е жал што можам да кажам дека огромни загуби трпи авио сообраќајот. Како што овде зборувавме за енергетскиот систем морам да ви кажам дека таму владее хаос, нема стратегија дека безбедноста на авио сообраќајот е исто така дискутабилна, дека финансиските токови се многу чудни, а кога посочив на состојби не појдов јас од некој мои лични приватни сознанија. Погледајте го извештајот на Комисијата на Владата за јавни набавки во Јавното претпријатие во периодот 1996,1997 и 1998 година. Погледајате го тој извештај на владина институција и на база на тоа земете обврска. Тоа што вас Ви завршија работа, јас не прифатив, внукот ваш да работи, што Ви завршија веднаш кога се тргнав тоа Ви е нус ќар од таа работа и јас не можам во тоа да навлегувам. Според тоа ако се сложивте да го симнете имунитетот ќе оценам од стенограмот и

начинот и последиците кои за мене, како за јавна личност ги имам па ќе се најдеме таму каде што треба да се најдеме.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас не станав овде да профитирам. Јас навистина еден во ходникот ми даде пари, но ми должеше човекот 6 месеци. Видоа неколку пратеници и ме прашаа. Но јас можам директно да Ве прашам. Колку профитиравте вие со одењето за заменик директор во Макпетрол. Ја покренавте темата за споивоста на пратеничката функција и вршење воопшто на јавните функции со вршење на некои други дејности. Ако Вие имате доблест одовде да кажете дека сегашниот директор на Аеродромското претпријатие, кое нема врска со јавно претпријатие, тоа е организациона единица, но што во принцип се согласувам со Вас и многу пошироко по тоа прашање, но треба да тргнете од личниот пример. Не можете да бидете акционер со 300 или 400 илјади марки во Макпетрол и заменик генерален директор, а истовремено да кажувате за доблеста дека некој ја вршел функцијата таму на друго место. Всушност ние тоа прашање треба да го решиме принципиелно овде со законски акт. Јас тврдам дека основната фалинка и за оваа конкретна интерпелација е токму тоа прашање што не е длабоко решено прашањето за неспоивоста на функцијата конкретно на пратеник и вршење на други јавни функции со вршење на други дејности. Ако вие директно не сте инволвирани во конкретната фирма со свои лични интереси никогаш немаше оваа интерпелација да ја поднесете. Затоа што постојат и други безброј примери за кои можеше да се побара интерпелација во делот на пореметени економски односи, или неадекватни одлуки на Влада, а вие си молчите. Немавте личен мотив. Но, кога личниот мотив е појак и делувате како делегати на здружениот труд тука тогаш го покренувате прашањето и еве расправаме два дена околу таа работа.

XVI/5

Втора работа, јас изнесов само два факти во врска со вашето конкретно работење во Јавното аеродромско претпријатие. Сега не барам од Вас да поднесете кривична пријава против мене, јас ќе поднесам против Вас за тие два факти.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Во интерес на јавноста на искажаните работи, прво јас сум помошник генерален директор во Макпетрол. Макпетрол е приватна фирма и нема никаква законска пречка по основ на законот за јавни претпријатија, тоа се две различни работи.

Второ, јас сум директор таму, меѓутоа, јас немам акции во Акционерското друштво сеуште, затоа што според логиката на законот покасно сум дојден и откако ќе излезе овој циклус со приватизацијата со акциите на берза ќе имам право како сите граѓани да купам и да бидам акционер на Макпетрол. Јас сум сега во менаџерскиот тим на Макпетрол. Тоа е вистината и добро е тоа да се знае.

Навистина се прашувам колкава е таа храброст кога треба да се дојде три години после откога сме го напуштиле Јавното претпријатие, вие како член на Управен одбор и јас како поранешен директор и тука јавно да ми претите со кривична пријава. Тоа е навистина еден голем преседан. Јас Вас Ви укажав на клевета. На тоа ви укажав затоа што вие во подготовки на овој состанок сте можеле истите исвори, документи итн. да ги користите по основ на завршна сметка, по основ на ревизија итн, итн. Не верувам дека можете да ми наштетите, меѓутоа малку ме иритира. Тоа би било во основа што, не што ве немаше, второ јас не сум потписник на интерпалацијата. Јас не сум потаписник на интерпелацијата, а работам во еден сектор за кој мислам дека некакви сознанија имам и можам да придонесам, како што рече министерот дека дел од дискусиите, иако се работи за интерпелација придонесоа за

темата да се проговори со аргументи итн. итн. Не знам зошто ме земавте мене за мета, дали долгот Ви бил голем или мал незнам. Јас би Ве замолил да ме ослободите од притисок.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, дами и господо пратеници.

За парламентарната група на СДСМ е неприфатлива интерпелацијата за работата на министерот за стопанство, господинот Бориб Рикаловски, поднесена само од група пратеници на ЛДП. Значи ќе гласаме против интерпелацијата. Дозволете да ги изнесам причините за ваквиот став на парламентарната група на СДСМ.

Доколку се навлезе подлабоко во содржината и целите на образложението на интерпелацијата ќе се забележи, најблаго речено дека работите односно целите се помешани, па не е јасно што сакаат нејзините подносители. Дали да падне министерот, дали Владата или рафинеријата ОКТА.

Имено, како што можевте да забележите образложението на интерпелацијата така да режам "врие" од бројки со кои подносителите од петни жили се обидуваат да го убедат Собранието на Република Македонија односно граѓаните дека рафинерија ОКТА е нерентабилна, дека нејзините работници живеат на грбот на државата, односно граѓаните дека е еколошки загадувач итн. Заклучокот се наметнува сам по себе на ОКТА треба да и се стави катанец, а вработените да ги пратиме во Бирото за вработување. Што би добиле со таквиот потег? Државата и подносителите на интерпелацијата односно оние во чие име е поднесена таа. Одговорот е јасен и недвосмислен. Би добиле куп железо од рафинериските постројки, значаен број на безработници, а

наспроти тоа би останала фирмата дистрибутер на увозните нафтени деривати кој од својата монополска положба и таа и тие што стојат зад неа до сега, а и во иднина очекуваат добро да се офајдат.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Оттука Интерпелацијата би ја оквалификувал како своевидна политичка мимикрија, зад која се крие желбата за политичко и економско профитерство. Со тоа на пластичен начин се разоткрива како ЈТДП мисли да го штити домашното производство, а за што во континуитет и кога беше во Владата и сега како опозиција упатува жестоки критики на актуелната власт. Значи, како што велат подносителите на Интерпелацијата тие ќе се откажат од секое домашно производство кое е поскапо од она што може да се добие на светскиот пазар. Според таа логика, Македонија би морала да се откаже од производството, да речеме на раноградинарски производи, од производството на ориз на тутун и што уште не, бидејќи не е исклучена можноста овие или дел од овие производј да се најдат поефтини во странство. Лично мислам дека и на обичниот граѓанин му е јасно оти за целата оваа работа стои чувството на загрозеност на личниот и теснопартискиот интерес на ЛДП, желбата и по цена на уривање на еден значаен, би рекол стратешки и индустриски објект како што е Рафинеријата ОКТА, да се заштити лесниот начин на доаѓање до профит по принципот купи препродај. Со тоа ЛДП практично покажува дека и е најмалку до тоа да го штити домашното производство во услови на пазарна економија, да го штити интересот на државата и на граѓаните На колегите од ЛДП очигледно примарен и е профитот на фирмата зад која стојат, а преку неа и на луѓето кои директно или индиректно управуваат со неа .Или речено наједноставно, ним барем во делот на петробизнисот не им одговара основниот пазарен принцип, конкуренцијата Поточно тие се за тоа ако е можно овде воопшто да не постои конкуренција, нешто слично на раниот капитализам и првобитната акумулација на капиталот.

Да заклучам. Во овој дел од дискусијата се стрела неосновано во министерот за стопанство, речено со шаховски жаргон да се матира ОКТА.

Интерпелацијата е збунувачка уште по неколку други работи. На пример во образложението можете да прочитате дека подносителите на ИНтерпелацијата го обвинуваат министерот Рикаловски за неподмирени обврски на ОКТА кон државата. Незнам колку држат тие работи, но знам дека за тоа не е надлежно Министерството за стопанство, туку друг ресор.

Понатаму, го обвинуваат министерот Рикаловски за застареноста на рафинериските постројки на ОКТА. Белим не мисли ЛДП дека министерот за стопанство треба да трча од фирма до фирма, да купува нови технологии за да се држи чекор со современите светски достигнувања. Тоа е одговорност на менаџерските тимови на фирмите. Па и најразвиените и најдобро стоечки фирми не ја менуваат технологијата со секој нов пронајдок, ниту пак само Рафинеријата е таа што заостанува на тој план.

Меѓутоа, да не бидам погрешно сватен. Ова не значи моја и на СДСМ заложба дека сме против осовременувањето на технологијата воопшто. Напротив, сметаме и се залагаме за современи технологии, бидејќи тоа е еден од клучните лостови на развој и напредок.

Тука веднаш да додадам. Според мои информации кои не мора да бидат точни, меѓутоа, за време на важењето на овој член во врска со оваа спогодба, некаде Макпетрол има инкасирано профит од 6 до 8 милиони долари. Мислам ред би било веќе ако и они на некој начин се за заштита на домашното производство, дел од таа добивка можеие да бидс насочена токму на осовременувањето на овој голем стратегиски

објект за кој според податоци изнесени од банка е дека тој токму заради тие причини на некој начин треба да запре со производството.

Следното обвинување, заклучокот на Владата за контролиран увоз на нафтени деривати од Хрватска, каде е познато дека посебен интерес и привилегија има фирмата зад кои стои ЛДП, наводно според подносителите на Интерпелацијата, со овој заклучок на Владата се суспендирани правата и обврските на правни лица воспоставени со закон и со тоа е нанесено штета на економските односи меѓу Македонија и Хрватска. Господа пратеници тоа е заклучок на Владата а не на министерот за стопанство и така треба да се третира. Ако е вистина дека е нанесено штета на нашите економски односи со оваа држава, тогаш тоа во прв ред е одговорност на Владата. Меѓутоа, колку што јас имам сознание економските односи со Хрватска и не само тие, со ништо не се загрозени. Дури би додал дека тие се одвиваат во саканиот правец.

Во овој контекст за мене посебно збунувачки е фактот што ЛДП искажува толку голема загриженост за угледот на Владата што експлицитно извира од образложението на интерпелацијата, ако се знае дека оваа партија е жесток критичар токму на сегашната управа, па се прашувам дали не е тоа додворување со однапред пресметана цел да се избори поволна позиција за сопствениот, било економски, било политички интерес на една група во ЛДП и на целата партија.

И на крајот, за мене уште една дилема или прашаше, а верувам и за многумина овде. Ако е толку голем престапот на господинот Рикаловски како министер за стопанство, со што според ЛДП и нанесува огромни штети на државата и нејзините граѓани, се прашувам зошто како потписници се јавуваат само седум членови на Парламентарната група на оваа партија, а не да речеме целата група, или барем мнозинството. Дури не е потпишан и координаторот, односно шефот на прате- ничката

група. Оттука и прашањето дали оваа група на потписници на Интерпелацијата не манипулираат со ЛДП како партија и со нејзината парламентарна група или пак обратно, тие да се маша на бизнис петрол крилото во рамките на ЛДП.

Според тоа, да заклучам Интерпелацијата за работата на министерот за стопанство поднесена од група пратеници на ЛДП за парламентарната група на СДСМ е без основа, би рекол брзоплет политички потег со јасни, во прв ред економско профитерски цели. Како таква Интерпелацијата за СДСМ не е ништо друго туку обичен политички блеф, или како што народот би рекол утка, со идеа материјални политички да се профитира на наредните парламентарни, би рекол претседателски избори.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Јас на широко зборував за аргументите заради кој сум пот- писник на оваа Интерпелација и мислам дека јасно зборував и ме разбрав- те.

Колку тие аргументи наши што ги изнесовме за Интерпелацијатг се јаки или не се јаки, ќе оценат тие што ги слушаат. Меѓутоа, јас пак не знам кои се аргументите на одбрната. Јас не слушнав ни еден аргумент на одбраната освен дека сме ние партија што заштитуваме нечии интереси, интереси на некоја фирма, или дека сме партија на Макпетрол. Јас друг аргумент навистина не слушнав. Сега незнам кој е тој начин на однесување. Се импутираат некои работи што некој не ги рекол за да се придобијат некој си поени. Сега можеби со тоа некого и ќе залажете можеби од тие 1300 работници во ОКТА ќе добиете некој гласови, ама како ќе ја залажете армијата од 350.000 невработени.

Сега навистина се чудам,она што го зборував, толку јасно го зборував, дали некој навистина не го разбира, или не сака да го разбере.

XVII/5.-

Јас сега вас ве прашувам. Дали сметате како парламентарци дека Владата на РМ со заклучок може да менува закон што вие и ние сите заедно сме го донеле овде. Јас тоа го зборував за да го подигнам дигнитетот на ова Собрание, за да не дојде Владата врз Собранието како највисок законодавен дом. Па ние донесовме закони, закони носиме и сега и ако вие се согласувате дека Владата може со заклучок да менува наш закон јас навистина незнам што понатаму.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Недоминливо е господинот Маркс од СДСМ да се искоментира.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте, ајде бидете коректни спрема своите колеги, ве молам.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Единствено што во однос на тоа ќе искажеме е дека толку поставуваното прашање на тоа што е толку заинтересираноста голема од пратениците и пратеничката група на ЛДП по однос на интерпелацијата без претензии да ги повторувам аргументите искажани во дводневната расправа, само ќе истакнам дека најверојатно не сака да се слуша и разбере она што тука се искажа како заложба на Пратеничката група на ЛДП а тоа е за функционирање на правната држава за афирмација на контролната функција и надзор на Парламентот врз Владата и ресорното министерство во делот на еклатантен пример, со заклучок да се суспендира ратификуван закон, донесен баш од овој Парламент.

Од страна на неколку претстанвици на ЛДП се искажа, исто така што е пропуст во политиката на извршување на ратификуваниот договор од Владата, а тоа е дефинирањето со програма на она што значи

утврден интерес на заштита на домашното производство, упорно се избегнува да се признае и да се одговори, како едно многу битно прашање недвосмислено се искажа дека заложбата е, покрај овие два горе наведени факти да се обнароди она што е фактичка реалност да не биде заштита на домашно производство, не заради тоа што нас не напаѓаат, заради тесно партиски интереси, туку заштита заради исти такви тесно партиски интереси на СДСМ што нешто се одржува, што е реално, работи со загуба во супстанца, за што се користат и буџетски средства, без контрола, без одлуки за тоа и тн.

Иако Ве интересира на крајот исто така свесни за надгласувањето по ова прашање, интерпелацијата и цлеокупната расправа е еден прилог со алтернативно застапување на претставниците на ЛДП како тие го имаат визионирано она што значи функционирање на правна држава она што значи слободна трговија со, еве регионалните соседни држави и тоа е во прилог на било какво, од друга страна бранење на она што се факт и аргументи изнесени од наша страна, фактички значи прилог кон паѓањето на СДСМ на наредните парламентарни избори.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали можам да констатирам дека веќе никој не бара збор?

(Да)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот. Молам пратениците да влезат во салата.

Интерпелацијата за работата на членот на Владата и министерот за стопанство, Борис Рикаловски ја ставам на гласање.

Ве потсетувам дека за Интерпелацијата Собранието одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

XVII/7

Кој е за Интерпелацијата, молам да крене рака? (14 пратеници)

Дали има некој против? (56 пратеници) Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеници) Констатирам дека Собранието не ја прифати Интерпелацијата за работа на членот на Владата на Република Македонија и министер за стопанство Борис Рикаловски.

Претпоставувам дека немаме сили да продолжиме со работа.

Продолжуваме со седницата во вторник, во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 19,05 часот).